**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1113**

**Скопје, 15 декември 2015 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

Ул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**

**проф. д-р Велимир СТОЈКОВСКИ, ректор**

**Уредник на Билтенот: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска - Цветановска**

Бр. ___________

_5.8. 2013_

Скопје

**Предмет: Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ**

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги доставaт на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.

Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви '***g***', '***ū***', '***ш̄***', '***ī***' може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето '`' во македонска поддршка да се добие знакот '**è**', а при притискање на копчето '~' во македонска поддршка да се добие знакот '**ѝ**'.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на веб-страницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: t.basevski@ukim.edu.mk (so mali bukvi).

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**Проректор**

**Проф. д-р Коле Василевски**

Изготвил:Т.Б.

Одобрил:К.М.

**Содржина на Билтен број 1113 од 15 декември 2015 година**


**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијанито на царинската политика врз македонските надворешнотрговски перформанси** од **м-р Златко Ветеровски,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје............7-16
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Станка Минчевска, Тања Хаџиевска, Дијана Стојановска, Ирена Лакоска, Виолета Трајковска, Гордана Стоева, Предраг Шапчевски, Стефан Јакимовски)**..........................................17-18

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје **(Никола Беќиров, Ивана Видовска, Никола Николов)**..........................................................................................................19

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на 4 асистенти-докторанди по предметот инфективни болести на Медицинскиот факултет во Скопје **(ас. Д-р Марија Димзова)**.............20-24
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Утврдување на степенот на подготвеност на медицинските микробиолошки лаборатории од јавноздравствениот сектор во РМ за примена на стандардот ISO 15189:2012** од **м-р спец. Евгенија Кироска-Петреска**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје......................................................................25-31

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје **(Љуљета Азизи)**.......................32

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Рецензија на ракописот за учебникот **Авторско право** од авторите **д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска** и **д-р Валентин Пепељугоски,** пријавен на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје .......................................33-36
2. **Исправка** на Рецензијата за оцена на темата за докторска дисертација **Финансиско учество на вработените во работењето на друштвата** од **м-р Самир Латиф,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје објавена во Билтенот бр. 1112 од 1.12.2015 година.......................................37

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент од областа од областа на сеизмологијата во Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(м-р Јасмина Најдовска)**..................................................................................38-42
2. Реферат за избор на асистент од областа од областа на сеизмологијата во Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(м-р Катерина Дрогрешка)**...........................................................................43-46

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Клиничка кариологија и терапевтски постапки** од автрите **проф. д-р Лидија Поповска** и **доц. д-р Илијана Муратовска** Стоматолошкиот факултет во Скопје ..............................................................47-53

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област маркетинг-менаџмент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје **(д-р Благица Сековска)**.......................................................................................54-70

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Примена на упатувачки мрежни протоколи за управување во цивилен воздушен сообраќај** од **м-р Драгољуб Патчев,** пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.........................................................71-80
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област телекомуникации на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје **(д-р Славче Пејоски)**........................81-92

**ФАКУЛТЕТ ЗА МЗУИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Преглед на прифатен наслов на композиција за изработка на магистерски труд на Факултетот за музичка уметност во Скопје **(Теа Богатинова)**.......................93

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијание на експлозивната сила врз ефикасноста на резултатите во спринтерските трчања кај ученици од 14 – годишна возраст** од **м-р Астрит Исени,** пријавена на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје.......................94-97

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Етичкиот профил на социјалниот работник и современите трендови во социјалната работа,** од **м-р Билјана Нацковска – Вељковиќ,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.........................................................................................98-101
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(Марина Ѓоргиевска, Слободан Марковиќ, Тијана Петковска, Ана Петреска, Кире Медарски, Ивана Клопчевска, Анастасија Чочовска, Христина Ивановска, Јовица Антовски, Јасмина Рафајловска )**.......................................................................102-103

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) наука за јазикот - англистика на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(д-р Мери Лазаревска)**..................104-114

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Сања Трајковска, Никола Денковски, Кристина Димитриевска, Милкица Панева, Сашо Гулевски, Вања Илијева, Елеонора Трајановска, Анита Кесковска, Бети Симјаноска-Трајчевска, Билјана Ристова, Борче Крстевски, Билјана Марковска, )**..............115-118

**ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) лозарство на Земјоделскиот институт во Скопје **(д-р Климе Белески)**........................................................................................119-129

**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Институтот за македонска литертура во Скопје **(м-р Златко Поповски, м-р Радомир Поповски)**..........130
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за македонска литертура во Скопје **(м-р Златко Поповски, м-р Радомир Поповски)**..........131

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(Снежана Стефановска, Јасминка Аневска, Надица Мушијан)**..........132

# РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА ЦАРИНСКАТА ПОЛИТИКА ВРЗ МАКЕДОНСКИТЕ НАДВОРЕШНОТРГОВСКИ ПЕРФОРМАНСИ“ОД КАНДИДАТОТ М-Р ЗЛАТКО ВЕТЕРОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 30.10.2015 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Златко Ветеровски со наслов ,,Влијанието на царинската политика врз македонските надворешнотрговски перформанси“, во состав: академик Таки Фити (претседател), проф. д-р Ирена Кикеркова (ментор), академик Гоце Петрески (член), доц. д-р Катерина Тошевска Трпчевска (член) и проф. д-р Љубица Костовска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Златко Ветеровски, со наслов ,,Влијанието на царинската политика врз македонските надворешнотрговски перформанси“, содржи 263 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman (кирилична поддршка), со 1,5 проред и големина на букви 12, со вкупно 437 фусноти, 18 табели, 10 графикони, 93 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во пет глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата што е обработена во истражувањето. На крај, во анекс е приложен прашалникот што кандидатот го користел за истражувањето и оценката на влијанието на електронските царински постапки и царинската политика и идни насоки за натамошниот развој во Република Македонија

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатот укажува на исклучителното значење на можноста за намалување на трошоците од надворешната трговска размена на стоки како резултат на целосното спроведување на новата Спогодба за олеснување на трговијата на Светската трговска организација. Посебно се образложува значењето на примената на оваа Спогодба во нашата земја, како и непопходноста од соодветни капацитети и финасиски средства за нејзино целосно ставање во функција.

**Првата глава** со наслов „Царинската политика како дел од надворешнотрговската политика“ се состои од пет потточки што се фокусираат на улогата и значењето на царинската политика, од една страна, и на царинското законодовство, од друга страна. Во рамките на царинското законодавство, посебно место ѝ е дадено на царинската тарифа, како најважен инструмент на царинската политика. Овде особено внимание е посветено на царинското вреднување на стоките во системот на СТО, како основен предуслов за правилна примена на царинската тарифа и обезбедување на соодветна заштита од странска конкуренција за домашните производи. Воедно е потенцирано дека во меѓународната трговија, царинската администрација има клучна улога не само во обезбедување брзо царинење на стоките, туку и во спроведувањето на

ефикасна контрола што треба да обезбеди правилна наплата на приходите, почитување на националните закони и безбедноста и заштитата на општеството.

Во **втората глава** со наслов: „Развојот на царинската политика и влијанието на меѓунродното окружување" се елаборираат позначајните теоретски стојалишта во однос на царинската политика и принципите и правилата на мултилатерализмот. Во современи услови повеќе никој не го оспорува значењето на меѓународната размена како еден од основните предуслови за зголемување на благосостојбата на секоја одделна национална економија, но и на меѓународната заедница во целост. Мултилатерализмот конечно се презема како основен концепт на регулирање на меѓународната стоковна размена иако во меѓународните економски односи се појавил и се применувал уште во средината на деветнаесеттиот век, но само во сферата на услугите. Мултилатерализмот денес се спроведува од страна на СТО и во сферата на стоковната размена и во сферата на размената на услугите и служи како рамка за заштита на правата на интелектуалната сопственост.

Во доменот на стоковната размена, најважната мултилатерална спогодба во рамките на СТО и понатаму останува Општата спогодба за царини и трговија, позната под кратенката ГАТТ. Но, на изменетите принципи и правила на кои се темели оваа Спогодба во современи услови, се надоврзуваат и одредбите на повеќе меѓународни конвенции донесени под закрилата на Светската царинска организација, како што се: Меѓународната конвенција за Хармонизираниот систем на имињата и шифрените ознаки на стоките, Меѓународната конвенција за поедноставување и хармонизирање на царинските постапки – Ревидираната Кјото-конвенција, Рамката на стандарди – САФЕ за обезбедување и олеснување на глобалната трговија, Конвенцијата за привремен увоз (Истанбулска конвенција) и Конвенцијата за контејнери. Сите поважни аспекти на новиот ГАТТ, како и на претходно наведените меѓународни конвенции, се обработени во оваа глава.

Развојот на мултилатерализмот и спроведувањето на мултилатералниот трговски систем во рамките на СТО резултирал со значителна либерализација на трговската размена, што била постигната преку значително намалување на царинските стапки и кај земјоделските и кај неземјоделските производи, како и со елиминирање на употребата на дел од квантитативните трговски инструменти, пред сѐ на стоковните контингенти. Но, и покрај неспорната заслуга на СТО од апект на постигнатата трговската либерализација, неоспорен факт е појавата на зголемена употреба на т.н. нецарински инструменти од земјите-членки и спречувањето на понатамошната либерализација. Ова претставува сериозен проблем со кој членството на СТО допрва се соочува, започнувајќи од дефиницирање на нецаринските бариери, нивна идентификација и мерење на нивното влијание врз трговијата. Притоа, сосем е извесно дека традиционалните инструменти што лесно се идентификуваат, како што се количинските ограничувања и забраните, исчезнуваат од употреба токму благодарение на мултилатерланите преговори и зајакнувањето на мултилатералните дисциплини. Но, нивното место сѐ почесто го заземаат т.н. нетрговски бариери, што досега не биле соодветно третирани во економската литература, најмногу затоа што се тешки за идентификување и мерење. Воедно, најголемиот дел од нив воопшто не се офатени во системот на СТО. Оттука и неопходноста од носење на новата подспогодба во рамките на ГАТТ и СТО, Спогодбата за олеснување на трговијата. Токму со нејзина анализа и анализа на поважните нетрговски бариери завршува втората глава од докторскиот труд.

Во **третата глава** под наслов: „Царинската политика на Република Македонија во контекст на мултилатералниот трговски систем", се елаборирани инструментите на царинската политика на нашата земја и нивната усогласеност со принципите на Светската трговска организација. Главни фактори што влијаат на царинскиот и трговскиот систем

на Република Македонија се договорите на Светската трговска организација и сегашните и идните трговски односи со Европската унија. Република Македонија е членка на Светската трговска организација од април 2003 година и од тој период извршила низа реформи на политиките што се однесуваат на трговијата со стоки и на царинската политика, со цел усогласување на домашното законодавство во согласност со барањата и принципите на СТО и *Acquis communautaire* на Европската унија.

Третата глава посебно ја анализира усогласеноста на македонската Царинска тарифа и на царинското законодавство со принципите на СТО, постојните нецарински бариери во македонскиот царински систем и нивната усогласеност со принципите на мултилатерализмот, царинските постапки што се предвидени со Царинскиот закон и воведените можности за користење на т.н. поедноставени царински постапки.

**Четвртата глава** со наслов: „Улогата и значењето на царинската администрација во спроведувањето на царинската политика во Европската унија" врши компаративна анализа на ефектите од приспособувањето на царинското законодавство на Република Македонија кон она на Европската унија, што произлегува како неопходност од кандидатскиот статус на нашата земја за членство во Унијата. При пристапувањето во Европската унија, Република Македонија ќе се соочи со сериозни предизвици врз царинската политика што произлегуваат од постојното законодавство и практиката за регулирање на царинската политика на Европската унија. Влијанието се однесува на трите области на царинската политика, и тоа на царинското законодавство, царинската администрација и царинската тарифа. За спроведуваењето на царинското *acquis*, потребно е Република Македонија да поседува ефикасна царинска администрација, способна да обезбеди правилна и униформна примена на царинските правила и, онаму каде што е потребно, други одредби што се применуваат на стоките што се под царински надзор. Заради успешно спроведување на царинското законодавство, на царинската администрација ѝ е потребна широка моќ и овластувања за контрола, додека во исто време економските оператори треба да имаат право на жалба во однос на спроведувањето на царинските постапки. По пристапувањето во Европската унија, Република Македонија ќе мора да ја применува Заедничката царинска тарифа на ЕУ кон трети земји, што во просек е пониска од постојната царинска заштита во Република Македонија во делот за индустриските производи. Со оглед на очекуваното движење на економската активност, вкупниот увоз и структурата на увозот по земји, примената на заедничката царинска заштита би можела да доведе до намалување на царинските приходи во националниот буџет.

**Петтата глава** со наслов: „Неопходност од воведување на е-царина и влијанието врз македонските надворешнотрговски перформанси" прави анализа на електронската царина и бесхартиените постапки како главно развојно средство на царинската политика. Со поедноставувањето на царинското законодавство, поедноставувањето на царинските постапки и нивното целосно поврзување со информатичките системи, се придонесува за остварување на заштеди за трговците во време и пари при извршувањето на трансакциите со царинската администрација. Со ова се придонесува за подобрување на конкурентноста на македонските надворешнотрговски перформанси и за остварување на глобалните цели за раст и развој. Дополнително, тие се очекува да придонесат за подобрување на сигурноста и безбедноста во надворешната трговија од која ќе има полза целото општество. Во Република Македонија има многу малку информации за ефективноста и ефикасноста на електронските царински постапки во надворешнотрговското работење. Истражувањето направено во оваа докторска дисертација е прво спроведено истражување за влијанието на електронските царински постапки. Случајниот избор на економски оператори што го добиле прашалникот бил добиен од список од 712 економски оператори што биле вклучени во

надворешнотрговската размена (увоз и извоз на стоки) со вкупна вредност над 1 милион денари. Прашалникот бил испратен на 200 економски оператори. Економските оператори биле контактирани по електронска пошта или им биле доставен прашалник во печатена верзија. Подоцна испитаниците биле контактирани по електронска пошта или по телефон доколку биле потребни дополнителни информации или објаснувања. Одговор на прашалникот бил добиен од 82 економски оператори, што претставува стапка на одговор од 41%, доволна за спроведување на анлиза од репрезентативен примерок. Одговорите се обработени преку статистички систем за анализа на податоци и е изработена дескриптивна статистичка анализа. На тој начин се обезбеди одговор на следниве истражувачки прашања:

1. Кои се карактеристиките на електронските царински постапки во Република Македонија?
2. Колкаво е нивото на знаење и прифаќање на електронските царински постапки од учесниците во надворешнотрговското работење?
3. До која мерка праксата во тековните електронски царински постапки во Република Македонија кореспондира со европските трендови и модерните царински постапки?

Заклучните согледувања претставуваат сублимирање на теоретските аспекти и синтеза на резултатите од компаративната и емпириската анализа од кандидатот како основа за дефинирање на идните насоки, можности и перспективи за улогата и влијанието на царинската политика врз надворешнотрговските перформанси на Република Македонија. По заклучните согледувања следува прегледот на користената литература и анексот со прашалникот што се користел за спроведување на истражувањето во рамките на докторската дисертација.

## Предмет на истражување

Предмет на истражување се теоретските стојалишта за карактеристиките, значењето и улогата на надворешнотрговската политика, како и компаративна и емпириска анализа на практичните искуства за примена на царинската политика во различни земји, вклучувајќи ја и Република Македонија.

## Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Во актуелниот момент, подрачјето во кое е работена докторската дисертација доаѓа во фокусот на вниманието заради огромните промени што се случуваат во мултилатералниот трговски систем заради новата Спогодба за олеснување на трговијата во рамките на ГАТТ и СТО, како нова мултилатерална спогодба што ќе има обврзувачко дејство за сите членки на СТО од 2017 година. Оваа Спогодба беше прв пат предложена во декември 2013 година во т.н. Бали- пакет на СТО. Оттаму, претставува голема новина во надворешнотрговското работење и наметнува значајни измени и потреба од приспособување на царинските полтики на сите членки на СТО. Во Република Македонија досега не се вршени посеопфатни емпириско-теоретски истражувања поврзани со ефектите од поедноставените царински постапки, како и на крајните ефекти од применетите решенија во рамките на царинската политика. Токму затоа, придонесот на докторската дисертација во избраното истражувачко подрачје е од посебно значење за економската теорија.

**Краток опис на применетите методи**

Истражувањето спроведено за потребите на оваа докторска дисертација се базира на употреба на неколку истражувачки методи: индуктивно-дедуктивен метод; методите на анализа и синтеза; историски метод; компаративен метод; анализа на секундарни податоци и анализа на политичките и економските фактори што влијаат врз неопходните измени и приспособувања на царинската политика. За остварување на задачите во рамките на истражувањето изготвен е посебен прашалник, што е дистрибуиран до испитаниците во електронска форма. Предноста од електронската дистрибуција на прашалникот се состои во следново: релативно ниските трошоци за негова подготовка и дистрибуција; можноста да биде опфатен релевантен репрезентативен примерок со што добиените резултати стануваат статистички значајни; минимизација на субјективноста на истражувачот; доверливост на добиените податоци, како и минимизирање на грешките при анализа на добиените резултати.

**<u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>**

Резултатите од истражувањето спроведено за потребите на изработка на докторската дисертација можат да се сумираат на следниов начин:

- Докторскиот труд прави сеопфатна анализа на досега донесената мултилатерална регулатива од меѓународните организации, како што се Светската трговска организација и Светската царинска организација, за надминување на проблемите во елиминирањето на бројните трговски бариери и спречувањето на неконтролираното воведување на нови трговски бариери или на обидите за самоволно зголемување на веќе воспоставената трговска заштита во одделните национални економии.
- Со оглед на значењето на европските интеграциски процеси за нашата земја, трудот темелно ги анализира и ефектите врз трговската либерализација што се наметнуваат од постојната регулатива на Европската унија.
- Анализата во докторскиот труд јасно укажува на фактот дека во услови кога мултилатералната трговска регулатива не дозволува зголемување на трговската заштита преку зголемување на заштитата со помош на класичните трговски мерки и инструменти, се појавува изразена тенденција не сѐ поголема употреба на т.н. нетрговски барирери. Притоа, посебно се потенцирани оние нетрговски бариери што се од посебен интерес на СТО и што станаа предмет на т.н. Бали-пакет на преговори и на новата Спогодба за олеснување на трговијата на СТО. Овие мерки се воедно и предмет на дефинирање и мерење од страна на ОЕЦД, а за потребите на СТО.
- Во контекстот на понатамошната трговска либерализација, согласно со новата Спогодба за олеснување на трговијата, направено е истражување за ефектите од поедноставените царински постапки и воведувањето на електронските цариски постапки во нашата земја.
- Истражувањето потврди дека влијанието на електронските царински постапки во рамките на царинската политика и нивното влијание врз надворешнотрговските перформанси има позитивни ефекти врз царинско работење. Позитивната оценка е изведена врз основа на мерење на резултатите од развојот на царинските постапки во изминатите пет години во нашата земја според четири критериуми: трошоците поврзани со царинските постапки, фреквенцијата на царинските контроли, фреквенцијата на ревизиите и дополнителните проверки и времето потребно за царинење на стоките во последниве пет години. Резултатите покажаа дека учесниците во царинската постапка оствариле најдобри резултати од аспект на заштедата на време за извршување на царинските постапки, а најслаби резултати се постигнати во областа на трошоците за царинење на стоките. Најниски оценки се добиени за фреквенцијата на ревизиите и дополнителните контроли во царинското работење и трошоците за спроведување на царинските постапки. Препораката што следува од овој дел на истражувањето е дека Царинската управа треба да се залага за што поголемо користење на електронските царински постапки, дигитализација на работните процеси и документи и воведување на пософистицирани техники за анализа на ризик преку размена на податоци со други агенции или служби што учествуваат во надворешнотрговското работење.

- Скоро половина од македонските компании опфатени со истражувањето изјавиле дека во изминатите пет години за воведување на електронските царински постапки имале потреба од значителни инвестиции во обука на вработените во нивните компании заради користење на овие постапки. Секоја трета македонска компанија, пак, одговорила дека ѝ биле потребни инвестиции во компјутерска опрема заради користење на електронските царински постапки. Ова зборува дека Царинската управа треба да поработи на нови техники и начини за подигнување на нивото на познавање на електронските царински постапки, пред сè преку промовирање и издавање на прирачници и брошури за користење на поедноставените царински постапки, изработка на модули за електронско учење и нивно бесплатно објавување на интернет-страницата на Царинската управа. Процесот на образование и подигнување на нивото на знаење треба да биде соодветно поддржан и од коморските здруженија, како и од страна на Советодавното тело за царински работи.

- Податоците што се добиени од компаниите што користат електронски царински постапки покажуваат дека најголем број од нив користат различни интерфејси за завршување на царинските постапки. Поточно, за изработка и поднесување на различни царински документи, дозволи и одобренија учесниците во надворешнотрговската постапка користат најмалку три различни интерфејси што го прави нивното работење релативно бавно и скапо, бидејќи треба да плаќаат трошоци за одржување и надградба на најмалку три интерфејси.

- Оценувањето што компаниите го направија за леснотијата на извршувањето на царинските постапки од аспект на почитување на барањата на Царинската управа во поглед на контролите и ревизиите, изработката на декларации пред пристигнување на стоката, поднесувањата на транзитните декларации, плаќањето на увозните давачки, пресметката на увозните давачки и користењето на извозната царинска постапка покажува значително олеснување во извршувањето на царинските постапки. Највисока оценка во степенот на леснотија при извршувањето на царинските постапки е добиена во областа на пресметката и плаќањето на увозните давачки, пред сè, на царината и на данокот на додадена вредност. Ваквата оценка се должи на едноставниот систем на пропишување на царинските стапки што се изразени во проценти од вредноста на стоката на ист начин како што се пропишани стапките на данокот на додадена вредност. Леснотијата произлегува и од тоа што стапките на ДДВ-то и акцизата се пропишани според тарифни броеви, така што не постои можност за различно толкување на нивната висина.

  Најлоша оценка во областа на леснотијата на спроведувањето на царинските постапки е добиена во делот на изработката на декларациите пред пристигнување на стоката. Ова се објаснува од причината што учесниците во царинската постапка треба да ги поднесат декларациите пред пристигнување на стоката преку факс и да чекаат известување за степенот и видот на контрола што треба да се изврши врз стоките. Овој заклучок може да се користи како укажување на Царинската управа за преземање напори и, во согласност со постојните ресурси и можности, за овозможување дополнителни мерки за олеснување на трговијата и доделување на одобренија за поедноставени царински постапки во вид

на одобрение за овластен испраќач, овластен примач и овластен економски оператор, што ќе бидат поголеми од олеснувањата што се нудат на учесниците во редовните царински постапки.

- Речиси 60% од компаниите одговориле дека имаат позитивно искуство од воведувањето на Новиот компјутеризиран транзитен систем за поднесување на декларации за транзит на стоката низ царинското подрачје на Република Македонија. Ваквиот висок степен на задоволство произлегува од фактот што воведувањето на новиот компјутеризиран транзитен систем претставува можност за скратување на времето на транзит на стоките низ царинското подрачје на Република Македонија и изработка на помал број на царински документи. Ова претставува препорака за Царинската управа за понатамошна надградба на овој систем во единствен царински интерфејс, односно во единствен систем за обработка на царински декларации и негово понатамошно промовирање и популаризирање.

- Дополнителен аспект што треба да се земе предвид при креирањето на мерките на царинската политика е начинот на нивното воведување и операционализација, бидејќи самото воведување на електронски царински постапки не значи дека компаниите сигурно ќе ги добијат очекуваните придобивки. Практиката покажува дека овие мерки на царинската политика треба да бидат сериозно изработени и поддржани од царинската администрација и останатите поврзани државни органи за да можат да доведат до вистинско олеснување на трговијата и подобрување на надворешнотрговските перформанси.

- Во врска со трошоците за спроведување на царинските постапки, ќе бидат потребни значителни напори за унифицирање и хармонизирање на работата на царинските терминали и локацијата на царинските испостави, со оглед на фактот што во нашата земја царинските терминали коишто се наоѓаат на граничните премини се во државна сопственост и за нив не се наплаќа надоместок, за разлика од царинските терминали коишто се наоѓаат во внатрешноста на земјата и кои не се во државна сопственост. За нивно користење се предвидува плаќање на надоместок. Така, со цел да ги минимизираат трошоците во работењето многу увозници и извозници во Република Македонија се определуваат да го вршат царинењето на нивните стоки на граница, односно на граничните терминали каде не се плаќа надоместок за престој на камионот, што од една страна може да претставува намалување на трошоците, но од друга страна ја наметнува потребата за зголемено користење на царинските застапници.

- Воспоставувањето на ефикасни електронски бесхартиени царински постапки може да биде одлучувачки и привлечен фактор за странски директни инвестиции и за зголемување на вклученоста на македонските компании во глобалните синџири на снабдување. Намалените трошоци за трговијата преку поефикасни царински и контролни мерки посебно ќе придонесат за поголема вклученоста на малите и средните претпријатија во меѓународните синџири за снабдување. Забрзувањето на трговските текови и намалувањето на трошоците за извршување на надворешната трговија влијаат на директен и индиректен начин врз порастот на националниот доход на земјата, но ова не подразбира елиминирање на царинските контроли и нарушување на безбедноста на трговијата.

> Напротив, концептот на олеснување на трговијата подразбира зголемување на ефикасноста и на ефективноста на царинските постапки со цел избегнување на дуплирањето на документите и на проверките, како и елиминирање на трошоците од доцнењето на испораките заради неефикасноста во царинското работење. Заштедите што можат да се направат со елиминирањето на овој вид трошоци претставуваат можност за зголемување на националниот доход и на вкупната благосостојба во општеството.

### ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Златко Ветеровски, со наслов „Влијанието на царинската политика врз македонските надворешнотрговски перформанси", претставува истражување во областа на меѓународната економија. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел да ги утврди и образложи ефектите од влијанието на измените во царинската политика во Република Македонија врз надворешнотрговските перформанси на економијата, како и да ги утврди идните насоки и препораки за унапредување на применетите мерки во рамките на царинската политика. Истражувањето во значителна мера се потпира на теоретско-апликативната анализа на специфичностите и карактеристиките на актуелно применуваната царинска политика во земјата, со посебен акцент на влијанието на меѓународното окружување и на преземните обврски од страна на Македонија во рамките на мултилатералниот трговски систем. Резултатите од истражувањето на докторската дисертација недвосмислено потврдуваат дека насоките за успешно вклопување на економијата во меѓународната економија повеќе не може да се засновуваат на наодите од класичните трговски теории. Преземените обврски од потпишаните мултилатерални спогодби и меѓународни конвенции ја исклучуваат можноста дури и за големите економии во светот да стекнуваат предности во позиционирањето на меѓународниот пазар преку менување на комбинациите на традиционалните мерки и инструменти во рамките на националната царинска политика. Современите трговски теории тврдат дека мерките преземени за олеснување на трговијата особено од аспект на поедноставување и унифицирање на царинските постапки и воведување на т.н. електронска царина значително ги намалуваат трговските трошоци и влијаат врз зголемувањето на благосостојбата и на извозникот и на увозникот, но и на меѓународната економија воопшто. Овие тврдења во голема мера се потврдени и со истражувањето направено за веќе вградените мерки за олеснување на трговијата во царинската политика на нашата земја.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Златко Ветеровски, со наслов „Влијанието на царинската политика врз македонските надворешнотрговски перформанси", според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

### ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на кандидатот се: 1) напуштање на традиционалните постулати за улогата и значењето на царинската политика како основна заштитничка на предностите на националните индустрии врз принципот на спречување на конкуренцијата од увезените странски производи и пренасочување на фокусот на анализата врз можноста мерките преземни во рамките на царинската политика да бидат поттикнувачи на сопствените конкурентски предности и сопствената економска благосостојба, но и на вкупната благосостојба во меѓународната економија; 2)

интегрирана анализа на актуелната мултилатерална трговска регулатива, произлезена од Светската трговска организација и Светската царинска организација, и правилата и ограничувањата што таа ги наметнува во дефинирањето на националните царински политики на земјите-членки; 3) анализа на дополнителните обврски што ќе произлезат од стекнувањето полноправно членство на нашата земја во Европската унија, што за нашата земја ќе значи откажување од постојната национална царинска политика и целосно преземање и примена на Заедничката надворешнотрговска политика на ЕУ, како и ефектите што ќе произлезат од овој аспект на интеграцискиот процес; 4) ставање посебен акцент на мерењето на ефектите од целосната примена на новата мултилатерална спогодба во системот на СТО – Спогодбата за олеснување на трговијата – преку сопствено истражување за ефектите на олеснувањето на трговија во потесна смисла на зборот, поточно од аспект на т.н. софтверски решенија; 5) поставување теоретска и практична основа за понатамошни истражувања во оваа област која во моментот се наоѓа во зародиш.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: 1) примена на методолошки пристап за идентификување на областите во кои е можно дефинирање на нови царински постапки што ќе обезбедат дополнително олеснување на трговијата и намалување на трговските трошоци, од една страна, и утврдување на проблемите што во тековно применетите постапки ги попречуваат вистинските ефекти од процесот на олеснување на трговијата, од друга страна; 2) релевантност и валидност на наодите од спроведувањето на истражувањето од аспект на законски воведените поедноставени царински постапки во рамките на македонската царинска политика; 3) недостаток на релевантна статистичка база или соодветни веќе спроведени мерења во областа за споредба на добиените резултати.

Трудот дава широка основа за вршење низа нови истражувања и во поглед на ефектите од аспект на олеснувањето на трговијата во потесна смисла на зборот, поточно на т.н. софтверски решенија, но и на вршење нови истражувања во делот на олеснувањето на трговијата во поширока смисла на зборот, односно на т.н. хардверски решенија.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Златко Ветеровски** со наслов **Влијанието на царинската политика врз македонските надворешнотрговски перформанси.**

КОМИСИЈА

1. **Адамик Таки Фити, претседател, с.р.**

2. **Проф. д-р Ирена Кикеркова, ментор, с.р.**

3. **Академик Гоце Петрески, член, с.р.**

4. **Доц. д-р Катерина Тошевска Трпчевска, член., с.р.**

5. **Проф. д-р Љубица Костовска, член, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**

**27.11.2015 ГОДИНА**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќа-ње на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Станка Минчевска | „Одразот на стратегиското планирање врз конкурентноста на претпријатијата” | „The impact of strategic planning on enterprises' competitiveness” | проф. д-р Бобек Шуклев | 30.11.2015/0002-2439/4 |
| 2. | Тања Хаџиевска | „Економски и социјални импликации од дигиталното производство” | „Economic and social implications of digital manufactuting” | академик Гоце Петрески | 30.11.2015/0002-2439/5 |
| 3. | Дијана Стојановска | „Управување со девизен ризик во металуршката индустрија” | „Foreign exchange risk management in metallurgical industries” | проф. д-р Сашо Арсов | 30.11.2015/0002-2439/6 |
| 4. | Ирена Лакоска | „Државна регулација на финансиските пазари: цели и ефекти” | „State regulation of financial markets: goals and effects” | проф.д-р Михаил Петковски | 30.11.2015/0002-2439/7 |
| 5. | Виолета Трајковска | „Пензиски реформи во Европската Унија и Република Македонија” | „Pension reforms in the European Union and the Republic of Macedonia” | доц.д-р Ѓорѓи Гоцков | 30.11.2015/0002-2439/8 |
| 6. | Гордана Стоева | „Примена на концепт контролинг и ефектите од неговото воведување врз резултатите од работењето” | „The application of the controlling concept and the effects its introduction has on the operations' results” | проф.д-р Зоран Миновски | 30.11.2015/0002-2439/9 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Предраг Шапчевски | „Бизнис процес подобрување во е-бизнисот со посебен осврт на банкарскиот сектор во Република Македонија" | „Business process improvement in e-business with regards to the banking sector in the Republic of Macedonia" | проф.д-р Сашо Јосимовски | 30.11.2015/0002-2439/10 |
| 8. | Стефан Јакимовски | „Проблемите и можностите на фриленс работните системи во економија базирана на знаење" | „Problems and opportunities of freelence working systems in knowledge based economy" | проф.д-р Сашо Јосимовски | 30.11.2015/0002-2439/11 |

П Р Е Г Л Е Д

на теми за изработка на магистерски труд прифатени од

Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје

на седницата одржана на 17.11.2015 година

**Магистерски трудови**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Никола Беќиров | Анализа на можностите за примарен третман и рециркулација на технолошката отпадна вода од металуршките комбинати за производство на фероникел | Analysis of the opportunities for primary treatment and recirculation of industry wastewater from smelter plant for ferro-nickel production | Вон. проф. д-р Зоран Марков | 02-2736/2 17.11.2015 год. |
| 2. | Ивана Видовска | Истражување на влијанието на воведувањето на Бар-код евиденција и GPS систем во логистика | Analyzing the influence of implementation of bar-coding and GPS systems in the logistics | Проф. д-р Радмил Поленаковиќ | 02-2869/2 17.11.2015 год. |
| 3. | Никола Николов | Ко-креација - учество и придонес на потрошувачите во развојот на нови производи и услуги | Customer Co-creation - Customers participation in the process of new product and services development | Проф. д-р Радмил Поленаковиќ | 02-2868/2 17.11.2015 год. |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА 4 АСИСТЕНТИ-ДОКТОРАНДИ ПО ПРЕДМЕТОТ ИНФЕКТИВНИ БОЛЕСТИ НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 35/8, 103/08, 26/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 и 154/15 ), а во врска со членовите 9, 42, 46 и 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти–докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Универзитетски гласник бр.274/13), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата XIII редовна седница одржана на 10.11.2015 година, донесе решение за избор на 4 асистенти-докторанди по предметот **ИНФЕКТИВНИ БОЛЕСТИ** во согласност со конкурсот објавен на 3.10.2015 во дневните весници „Утрински весник", „Дневник" и „Коха", и формира Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Звонко Миленковиќ, проф. д-р Ирена Кондова Топузовска и проф. д-р Снежана Стојковска.

Комисијата ја проучи доставената документација и до Наставно-научниот совет го доставува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Ас д-р Марија Димзова**

**Биографски податоци**

Д-р Марија Димзова е родена во Охрид на 21.II.1974 година. Основно образование и средно училиште до трета година има завршено во Охрид, а IV година од средното образование ја има завршена во САД, како студент на размена. За време на престојот во САД станала член на Американското национално почесно друштво (American National Honor Society), како

резултат на постигнатите достигнувања и на одличниот успех покажан во доменот на образованието.

На Медицинскиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1992 година, а студиите ги завршила во март 1999 година, со среден успех 9,65.

Во 2001 година се вработила во секторот на приватна пракса „ПЗО Пени" во Охрид, како лекар по општа медицина, каде што работела 10 месеци, за во наредните два месеца да волонтира на Клиниката за ендокринологија при Клиничкиот центар во Скопје.

Од мај 2002 година е вработена на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби во Скопје.

Специјализирала во периодот 2002-2006 година и во февруари 2007 година го положила специјалистичкиот испит по инфектологија.

Во 2008 година е избрана за помлад асистент на Катедрата за инфектологија при Медицинскиот факултет во Скопје, со водење вежби за студентите по општа медицина и стоматологија, како и во работата со стажантите.

Во 2010 година е избрана за асистент на Катедрата за инфектологија при Медицинскиот факултет во Скопје, за водење вежби со студентите по општа медицина и стоматологија, како и во работата со стажантите.

**Стручна и научна активност**

Во текот на својот специјалистички стаж, ас. д-р Марија Димзова била активно вклучена во стручната работа на Клиниката, а најголем период поминала работејќи на Одделот за вирусни хепатити, каде што е распределена и денес како раководител на отсек.

Со свои и со заеднички трудови учествувала на разни стручни конгреси, симпозиуми и состаноци во земјава, а и во странство.

Во 2004 година земала учество на семинарот за ХИВ/СИДА курс за обука за специјалисти по инфективни болести од Западен Балкан, одржан во Загреб, Хрватска.

Во текпт на 2005 година остварила уште еден курс за обука за клиничка работа со пациенти со ХИВ/СИДА, одржан на Клиниката за инфективни болести во Загреб, Хрватска, а била и едукатор на Летната школа за деца и родители на деца со хемофилија за превенција на хепатитис, одржан во Охрид.

Во 2005 година се запишала на постдипломски студии по предметот инфектологија.

Во 2006 година е едукатор на Курсот за обука за терапија на пациенти со хроничен хепатитис Б и Ц, одржан во Охрид.

Во 2007 година била член на Редакцискиот одбор на III конгрес на инфектолози на Македонија со интернационално учество.

Во истата година добива и Благодарница од Македонското лекарско друштво за активно извршување на целите и задачите на Здружението.

Во 2007 година посетувала Семинар за обука за превенција на интрахоспитални инфекции, одржан на Медицинскиот факултет во Скопје.

Во 2007 година станала член на Комисијата за превенција на интрахоспитални инфекции при Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби.

Во декември 2007 година реализирала стручен престој на Институтот за инфективни болести и тропска медицина, во Белград, со цел обука за изведување на хепатална биопсија.

Во 2008 година е избрана за секретар на Македонското здружение на инфектолози-ЗИМ.

Во 2009 година остварила стручен престој во Виена, во организација на NEAT-Erupean AIDS treatment Network.

Во 2010 година учествувала на стручниот состанок на EPISOUTH-мрежата за следење и превенција на заразни заболувања, одржан во Рим, Италија.

Во 2010 година е избрана за редовен асистент на Катедрата за инфектологија на Медицинскиот факултет во Скопје.

Во 2010 година зеде учество на конференцијата за преносливи болести и јавно здравје одржана во Рим, Италија-EpiSouth Conference on Communicable Diseases and Public Helath in the Mediterranean and Balkans.

Во 2011 година, ас.д-р Марија Димзова се запиша на докторски студии од областа на инфектологијата, поле на вирусни хепатитиси.

Во мај 2013 година посетила едно неделен семинар во Салцбург, Австрија, во организација на Отворениот медицински институт (ОМИ) од областа на инфективните заболувања.

Во 2014 година, во рамките на Проектот на Владата на Р. Македонија, остварила стручен престој од траење од два месеца на Одделот за гастроентерохеаптологија при Клиничкиот центар во Нирнберг, Германија.

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ - Медицински факултет во Скопје, кандидатката ас. д-р Марија Димзова изведува вежби од студиската програма инфектологија за медицинари и стоматолози.

Кандидатката ас. д-р Марија Димзова, во 2014/15 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Медицинскиот факултет, и тоа: за инфектологија од 9,26.

## Научноистражувачка дејност

Ас. д-р Марија Димзова има земено учество како член во 6 научни проекти:

1. NIH - Banaroya Research Institute :"Blood transcriptional biomarkers for group B pathogens".
2. MV22009 A Multicenter, Prospective, Observational, Non- nterventional Cohort Study Evaluating On-Treatment Predictors of Response in Subjects with HBeAg positive or HBeAg negative Chronic Hepatitis B Receiving Therapy with PEGASYS® (Peginterferon alfa-2a 40KD) S-COLLATE
3. PROPHESYS 1 A NON-INTERVENTIONAL COHORT STUDY MV21012 titled:"Prospective observational study on predictors of early on-treatment response and sustained virological response in a cohort of treatment naïve HCV-infected patients treated with pegylated interferons"
4. Non-Interventional Cohort Study on the Utilization and Impact of Dual and Triple Therapies Based on Pegylated Interferon for the Treatment of Chronic Hepatitis C - MV25599
5. MV25600, An International, Multi-Center Study Evaluating the Correlation of IL28B Genotypes with Patient Demographics and Disease Characteristics in Patients with Chronic Hepatitis C.
6. MV22255, Global Observational Cohort Study on the Prediction of Unwanted Adverse Effects in Individuals Infected with Chronic Hepatitis C Receiving a Long-Acting Interferon plus Ribavirin

## Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Ас.д-р Марија Димзова активно е вклучена во стручно - апликативната работа на ЈЗУ Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби во Скопје.

Во 2012 година, ас.д-р Марија Димзова зеде учество во преведување на дел од инфективните болести од книгата по интерна медицина на Сесил, од англиски на македонски јазик, дел од Националниот проект на Владата на Р.Македонија за развој на едукацијата (2005-2015).

Во изборниот период, ас. д-р Марија Димзова учествувала во спроведувањето на 1 стручно - апликативен проект на МОН и Министерството за здравство на РМ за обука на матичните лекари по однос на применување на упатствата за практикување на медицина заснована на докази, од областа на инфектологијата.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на проучениот материјал за стручно-научната и наставната дејност на кандидатката д-р Марија Димзова, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката ги исполнува потребните услови и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје му предлага д-р Марија Димзова да биде избрана во звањето асистент-докторанд по предметот ИНФЕКТИВНИ БОЛЕСТИ.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Звонко Миленковиќ, с.р.

Проф. д-р Ирена Кондова-Топузовска, с.р.

Проф. д-р Снежана Стојковска, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА **ДИСЕРТАЦИЈА „УТВРДУВАЊЕ НА СТЕПЕНОТ НА ПОДГОТВЕНОСТ НА МЕДИЦИНСКИТЕ МИКРОБИОЛОШКИ ЛАБОРАТОРИИ ОД ЈАВНОЗДРАВСТВЕНИОТ СЕКТОР ВО РМ ЗА ПРИМЕНА НА СТАНДАРДОТ ISO 15189:2012“** ОД М-Р СПЕЦ. ЕВГЕНИЈА КИРОСКА-ПЕТРЕСКА М-Р, СЦИ. ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XIII редовна седница одржана на 10.11.2015 год. година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Евгенија Кироска-Петреска со наслов „Утврдување на степенот на подготвеност на медицинските микробиолошки лаборатории од јавноздравствениот сектор во РМ за примена на стандардот ISO 15189:2012“, во состав: проф. д-р Драган Ѓорѓев (претседател), проф. д-р Каќа Поповска (ментор), проф. д-р Михаил Кочубовски (член), проф. д-р Моме Спасовски (член) и проф. д-р Јованка Караџинска Бислимовска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Евгенија Кироска-Петреска со наслов „Утврдување на степенот на подготвеност на медицинските микробиолошки лаборатории од јавноздравствениот сектор во РМ за примена на стандардот ISO 15189:2012“, содржи 147 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 39 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 10 глави, вклучувајќи вовед, заклучни согледувања и препораки. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

По воведот на трудот, изложени се оправданоста на истражувањето, целите на трудот, хипотезите и материјалот и методите на истражувањето, како и начинот на статистичката обработка на резултатите. Кандидатката укажува дека со воведувањето на стндардите за квалитет во миробиолошките лаборатоории ќе се зголеми валидноста на резултатите од испитувањата и довербата кај пациентите и другите заинтересирани страни.

Во главата насловена „Резултати“ анализирани се резултатите од истражувањето во сите јавноздравствени микробиолошки лаборатории во РМ во однос на подготвеноста за примена на медицинскиот стандард ISO 15189:2012 во нив. Податоците се прикажани табеларно и графички. Статистичката обработка била спроведена со примена на стандардни дескриптивни анализи на квалитативните показатели и проверка на поставените хипотези.

По оваа глава следува главата насловена „Дискусија” каде што е извршена сумарна анализа на подготвеноста на сите јавноздравствени микробиолошки лаборатории во РМ поединечно и споредбено, за исполнувањето на барањата од речиси сите точки на стандардот ISO 15189:2012 и тоа:

- анализа на степенот на подготвеност на ИМП при Медицинскиот факултет во Скопје за имплементација на стандардот ISO 15189:2012, во своите микробиолошки лаборатории;

- анализа на степенот на подготвеност на ИЈЗ на РМ за имплементација на стандардот ISO 15189:2012, во своите микробиолошки лаборатории;

- анализа на степенот на подготвеност на 10-те ЦЈЗ и нивните ПЕ за имплементација на стандардот ISO 15189:2012, во своите микробиолошки лаборатории;

- корелација помеѓу акредитираните и неакредитираните по ISO 17025 ЦЈЗ, во однос на следењето на барањата од системи за квалитет и техничката подготвеност на нивните микробиолошки лаборатории,

- корелација помеѓу: бројот на вработени, обемот на испитувања, степенот на опременост и следењето на новите методологии во јавноздравствствените микробиолошки лаборатории, со степенот на подготвеност и заинтересираноста за воведување на медицинскиот стандард ISO 15189:2012;

- прикажаните наоди од сите сегменти на истражувањето во микробиолошките јавноздравствени лаборатории во најголем број центри за јавно здравје во земјата укажуваат на ургентна потреба од преземање на мерки не само за подобрување на просторните и технички услови туку пред сè за валидно информирање и мотивација на персоналот почнувајќи од подигнување на нивото на интерес за подобрување на квалитетот на работа кај раководниот кадар, а со крајна цел да се воспостави еднаква и квалитетна здравствена микробиолошка услуга на севкупното население на територијата на РМ.

Во дискусијата се прикажани и состојбите во јавноздравствените лаборатории во оваа област во земјите во регионот, при што е земен во предвид и бројот на акредитирани медицински микробиолошки лаборатории, согласно со стандардот ISO 15189:2012 во балканските земји (Хрватска - 4, Србија - 3, Грција - 8 и Турција - 2), но и фактот дека во РМ има акредитирани по овој стандард 3 приватни медицински лаборатории и дека до крајот на 2016 година ќе бидат акредитирани и ИМП при Медицинскиот факултет во Скопје и ИЈЗ на РМ.

## Предмет на истражување

Недостигот на податоци за состојбата на медицинските микробиолошки лаборатории од јавноздравствениот сектор во Р. Македонија, во однос на подготвеноста за имплементација на системите за управување со квалитет и докажување на нивната техничка компетентност, претставува мотив кој ја водел кандидатката за изработка на докторската дисертација. Темата ја презентира подготвеноста на микробиолошките медицински лаборатории во РМ од јавноздравствениот сектор, во однос на: простор, постапки на преаналитички процес на испитување, известување на резултатите од испитување, како и следливоста на системите за обезбедување на квалитет (текст).

## Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Теоријата и практиката на управувањето со квалитет во светот доживеале големи промени, особено во последните две декади. Услугите на медицинските лаборатории се битни за негата на пациентите и затоа треба да бидат достапни за исполнување на потребите на сите пациенти и клиничкиот персонал одговорен за негата на пациентите. Ваквите услуги вклучуваат организација на барањата, подготовка на пациентот, идентификација на пациентот, земање на примероци, транспорт, складирање, обработка и испитување на клиничките примероци, заедно со дополнителна валидација, толкување, известување и советување, како дополнение на принципите за безбедност и етика во

работата на медицинската лабораторија. Меѓународниот стандард ISO 15189:2012 е наменет за употреба на сите моментално признати дисциплини на услугите на медицинската лабораторија. Медицинските лаборатории играат важна улога во составот на здравствената заштита. Резултатите од нивните испитувања се од пресудна важност за пациентите, бидејќи врз база на резултатите од испитувањата на медицинските лаборатории се одредува дијагнозата и понатамошното лекување на пациентите. Акредитацијата е начин за потврдување на медицинската, техничката и организациската компетентност на давателот на здравствените услуги. Акредитацијата на една медицинска лабораторија е најдобар пат за мерење на нејзините перформанси, со кои што се утврдува нејзината позиција на пазарот на здравствени услуги и овозможува меѓународно признавање на нејзината техничка компетентност. ISO 15189:2012 е важна алатка за секоја земја која има интерес да спроведе систем за квалитет во својата медицинска лабораторија. Микробиолошката лабораторија за извршување на своите активности е потребно да има наменет простор, кој е дизајниран да обезбеди квалитет, безбедност и ефикасност во испитувањата, со цел да се заштити здравјето и безбедноста на вработените во лабораторијата, пациентите и посетителите. По стандардот ISO 15189:2012 до февруари 2011 год. во Европа биле акредитирани околу 1300 медицински лаборатории. Првата акредитација на медицинска лабораторија во САД, согласно со стандардот ISO 15189:2012, била во 2009 год. Веќе во 2013 година, ISO 15189:2012 бил прифатен од медицинските лаборатории во повеќе од 60 земји низ светот. Во РМ, единствен преглед на бројот на акредитирани лаборатории е во согласност со податоците на ИАРМ. Акредитирани лаборатории согласно со ISO 15189:2012 се 3 приватни здравствени установи, од кои две се за микробиолошки испитувања.

Дел од овие факти се цитирани како во воведниот така и во останатите сегменти на овој докторски труд, пред сè оние чии наоди одат во прилог на одредувањето на мотивот и целта на трудот, но и во долгиот сегмент на анализа и споредба на резултатите добиени во ова истражување. Посебно се наведуваат фактите кои ги покажале конкретните релации помеѓу имплементацијата на стандардите за квалитет и продуцирањето на точни резултати од испитувањата, како и зголемувањето на довербата кај пациентите и другите заинтересирани страни.

Сето ова го донесе главниот мотив за предметот на истражување, а тоа е недостигот на податоци за состојбата на медицинските микробиолошки лаборатории од јавноздравствениот сектор во РМ, во однос на подготвеноста за имплементација на системите за управување со квалитет и докажување на нивната техничка компетентност, но и да се овозможи база на податоци, што ќе се искористат за проценка на квалитетот во работењето и валидноста на резултатите, кои произлегуваат од ваквиот вид на лаборатории, со цел следење на микроорганизмите, како предизвикувачи на заразни болести и епидемии.

## Краток опис на применетите методи

Во студијата е применета опсервационо аналитичка методологија на трансверзална студија на пресек. Применет е и face-to-face метод, со цел да се намалат можните грешки. Место/локација на истражувањето е целата територија на РМ, каде што постојат јавноздравствени микробиолошки лаборатории, поточно: ИМП при Медицинскиот факултет во Скопје, ИЈЗ на РМ и микробиолошките медицински лаборатории во 10-те ЦЈЗ, во градовите: Скопје, Куманово, Тетово, Прилеп, Битола, Охрид, Велес, Кочани, Штип и Струмица; и ПЕ во: Гостивар, Кичево, Струга, Дебар, Кавадарци, Гевгелија и Берово. Период на истражување е: Април - Октомври 2014 год. Како материјал на истражувањето се искористени податоците добиени со анкетирањето на 94 вработени (персонал и менаџмент во микробиолошките лаборатории). Основен

инструмент на истражувањето претставува Анкетниот прашалник, адаптирана верзија на документот *International Accreditation New Zealand ISO15189 laboratories checklist version 2 February 2004*. Тој се состои од 81 прашање, кои се однесуваат на сите точки по барањата на стандардот ISO 15189:2012. На точка 5.2 од стандардот (Просторни и услови на средината) припаѓаат 4 прашања; на точка 5.4 (Пред аналитички процес на испитување) припаѓаат 10 прашања; на точка 5.8. (Известување на резултатите од испитувањето) припаѓаат 9 прашања, додека останатите прашања се: 36 од системот за управување со квалитет и 26 прашања се однесуваат на другите технички барања. Обработката на одговорите на прашањата е извршена по сетови на прашања, комплементарни на даденото барање (точка) од стандардот ISO 15189:2012. Истражувањето користи меѓународно признати инструменти, кои се адаптирани во согласност со македонскиот контекст и можат да послужат како инструмент и во други понатамошни иастражувања. Статистичката анализа на бројните податоци и нивните корелации е извршена со примена на стандардни дескриптивни анализи на квалитативните показатели (односи и пропорции), а е извршена и проверка на поставените хипотези (тестирање) со: Student - t тест на пропорции (за разлика на две пропорции), непараметарските Mann-Whitney U тест (за значајност на разлики помеѓу два независни примерока - рангови) и Kruskal-Wallis ANOVA (за значајност на разлики помеѓу три и повеќе независни примероци - рангови). Резултатите се коментирани за CI = 95 % и $p < 0{,}05$, односно со интервал на доверба од 95 % и ниво на значајност за $p < 0{,}05$. Податоците и знаењата добиени со ваквите методи се сумирани, објаснети, рангирани и споредени и преку нив се донесени заклучоци.

**<u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>**

За време на периодот на истражување опфатени се сите јавноздравствени микробиолошки лаборатории во РМ и е добиена јасна слика за нивната состојба во поглед на подготвеноста / неподготвеноста за акредитација согласно со стандардот ISO 15189:2012. Во согласност со очекувањата, ИМП при Медицинскиот факултет во Скопје и ИЈЗ на РМ покажуваат значително поголем степен на подготвеност за имплементација на споменатиот медицински стандард. ИМП при Медицинскиот факултет во Скопје има голем обем на лабораториска практика. Во овие микробиолошки лаборатории се испитуваат просечно 100 000 примероци годишно, од кои околу 90 % се примероци од хумано потекло. ИМП како дел од Медицинскиот факултет во Скопје, претставува водечка научноистражувачка институција од областа на микробиологијата и паразитологијата во нашата земја. Во лабораториите работи високо образован и компетентен кадар. Овие факти навестуваа на претпоставката дека вработените во ИМП при Медицинскиот факултет во Скопје ќе покажат повисок степен на заинтересираност за воведување на медицинскиот лабораториски стандард. Како резултат на сето горенаведено, до моментот на истражувањето, ИМП при Медицинскиот факултет во Скопје имаше поднесено Пријава до ИАРМ за акредитација на медицински лаборатории, согласно со стандардот ISO 15189:2012.

Исто така, ИЈЗ на РМ покажа висок степен на подготвеност за акредитација на своите микробиолошки лаборатории согласно со стандардот ISO 15189:2012, заради тоа што станува збор за институција која има надлежности дадени од МЗ и како таква се очекува да биде помеѓу водечките јавноздравствени микробиолошки лаборатории во РМ. ИЈЗ на РМ е во интензивни подготовки за акредитација на медицинските микробиолошки лаборатоии согласно со ISO 15189:2012. Особено Лабораторијата за вирусологија има поголем напредок во ваквите подготовки во однос на Лабораторијата за хумана микробиологија и Лабораторијата за паразитологија. Она што недостасува на овој институт да дојде до фаза на Пријава за акредитација согласно ISO 15189:2012 е шифрирање на документацијата и нејзина адаптација во системот за квалитет. Од

испитаните микробиолошки лаборатории од внатрешноста на РМ, одреден степен на подготвеност покажаа само мал дел од микробиолошките лаборатории во ЦЈЗ. 9 од 10 ЦЈЗ се акредитирани според стандардот ISO/IEC 17025:2005 за лаборатории за тестирање. ЦЈЗ од Прилеп и сите ПЕ на ЦЈЗ низ Македонија, сеуште немаат сертификат за акредитација по истиот. Делумна подготвеност во однос на сите барања покажуваат микробиолошките лаборатории од ЦЈЗ во: Битола, Куманово, Кочани и Велес. Микробиолошките лаборатории во останатите ЦЈЗ и сите нивни ПЕ се неподготвени за следење на ваквите барања од стандардот. Микробиолошките лаборатории од јавноздравствен сектор во РМ во однос на барањата од точка 5.2. просторни услови и услови на средината се делумно подготвени. Целосна подготвеност по сите потточки на точка 5.2. покажува само ИМП при Медицинскиот факултет во Скопје. ИЈЗ на РМ ги следи овие барања од медицинскиот стандард во речиси 90 %. Постои статистички значајна разлика помеѓу акредитираните и неакредитираните ЦЈЗ и нивните ПЕ, согласно стандардот ISO/IEC 17025:2005. Од акредитираните ЦЈЗ само неколку имаат соодветно поделен простор за изведување на испитувањата, без можност за вркстена контаминација и со ограничен пристап и следење на условите на средината (ЦЈЗ Битола и ЦЈЗ Куманово). Во микробиолошките лаборатории од санитарниот дел се запазени физичките услови, но тие не се запазени во лабораториите за хумана микробиологија и не се водат записи за вакви активности. Неакредитираните ЦЈЗ и нивните ПЕ покажуваат висок степен на неподготвеност во однос на просторните услови и условите на средината, каде што една просторија се користи за: прием на пациенти и земање на примарен примерок, негово испитување, микробиолошко испитување на храна и вода, како и канцеларија. Постои несоодветно отстранување на отпадниот материјал. Во однос на барањата од точка 5.4. од стандардот за пред-аналитички процес на испитување и ракување со примарен примерок, само микробиолошките лаборатории од ИМП при Медицинскиот факултет во Скопје ги следат сите барања. Оваа институција ги има сите потребни РУ, ОБ и Списоци. Сите документи се шифрирани и се дел од документацијата од системот за квалитет. Лабораториските активности се во согласност со напишаните процедури. ИЈЗ на РМ има изработено голем дел од ваквата документација, но истите не се адаптирани како дел од системот за квалитет, согласно стандардот ISO 15189:2012. ЦЈЗ и нивните ПЕ не ги исполнуваат барањата од точка 5.4. на стандардот, бидејќи немаат записи и не следат документирани протоколи, а пред-аналитички процес и ракувањето со примарен примерок (земање, складирање, евиденција и транспорт) е познато само на дел од персоналот. Правилното известување на пациентите за резултатите од испитувањето, како барање од точка 5.8. на стандардот целосно го задоволуваат микробиолошките лаборатории од ИМП при Медицинскиот факултет во Скопје, додека ИЈЗ на РМ го задоволува во 70 %, акредитираните ЦЈЗ согласно со ISO/IEC 17025 го задоволуваат 50 %, а неакретитираните согласно со ISO/IEC 17025 и сите ПЕ на ЦЈЗ само 25 %.

81 % од вкупниот број на анкетирани сметаат дека со акредитација на медицинските микробиолошки лаборатории ќе се зголеми довербата кај пациентите и кај матичните лакари во резултатите од испитувањата и ќе се намали јавноздравствениот ризик. Не постои статистички значајна разлика помеѓу ставовите и знаењата на раководниот и стручниот персонал за успешно воведувањето на стандардот за медицински лаборатории ISO 15189:2012 во микробиолошкте лаборатории од јавноздравствениот сектор. Ставовите на раководниот и лабораторискиот персонал за успешно воведувањето на стандардот се многу слични. Само мал дел од медицинските микробиолошки лаборатории од јавноздравствениот сектор во РМ се ДЕЛУМНО подготвени во однос на барањата: простор, преданалитички процес на испитување, известување за резултатите од испитување и следење на системите за управување со квалитет, за акредитација согласно со стандардот за медицински лаборатории ISO 15189:2012. Поголемиот дел од нив НЕ СЕ ПОДГОТВЕНИ, а единствено ИМП при

Медицинскиот факултет е ПОДГОТВЕН од сите потребни аспекти како што се подготвеност и информираност на персоналот, просторните процедуралните и техничките услови и се наоѓа во финална фаза на стекнување на Потврда за акредитација согласно стандардот ISO 15189:2012. Степенот на подготвеност за воведување на стандардот за медицински лаборатории ISO 15189:2012, по најголем број параметри на стандардизираниот Прашалник, статистички значајно е повисок во јавноздравствените микробиолошки лаборатории во главниот град на државава (ИМП при Медицинскиот факултет и ИЈЗ на РМ, но со исклучок на ЦЈЗ Скопје), во однос на регионалните микробиолошки лаборатории од ЦЈЗ и нивните ПЕ (податоци добиени со компаративна анализа).

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Евгенија Кироска-Петреска, со наслов, „Утврдување на степенот на подготвеност на медицинските микробиолошки лаборатории од јавноздравствениот сектор во РМ за примена на стандардот ISO 15189:2012“, претставува истражување во обласста на јавното здравје и здравствената микробиолошка дејност. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел да изврши оцена на степенот на подготвеност на медицинските микробиолошки лаборатории од јавниот сектор во РМ за примена на медицинскиот стандард ISO 15189:2012. За остварувањето на оваа цел се изврши:

- анализа на моменталната состојба на микробиолошките лаборатории во однос на простор, постапки на преданалитички процес на испитување и известување на резултатите од испитувања, како и примена на општите барања за квалитет од стандардот ISO 15189:2012 во: ИМП при Медицинскиот факултет во Скопје, ИЈЗ на РМ и микробиолошките медицински лаборатории во 10-те ЦЈЗ и нивните ПЕ во РМ;
- евалуација на преземените постапки и заложби за прилагодување на просторот и процесот на работа во цитираните микробиолошки лаборатории, согласно со барањата на стандардот, во функција на обезбедување на квалитетна и стандардизирана здравствена заштита на населението.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Евгенија Кироска-Петреска со наслов „Утврдување на степенот на подготвеност на медицинските микробиолошки лаборатории од јавноздравствениот сектор во РМ за примена на стандардот ISO 15189:2012“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1] Kiroska-Petreska Evgenija, Popovska Katja, Kostik Vesna, Gjorgjev Dragan, Petrovska Branka, "Fitness of Public Health Laboratory in the Republic of Macedonia for the Application of Standards for Quality", Science Journal of Public Health, Volume 2, Issue 3, May 2014, 229-233.

[2] Kiroska-Petreska Evgenija, Popovska Katja "Readiness of microbiologycal laboratories of Centres for public Health in Macedonia for accreditation according to the medical standard ISO 15189: 2012", Physioacta, Volume 9, Issue 3, 2015,

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главни научни придонеси на кандидатката: се работи за прво и засега единствено истражување на степенот на подготвеност на медицинските микробиолошки лаборатории од јавноздравствениот сектор во РМ за примена на стандардот ISO 15189:2012 и ефектите од воведување на стандарди за квалитет во микробиолошките лаборатории, со цел да се обезбеди унифицирана здравствена заштита на населението на целата територија на РМ.

Подрачјето на примена на наодите од ова истражување е во широкото поле на превентивната здравствена заштита на населението и обезбедување и контрола на квалитетот во јавноздравствените микробиолошки лаборатории и сите други медицински лаборатории, како поттик за приближување на нашата земја кон ЕУ и трендовите на СЗО од оваа проблематика, како и снабдување на светската литература со национални податоци за РМ од ваков вид. Од друга страна, можно ограничување е недостигот на континуирани податоци за состојбата на медицинските микробиолошки лаборатории од јавноздравствениот сектор во РМ, во однос на подготвеноста за имплементација на системите за управување со квалитет и докажување на нивната техничка компетентност, чиј развој постојано се менува.

Можните понатамошни истражувања се: покрај ова истражување, можни се и натамошни истражувања за подготвеноста на останатите медицински лаборатории за имплементација на медицинскиот стандард ISO 15189:2012. ISO 15189:2012 е многу битен документ за медицинските лаборатории, со чијашто помош тие можат на хармонизиран начин да развијат систем за квалитет. Пациентите од медицинската лабораторија бараат обезбедување на валидни резултати, кои понатаму треба да продуцираат точна дијагноза и правилно и ефикасно лечење.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Евгенија Кироска-Петреска со наслов „Утврдување на степенот на подготвеност на медицинските микробиолошки лаборатории од јавноздравствениот сектор во РМ за примена на стандардот ISO 15189:2012“.

КОМИСИЈА

**Проф. д-р Драган Ѓорѓев, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Каќа Поповска, ментор, с.р.**

**Проф. д-р Михаил Кочубовски, член, с.р.**

**Проф. д-р Моме Спасовски, член, с.р.**

**Проф. д-р Јованка Караџинска-Бислимовска, член, с.р.**

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА
## ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ “ ВО СКОПЈЕ

1. **МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Љуљета Азизи | „Влијанието на образовните вредности во современото општество“ | “The role of the educational values in contemporary society“ | проф. д-р Емил Сулејмани | Донесена одлука на ННС на 9.11.2015 г.<br><br>Архивски бр. 08-988/7 16.11 2015 |

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИКОТ „АВТОРСКОПРАВО"ОД АВТОРИТЕ Д-Р ЈАДРАНКА ДАБОВИЌ АНАСТАСОВСКА И Д-Р ВАЛЕНТИН ПЕПЕЉУГОСКИ

На седницата на Наставно научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" одржана на 2015 година, определен сум за рецензент на второто изменетО и дополнето издание на учебникот „Авторско право" од авторите Д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска и Д-р Валентин Пепељугоски. По внимателното читање на текстот го давам следниов :

## ИЗВЕШТАЈ

Текстот насловен „Авторско право"- второ дополнето и изменето издание, има 301 страница компјутерски обработен текст.Во текстот се содржани 289 фусноти. Кон текстот е приложена библиографија од актуелни текстови поврзани со авторското право и сродните права во вкупен број од 106 библиографски единици.

Текстот на учебникот е составен од Предговор кон второто издание, Предговор, тринаесет глави и Прилози : Глава I-Систем на интелектуална сопственост, Глава II-Поим на авторското право, Глава III-Настанување и развиоток на авторското право, Глава IV-Извори на авторското право во Република Македонија, Глава V- Правната природа на авторското право, Глава VI- Субјекти и носители на авторското право, Глава VII-Содржина на авторското право, Глава VIII-Ограничување и траење на авторското право, Глава IX- Видови авторски дела, Глава X-Пренесување на авторското право, Глава XI- Остварување на авторското право, Глава XII-Сродни права на авторското право и Глава XIII-Правна заштита на авторското право. Секоја глава започнува со тематски прашања за потсетување што треба да се запомни од определената тема и кратка содржина на обработуваната тема. Методолошки, учебникот во второто издание е збогатен и со определени графизми, што графички ја прикажуваат проблематиката на одредена тема.

Учебникот „Авторско право" е јасен и систематски напишан текст што одлично може да им помогне на студентите во совладувањето на материјата од обласа на правото на интелектуална сопственост. Методолошки извонредно поставен, овој учебник преку тематските прашања, графичките прикази и болдираните најважни делови од определената тема им овозможува на читателите полесно совладување на предметната материја и разграничување на она што треба да се запомни, од делот на текстот, што е во функција на полесно разбирање на дадената проблематика и од она што значи збогатување на знаењата, што е првенствено наменето наменето за втор и трет циклус на студии.

Второто, дополнето и изменето издание во себе ги инкорпорира измените настанати во оваа материја како резултат на промена на домашното законодавство, и тоа на новиот Закон за авторското право и

сродните права од 2010 година со сите негови измени и дополнувања до 2015 година, како и решенијата содржани во Директива 2014/26/EU на Европскиот парламент и Советот од 26 февруари 2014 за колективно остварување на авторското право и сродните права за издавање на одобренија за повеќе државни територии за права на користење на музички дела за внатрешниот пазар, која е објавена во Службен весник на Европската унија на 20.3.2014 година.

Учебникот „Авторско право", освен за наставни цели на додипломските, постдипломските и докторските студии на правните факултети, може да послужи како корисен текст за сите кои се занимаваат со наука, за сите креативни студии и креативни поединци, што се наоѓаат во улога на автори или носители на сродни права. Тука тие можат да најдат одговор на многу прашања: за изворите со кои се уредува правниот режим на авторското право и сродните права, за тоа кој може да биде автор или носител на авторското право и сродните права, како се врши прометот на овие права, како тие се остваруваат и како авторите, креаторите, изведувачите и титуларите можат да ги заштитат авторското право и сродните права.

Имајќи го предвид погоре кажаното, со особено задоволство му предлагам на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" да ја усвои оваа рецензија и да го објави второто дополнето и изменето издание на универзитетскиот учебник „Авторско право " од авторите д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска и д-р Валентин Пепељугоски.

Рецензент,

Проф. д-р Арсен Јаневски с.р

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИКОТ „АВТОРСКОПРАВО“ОД АВТОРИТЕ Д-Р ЈАДРАНКА ДАБОВИЌ АНАСТАСОВСКА И Д-Р ВАЛЕНТИН ПЕПЕЉУГОСКИ

На седницата на Наставно научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ одржана на 2015 година, определен сум за рецензент на второто изменетО и дополнето издание на учебникот „Авторско право“ од авторите Д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска и Д-р Валентин Пепељугоски. По внимателното читање на текстот го давам следниов :

## ИЗВЕШТАЈ

Авторите на учебникот „Авторско право“, по исцрпување на првото издание на учебникот, поради измени во домашното законодавство, донесување на нов Закон за авторското право и сродните права во 2010 година пристапиле кон измената и дополнување на првото издание на учебникот.Тие, збогатувајќи го текстот, библиографските единици, изработиле текст што се заснова на претходното издание, но воедно успеале да го осовременат текстот и да го направат актуелен согласно со новините во домашното и меѓународното право во обласа во која пишуваат. Авторите притоа ги имплементирале и сите измени и дополнувања на Законот за авторското право и сродните права направени заклучно со месец ноември 2015 година.

Текстот на учебникот „Авторско право“- второ дополнето и изменето издание, брои вкупно 413 страници, од кои 301 страница компјутерски обработен текст, односно текст што го сочинува самиот учебник, а потоа во вкупниот број страници е содржан и пречистениот текст на Законот за авторското право и сродните права. Авторите имаат користено класичен начин на цитирање во 289 фусноти. Библиографијата која се наоѓа на крајот на учебникот брои 106 библиографски единици.

Авторите на текстот насловен „Авторско право“ со начинот на кој ја концептирале содржината на овој учебник, покажуваат дека се работи за искусни педагози, кои умеат да направат градација на материјата и да создадат таков учебник, што ќе може да се користи во различни степени на академското образование – додипломско, постдипломско и за докторски студии. Учебникот е наменет првенствено за студенти на право, но јасниот јазик што се користи во пишувањето, како и поделбата на материјата и систематизацијата овозможуваат учебникот да биде пристапен и за сите други студенти, наставен кадар како и за сите автори, креатори, изведувачи и носители на авторското право и сродните права. Поделен во 13 глави, текстот на учебникот не’ води од изворите на правото со кои се уредува материјата во домашната и меѓународната легислатива, преку најважните прашања во однос на авторското дело, сродните права,

авторите, остварувањето на правата, преносот, до правната заштита поради повреда на авторското право и сродните права. Методолошки, за да им го олеснат на корисниците совладувањето на материјата, авторите се определиле пред почетокот на секоја глава да постават определен број на прашања за читателот да има предвид за што ќе добие одговор читајќи ја таа глава. Исто така , авторите се определиле за секоја глава по поставените прашања да направат кусо резиме за обработената материја во таа глава, со истакнување на најважните заклучоци. Ова е мошне добро направено, така што студентот или корисникот има точно предвид што е она што се очекува да се научи и да се запомни за да се стекнат базични знаења за определената проблематика. Во текстот што, пак, ја сочинува определената глава, авторите даваат историска ретроспектива, споредбена димензија со законодавствата на други држави, правото на Европската унија, примери од практиката и прават комплексна обработка на темата што се обработува, со посочување на поширока литература во фуснотите. Сето ова, вака методолошки и педагошки конципирано дава можност учебникот да се користи како за додипломски, послтдипломски , така и за докторски студии. Посебно збогатување на текстот се и двата предговора што укажуваат на актуелните моменти и состојби кога се објавуваат двете изданија и точно ја посочуваат читачката публика на која им е наменет овој учебник. Учебникот може да се користи (како што велат и самите автори) и од сите автори, креативци, изведувачи и други носители на права за збогатување на нивните познавања од оваа област, но и за совладување на договорните начини за комерцијализација, за начините на остварување на авторското право и сродните права и за спроведување на нивната заштита, како и од сите останати читатели за да стекнат знаења како и кога можат слободно да користат авторски дела и сродни права без да вршат нивна повреда. На крајот од учебникот, авторите го даваат и текстот на Законот за авторското право и сродните право во пречистена приватна редакција.

Како рецензент имам особено задоволство и чест на Наставно-научниот совет да му предложам да ја усвои оваа рецензија и да го дозволи објавувањето на учебникот „Авторско право“од авторите д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, редовен професор и д-р Валентин Пепељугоски, редовен професор, во издание на Правниот факултет „Јустинијан Први“.

Рецензент

Проф. д-р Гале Галев с.р.

ИСПРАВКА

„При срамнување на изворниот текст на Рецензијата за оцена на темата за докторска дисертација **Финансиско учество на вработените во работењето на друштвата** од **м-р Самир Латиф,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје со текстот на Рецензијата објавена во Билтенот бр. 1112 од 1.12.2015 година е констатирана техничка грешка при што се дава следнава

ИСПРАВКА

Во Рецензијата за оцена на темата за докторска дисертација **Финансиско учество на вработените во работењето на друштвата** од **м-р Самир Латиф,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во потписниците наместо името „Саво Климовски" треба да стои името „Александар Климовски".

**Од Правниот факултет „Јустинијан Први"**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА СЕИЗМОЛОГИЈАТА ВО СЕИЗМОЛОШКАТА ОПСЕРВАТОРИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет - Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 28.10.2015 година, за избор на двајца асистенти од областа на сеизмологијата во Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1675/3, донесена на 26.11.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав: д-р Лазо Пекевски, научен советник во пензија на Природно-математичкиот факултет, д-р Драгана Черних-Анастасовска, научен соработник на Природно-математичкиот факултет, д-р Ненад Новковски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на асистент од областа на сеизмологијата во предвидениот рок се пријави м-р Јасмина Најдовска.

### 1. Биографски податоци и образование

Кандидатката м-р Јасмина Најдовска е родена на 12.7.1980 година во Скопје. Средно образование завршила во природно-математичката гимназија „Раде Јовчевски-Корчагин“ во 1999 година со матурска тема под наслов ***Земјотреси - општи карактеристики***. Со високо образование се стекнала на Природно-математичкиот факултет (ПМФ) во Скопје, група: физика, поднасока геофизика: на 9.2.2005 година, со одбрана на дипломскиот труд ***Сеизмичност на Охридското сеизмогено подрачје*** под менторство на д-р Лазо Пекевски, и остварува просечен успех на студии 7,63. Согласно со Законот за дополнување на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 24/13), кандидатката по повторно преполагање на предмети, остварила просечна оценка 8,03.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2004/2005 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на програмата по геологија, Катедра за геологија и геофизика на Факултетот за природни и технички науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Студиите ги завршила во 2009 година, со просечен успех 9,25. На 3.2.2009 година го одбранила магистерскиот труд под наслов: ***Методата на рефракција во дефинирањето на структурниот модел на руптурните структури***, под менторство на проф. д-р Тодор Делипетров. Во текот на 2006 г., во рамките на *Темпус*- проектот ***Геомагнетните мерења и стандарди за квалитет*** на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, завршила тримесечна обука за мерење на геомагнетното и електромагнетното поле, при што се стекнала со *Сертификат за стручно знаење од областа на геомагнетните и електромагнетните мерења и стандарди за квалитет*.

Докторска дисертација кандидатката пријавила на 29.11.2011 година на Институтот за физика при ПМФ во Скопје. Дисертацијата на тема: ***Примена на сеизмолошките методи во определувањето на брзинскиот модел на Земјината кора под територијата на Р. Македонија***, под менторство на д-р Лазо Пекевски, научен советник во сеизмолошката опсерваторија на ПМФ во Скопје.

Од 24.12.2012 година е во редовен работен однос како асистент од областа на сеизмологијата во Сеизмолошката опсерваторија при Факултетот.

Од тогаш активно учествува во работата на сеизмолошката служба: организација, анализа на дигиталните и микросеизмичките сеизмолошки податоци, составување на прелиминарен сеизмолошки билтен, каталози, атласи на карти на изосеисти и епицентрални карти на земјотресите од територијата на Р. Македонија, води картотека на земјотреси по станици. Има соодветни задачи и задолженија во наставата на Опсерваторијата за студенти, ученици и други групи на посетители, учествува во научно-истражувачките проекти и апликации, ги следи современите научни достигнувања во сеизмологијата. Во случај на почувствуван земјотрес, организира праќање на извештаи за земјотресот, учествува во стручни дежурства за време на викенди и празници, по потреба оди на терен со цел собирање на макросеизмички податоци од подрачја каде што е почувствуван земјотрес на територијата на Република Македонија.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатката м-р Јасмина Најдовска била вклучена во наставата во школи и работилници. Учествува во повремената наставно-популаризаторска дејност за ученици и студенти на Сеизмолошката опсерваторијата при ПМФ во Скопје за студенти по физика и географија, како и за ученици од средните училишта (во соработка со училишните професори по физика и географија).

Таа е исто така и коавтор на научно-популарна статија:

- Вера Чејковска, Лазо Пекевски, Драгана Черних –Анастасовска, Катерина Дрогрешка и **Јасмина Најдовска**, Сеизмичност на Македонија, Скопско епицентрално подрачје, *Пресинг* (списание на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Македонија), Год. III, Број 15, јуни 2013, стр. 19-27.

### Научноистражувачка дејност

Главниот научен интерес на кандидатката е истражувањето на параметрите на локалната и регионална сеизмичност, теоријата на ширење на сеизмичките бранови (со особен интерес за конкретните геофизички параметри на Земјината кора на територијата на Република Македонија) и други подобласти од сеизмологијата.

Главниот научен интерес на кандидатката е истражувањето на параметрите на локалната и регионалната сеизмичност, теоријата на ширење на сеизмичките бранови (со особен интерес на конкретните геофизички параметри на Земјината кора на територијата на репиблика Македонија) и други подобласти од сеизмологијата.

М-р Јасмина Најдовска ги има објавено следниве научни трудови од областа на сеизмологијата во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор:

- Čejkovska V., Pekevski L., Černih D., Drogreška K., **Najdovska J**., 2013, Seismicity of the Skopje area, *Proceedings, International conference on earthquake engineering, SE-EEE 1963-2013, 29-31 May, 2013 Skopje, Reublic of Macedonia,* Macedonian Association for Earthquake Engineering (MAEE), CD ROM *ISBN 978-608-65185-2-3*.
- Čejkovska V., Černih D., Drogreška K., **Najdovska J.,** 2013, Seismic moment and other source parameters for the 26 july 1963 6.1 Skopje earthquake, *Proceedings, International conference on earthquake engineering, SE-EEE 1963-2013, 29-31 May, 2013 Skopje, Reublic of Macedonia,* Macedonian Association for Earthquake Engineering (MAEE), CD ROM *ISBN 978-608-65185-2-3*.

Кандидатката има учествувано во изработката на следниве постери на меѓународен научен собир:

- Čejkovska V., Pekevski L., Černih D., Drogreška K., **Najdovska J**., 2013, Seismicity of the Skopje area, *International conference on earthquake engineering, SE-EEE 1963-2013*, 29–31 May, 2013 Skopje, Republic of Macedonia, Macedonian Association for Earthquake Engineering (MAEE), CD ROM ISBN 978-608-65185-2-3. (0,5 поени).
- Čejkovska V., Černih D., Drogreška K., **Najdovska J**., 2013, Seismic moment and other source parameters for the 26 july 1963 6.1 Skopje earthquake, *International conference on earthquake engineering, SE-EEE 1963-2013,* 29–31 May, 2013 Skopje, Republic of Macedonia, Macedonian Association for Earthquake Engineering (MAEE), CD ROM ISBN 978-608-65185-2-3. (0,5 поени).

Кандидатката учествувала во составувањето на апстракт за научен труд на меѓународен научен собир:

- Dragana Černih-Anastasovska, V. Čejkovska, K. Drogreška, **J. Najdovska**, Damiging effects of the strong historical and modern earthquakes in Republic of Macedonia and neighboring regions, *9th International Physics Conference of the Balkan Physical Union*, 24-27 August 2015, Istanbul University, İstanbul / Turkey, http://bpu9.balkanphysicalunion.com/program/Bpu9-Accepted-Oral-Presentations.pdf.

## Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

М-р Јасмина Најдовска активно е вклучена во редовната и стручно-апликативната работа на Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, како и во дејностите на оваа институција од поширок интерес.

Кандидатката учествува во редовната дејност на Опсерваторијата, во која влегува анализа на сеизмограми, изработка на прелиминарните сеизмолошки билтени и деталните каталози на земјотреси, размената на сеизмолошките податоци со институции од странство, анкетното и теренското собирање на макросеизмички податоци. Во оваа дејност влегува и учеството на кандидатката во унапредувањето на сеизмолошките станици инсталирани на територијата на Република Македонија.

Кандидатката учествува во набљудувањето на природната и

индуцираната сеизмичност на подрачјето на ХЕЦ Козјак. Освен за ова подрачје, кандидатката учествувала во слични истражувања за браните Св. Петка и Кнежево. Така, таа е коавтор на студиите на Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ во Скопје врзана со овие апликации:

- Пекевски, Л., Чејковска, В., Черних–Анастасовска, Д., Дрогрешка, К. и **Ј. Најдовска**, 2012, *Следење на сеизмичка активност–индуцирана сеизмичност на браните „Козјак“* и *„Св. Петка“. Извештај за следење на сеизмичката активност од 2009 до 2011 година,* Скопје: Сеизмолошка опсерваторија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.
- Пекевски, Л., Чејковска, В., Черних–Анастасовска, Д., Дрогрешка, К. и **Ј. Најдовска**, 2013, *Сеизмичко набљудување за следење на сеизмичката активност - индуцирана сеизмичност на браните „Козјак“ и „Св. Петка“ и локацијата „Белица“, Извештај за следење на сеизмичката активност за 2012 година,* Скопје: Сеизмолошка опсерваторија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.
- Пекевски, Л., Чејковска, В., Черних–Анастасовска, Д., Дрогрешка, К. и **Ј. Најдовска**, 2014, *Сеизмичко набљудување за следење на сеизмичката активност - индуцирана сеизмичност на браните „Козјак“ и „Св. Петка“ и локацијата "Белица". Извештај за следење на сеизмичката активност за 2013 година*, Скопје: Сеизмолошка опсерваторија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.
- Чејковска, В., Черних–Анастасовска, Д., Пекевски, Л., Дрогрешка, К. и **Ј. Најдовска**, 2014, *Сеизмичко набљудување за следење на сеизмичката активност – индуцирана сеизмичност на браната „Кнежево" и одржување на сеизмолошка станица,* Скопје: Сеизмолошка опсерваторија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.
- Пекевски, Л., Чејковска, В., Черних–Анастасовска, Д., Дрогрешка, К. и **Ј. Најдовска**, 2015, *Следење на сеизмичка активност–индуцирана сеизмичност на браните „Козјак“* и *„Света Петка “ и локацијата „Белица “. Извештај за следење на сеизмичката активност за 2014,* Скопје: Сеизмолошка опсерваторија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.

Од 28.11.2013 до 2.12.2013 г., кандидатката остварила престој на работилницата „International School and Workshop on Nonlinear Mathematical Physics and Natural Hazards”, во БАН, Софија, Р. Бугарија, која манифестација е поддржана од UNESCO-VENICE OFFICE; Southeastern European Network in Mathematical and Theoretical Physics (SEENET-MTP) и Bulgarian Academy of Sciences (BAS).

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката м-р Јасмина Најдовска, во извештајниот период, нема оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на ПМФ во Скопје, бидејќи на студиската програма применета физика – геофизика, I и II циклус, на Институтот за физика при Факултетот, каде што кандидатката би била ангажирана како асистент при вежбите, немало пријавено студенти.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-

образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Јасмина Најдовска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Јасмина Најдовска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде преизбрана во звањето асистент од областа на сеизмологијата.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, м-р Јасмина Најдовска да биде преизбрана во звањето асистент од областа на сеизмологијата.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Лазо Пекевски, научен советник на ПМФ – Скопје (во пензија), с.р.

2. Д-р Драгана Черних-Анастасовска, виш научен соработник на ПМФ – Скопје, с.р.

3. Д-р Ненад Новковски, редовен професор на ПМФ – Скопје, с.р.

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА СЕИЗМОЛОГИЈАТА ВО СЕИЗМОЛОШКАТА ОПСЕРВАТОРИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха"од 28.10.2015 година, за избор на двајца асистенти од областа сеизмологија во Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1676/3, донесена на 26.11.2015, избрана е Рецензентска комисија по пријавата на м-р Катерина Дрогрешка, во состав: д-р Вера Чејковска, виш научен соработник на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Драгана Черних-Анастасовска, виш научен соработник на Природно-математичкиот факултет во Скопје и д-р Благоја Вељановски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на асистент во сите наставно-научни звања во научната област сеизмологија, во предвидениот рок се пријави кандидатката м-р Катерина Дрогрешка.

### 3. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката м-р Катерина Дрогрешка е родена на 15.8.1973 г., во Скопје. По завршувањето на гимназиското образование во Скопје, се запишала на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на студии по физика, насока: метеорологија со геофизика, поднасока геофизика, каде што во февруари 2005 г. дипломирала со просечна оценка 8,13, стекнувајќи се со стручниот назив дипломиран геофизичар. Дипломскиот труд со наслов ***Сеизмичност на Вардарска сеизмогена зона*** го изработила под менторство на д-р Лазо Пекевски со одличен успех. Во текот на 2006 г. во рамките на *Темпус*-проектот ***Геомагнетните мерења и стандарди за квалитет*** на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, завршила тримесечна обука за мерење на геомагнетното и електромагнетното поле, при што се стекнала со *Сертификат за стручно знаење од областа на геомагнетните и електромагнетните мерења и стандарди за квалитет*. Во февруари 2009 г. завршила втор циклус на студии со просечна оценка 9,25, на студиската програма геологија, Катедра за геологија и геофизика, насока: применета геофизика, со одбрана на магистерскиот труд ***Методата на рефлексија во дефинирање на структурниот модел на депресија***, под менторство на проф. д-р Тодор Делипетров. Со тоа се стекнала со звањето магистер на технички науки.

Од јануари 2009 г. до декември 2012 г. волонтирала во Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет (ПМФ) во Скопје. Во текот на ова волонтирање, м-р Катерина Дрогрешка се стекнува со подетални теоретски познавања од сеизмологијата, како и со соодветна практика во сеизмолошката служба – анализа на инструменталните сеизмолошки и макросеизмички податоци, изработка на сеизмолошки билтени, каталози и карти на изосеисти.

Од декември 2012 г. е во работен однос на Природно-математичкиот факултет во Скопје како асистент од областа на сеизмологијата. За време на работата, кандидатката м-р Катерина Дрогрешка активно учествува во редовната, апликативната и научноистражувачката дејност на Опсерваторијата. Има и соодветни задачи и задолженија во наставата на Опсерваторијата за студенти, ученици и други групи на посетители. Во случај на почувствуван земјотрес активно учествува во извршувањето на задачите пропишани со *Постапката во случај на почувствуван земјотрес*, врши стручни дежурства за време на

викенди и празници, по потреба оди на терен со цел собирање на инструментални и макросеизмички податоци или вршење на контрола на инструментите во станиците во сеизмолошката мрежа што ја одржува Опсерваторијата.

Во ноември 2011 г. пријавила докторска дисертација на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, со наслов ***Примена на теоријата на дислокации во дефинирањето на епицентралните подрачја и тектонските услови на територијата на Република Македонија,*** под менторство на д-р Вера Чејковска.

Кандидатката активно го владее англискиот јазик.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 4. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатката м-р Катерина Дрогрешка е вклучена во наставата во школи и работилници. Учествува во повремената наставно-популаризаторска дејност за ученици и студенти на Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ во Скопје за студенти по физика и географија, како и за ученици од основните и средните школи (во соработка со школските професори по физика и географија).

Таа е исто така и коавтор на научно-популарна статија:

Вера Чејковска, Лазо Пекевски, Драгана Черних –Анастасовска, **Катерина Дрогрешка** и Јасмина Најдовска, Сеизмичност на Македонија, Скопско епицентрално подрачје, *Пресинг* (списание на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Македонија), Год. III, Број 15, јуни 2013, стр. 19-27.

### Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност

Главниот научен интерес на кандидатката е истражувањето на параметрите на локалната и регионална сеизмичност, физиката на земјотресното жариште, сеизмотектониката, макросеизмиката како и други подобласти од сеизмологијата.

М-р Катерина Дрогрешка ги има објавено следниве научни трудови од областа на сеизмологијата во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор:

- Čejkovska V., Pekevski L., Černih D., **Drogreška K.**, Najdovska J., 2013, Seismicity of the Skopje area, Proceedings, International conference on earthquake engineering, SE-EEE 1963-2013, 29-31 May, 2013 Skopje, Reublic of Macedonia, Macedonian Association for Earthquake Engineering (MAEE), CD ROM ISBN 978-608-65185-2-3.
- Čejkovska V., Černih D., **Drogreška K.,** Najdovska J., 2013, Seismic moment and other source parameters for the 26 july 1963 6.1 Skopje earthquake, Proceedings, International conference on earthquake engineering, SE-EEE 1963-2013, 29-31 May, 2013 Skopje, Reublic of Macedonia, Macedonian Association for Earthquake Engineering (MAEE), CD ROM ISBN 978-608-65185-2-3.
- Кандидатката има учествувано во изработката на следниве постери на меѓународен научен собир:
- Čejkovska V., Pekevski L., Černih D., **Drogreška K.,** Najdovska J., 2013, Seismicity of the Skopje area, International conference on earthquake engineering, SE-EEE 1963-2013, 29–31 May, 2013 Skopje, Republic of Macedonia, Macedonian Association for Earthquake Engineering (MAEE), CD ROM ISBN 978-608-65185-2-3. **(0,5 поени)**

- Čejkovska V., Černih D., **Drogreška K.,** Najdovska J., 2013, Seismic moment and other source parameters for the 26 july 1963 6.1 Skopje earthquake, International conference on earthquake engineering, SE-EEE 1963-2013, 29–31 May, 2013 Skopje, Republic of Macedonia, Macedonian Association for Earthquake Engineering (MAEE), CD ROM ISBN 978-608-65185-2-3. **(0,5 поени)**

Кандидатката учествувала во составувањето на апстракт за научен труд на меѓународен научен собир:

- Dragana Černih-Anastasovska, V. Čejkovska, **K. Drogreška**, J. Najdovska, Damiging effects of the strong historical and modern earthquakes in Republic of Macedonia and neighboring regions, 9th International Physics Conference of the Balkan Physical Union, 24-27 August 2015, Istanbul University, İstanbul / Turkey, http://bpu9.balkanphysicalunion.com/program/Bpu9-Accepted-Oral-Presentations.pdf.

## Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

М-р Катерина Дрогрешка активно е вклучена во редовната и стручно-апликативната работа на Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ во Скопје, како и во дејностите на оваа институција од поширок интерес.

Поконкретно, во редовната дејност на кандидатката влегуваат учествата во анализата на сеизмограми, изработката на прелиминарните сеизмолошки билтени и деталните каталози на земјотреси, размената на сеизмолошките податоци со институции од странство, анкетното и теренското собирање на макросеизмички податоци, како и во нивната анализа. Во оваа дејност влегува и учеството на кандидатката во одржувањето и унапредувањето на сеизмолошките станици инсталирани на територијата на Република Македонија.

Кандидатката учествува во набљудувањето на природната и индуцираната сеизмичност на подрачјето на ХЕЦ Козјак. Освен за ова подрачје, кандидатката учествувала во слични истражувања за браните Св. Петка и Кнежево. Така, таа е коавтор на студиите на Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ во Скопје врзана со овие апликации:

- Пекевски, Л., Чејковска, В., Черних–Анастасовска, Д., **Дрогрешка, К.** и Ј. Најдовска, 2012, Следење на сеизмичка активност–индуцирана сеизмичност на браните „Козјак" и „Св. Петка". Извештај за следење на сеизмичката активност од 2009 до 2011 година, Скопје: Сеизмолошка опсерваторија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"**.**
- Пекевски, Л., Чејковска, В., Черних–Анастасовска, Д., **Дрогрешка, К.** и Ј. Најдовска, 2013, Сеизмичко набљудување за следење на сеизмичката активност - индуцирана сеизмичност на браните „Козјак" и „Св. Петка" и локацијата „Белица", Извештај за следење на сеизмичката активност за 2012 година, Скопје: Сеизмолошка опсерваторија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј**"**.
- Пекевски, Л., Чејковска, В., Черних–Анастасовска, Д., **Дрогрешка, К.** и Ј. Најдовска, 2014, Сеизмичко набљудување за следење на сеизмичката активност - индуцирана сеизмичност на браните „Козјак" и „Св. Петка" и локацијата "Белица". Извештај за следење на сеизмичката активност за 2013 година, Скопје: Сеизмолошка опсерваторија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј**"**.
- Чејковска, В., Черних–Анастасовска, Д., Пекевски, Л., **Дрогрешка, К.** и Ј. Најдовска, 2014, Сеизмичко набљудување за следење на сеизмичката активност – индуцирана сеизмичност на браната „Кнежево" и одржување на сеизмолошка станица, Скопје: Сеизмолошка опсерваторија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"**.**

- Пекевски, Л., Чејковска, В., Черних–Анастасовска, Д., **Дрогрешка, К.** и Ј. Најдовска, 2015, Следење на сеизмичка активност–индуцирана сеизмичност на браните „Козјак“ и „Света Петка “ и локацијата „Белица “. Извештај за следење на сеизмичката активност за 2014, Скопје: Сеизмолошка опсерваторија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.

Кандидатката е коавтор на поглавје во научно-популарна книга:

- Чејковска, В., Черних–Анастасовска, Д., Дрогрешка, К., Земјотресот – природен експеримент, 2012, Експериментот во физиката / уредник Стојан Манолев, Скопје: Друштво на физичарите на Република Македонија, Школа „Млади физичари“, книга XXXVII, стр.62–79. (ISBN 978-608-4711-00-1).

Од 28.11.2013 до 2.12.2013 г., кандидатката остварила престој на работилницата „International School and Workshop on Nonlinear Mathematical Physics and Natural Hazards”, во БАН, Софија, Р. Бугарија, која манифестација е поддржана од UNESCO-VENICE OFFICE; Southeastern European Network in Mathematical and Theoretical Physics (SEENET-MTP) и Bulgarian Academy of Sciences (BAS).

## Оценка од самоевалуација

Кандидатката м-р Катерина Дрогрешка, во извештајниот период нема оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на ПМФ во Скопје, бидејќи на студиската програма применета физика – геофизика, I и II циклус, на Институтот за физика при Факултетот, каде што кандидатката би била ангажирана како асистент при вежбите, немало пријавено студенти.

## Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Катерина Дрогрешка.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека м-р Катерина Дрогрешка поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје да биде преизбрана во звањето асистент од областа на сеизмологија.

Со оглед на изнесеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, м-р Катерина Дрогрешка да биде преизбрана во звањето асистент од областа на сеизмологијата.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Вера Чејковска виш научен соработник при ПМФ во Скопје, с.р.

2. Д-р Драгана Черних-Анастасовска, виш научен соработник при ПМФ во Скопје, с.р.

3. Д-р Благоја Вељановски, редовен професор при ПМФ во Скопје, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „КЛИНИЧКА КАРИОЛОГИЈА И ТЕРАПЕВТСКИ ПОСТАПКИ“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ЛИДИЈА ПОПОВСКА И ДОЦ. Д-Р ИЛИЈАНА МУРАТОВСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет, бр. бр. 08- 1273 од 27.8.2015 , за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот **„Клиничка кариологија и терапевтски постапки“** од авторите: проф. д-р Лидија Поповска и доц. д-р Илијана Муратовска, наменет за студентите на студиската програма за доктори по дентална медицина на Стоматолошкиот факултет, за предметите клиничка кариологија 1 и клиничка кариологија 2, избрани се проф. д-р Соња Апостолска, вонреден професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје и проф. д-р Ивона Ковачевска, вонреден професор на Медицинскиот факултет, стоматологија на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Општ дел**

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | **„Клиничка кариологија и терапевтски постапки“** |
| **Назив на предметната програма:** | Клиничка кариологија 1 и Клиничка кариологија 2 |
| **Назив на студиската програма:** | I циклус на студии- доктор по дентална медицина |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | 30 часа, 9,5 кредити |
| Предметот клиничка кариологија 1 за студиската програма доктор по дентална медицина на Стоматолошкиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 15, број на ЕКТС-кредити 4,5 и се слуша во 7. семестар.<br>Предметот клиничка кариологија 2 за студиската програма доктор по дентална медицина на Стоматолошкиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 15, број на ЕКТС-кредити 5 и се слуша во 8. семестар. | |

| | |
|---|---|
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 235 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 5 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 120 слики и 18 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**1. Проф. д-р . Соња Апостолска с.р.**

**2. Проф. д-р Ивона Ковачевска с.р.**

**ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р СОЊА АПОСТОЛСКА**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Материјалот во ракописот е поделен во 5 поглавја според третираната проблематика.<br><br>Авторите во првото поглавје насловено „Прием на пациентот во ординацијата, план на терапија и дијагностички процедури“ се задржуваат на земањето правилна анамнеза и клиничките дијагностички постапки при дијагноза на почетните и напреднатите кариозни лезии.<br><br>*Во второто поглавје со наслов „ Клинички аспекти на реставрација на забите“, авторите на* разбирлив и едноставен начин ги изнесуваат најновите согледувања на тераписките постапки кои се применуваат во конзервативната реставративна стоматологија: измените, отстапките и модификациите при препарација на забите, како и специфичностите при реставрациите на различните групи заби или локализации на кариозните лезии.<br><br>Третото поглавје се однесува на оштетувањата на забите кои не се предизвикани од кариозен процес, како што се истрошувањата на забните ткива, вродените и стекнатите структурни аномалии и траумите на забите.<br><br>Четврто поглавје претставува опис на реакциите на пулпо-дентинскиот комплекс кои се јавуваат при кариес, но и при постапките на препарација и реставрација на забите.<br><br>Во последното петто поглавје опишани се дополнителните методи кои се применуваат за решавање на специфични нарушувања, оштетувања или состојби, како што се: белење на забите, хиперсензитивност на збаите, реставрации на многу оштетени заби и усогласување на оклузијата кај пациентите.<br><br>Литературата е правилно цитирана и е соодветна на содржината на ракописот. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е наполно соодветен на усвоената предметна програма и претставува материјал за избор при изучувањето на овој предмет. |

| | |
|---|---|
| **Предлози за потребни корекции:** | Во материјалот нема потреба од корекции во квантитетот и квалитетот на содржината, начинот на уредувањето на текстот, како и потреба од дополнување или исклучување на одделен текст. |
| **Оцена на ракописот:** | Текстот е напишан јасно, стручно и разбирливо. Ракописот е добро осмислен, поддржан со графички и табеларни прикази, што материјалот го прави полесно разбирлив за студентот. Систематски се разработени теми од клиничката дентална патологија и терапија кои се предвидени во теоретската настава по предметот клиничка кариологија. Ракописот заслужува да се печати бидејќи ги задоволува сите критериуми на одличен учебник. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Општата педагошка оцена е дека овој учебник наполно соодветствува за едукација на студентите, особено ако сеземе предвид дека досега немаше учебник на Стоматолошкиот факултет за овој предмет.<br>Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 235 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 5 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 120 слики и 18 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметите клиничка кариологија 1 и клиничка кариологија 2, примарно наменет за студентите на на студиската програма доктори по дентална медицина на Стоматолошкиот факултет.

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Соња Апостолска с.р.**

**ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ИВОНА КОВАЧЕВСКА,**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Содржината на предложениот ракопис е структурирана во пет логично-последователни дела (*поглавја)* кои водат кон опфаќање на сите сознанија што треба да ги поседува студентот за успешна клиничка работа од областа клиничка кариологија и реставрација на забите.<br><br>*Во првото поглавје насловено како „Прием на пациентот во ординацијата, план на терапија и дијагностички процедури", авторите го насочуваат своето внимание кон дијагностичките постапки во областа на кариологијата, каде што се опфатени клиничките методи за утврдување на кариозниот процес (субјективниот исказ и објективниот наод), дополнителните методи за дијагностика на забниот кариес, но и современите методи за дијагностицирање на кариесот во најраните фази на својот развој.*<br><br>*Второто поглавје со наслов „Клинички аспекти на реставрација на забите" е најобемно по содржината и се фокусира на десет различни проблематики во клиничката практика од областа на реставративната стоматологија на забите: постигнување на суво работно поле како императив за успешна работа, алтернативни видови на препарација со ласер, воздушна абразија и ултразвук, современи ставови за препарација на забите, како и минимално инвазивни препарации.* Понатаму авторите ги опишуваат специфичностите за препарација и реставрација на поединечните групи на заби: естетските реставрации на антериорните, реставрациите на постериорните заби, на специфичностите при коренскиот кариес. Во ова поглавје се поместени и работата со атхезивите во стоматологијата, се укажува на грешките кои најчесто се случуваат во клиничката работа, но и начините како да се избегнат. На крајот на поглавјето опишани се реставрациите со инлеите и композитните фасети.<br><br>Во третото поглавје се претставени промените на забите кои имаат некариозно порекло, како што се функционалните аномалии, структурните аномалии и траумите на забите и нивната терапија. |

| | |
|---|---|
| | Четвртото поглавје се однесува на биолошките аспекти на ресетаративните процедури: реакциите на пулподентинскиот комплекс при кариес, стружење на забите и под дејство на материјалите за реставрација на забите.<br>Во последното петто поглавје, по описот на проблематиките, дадени се терапевтските постаки за одредени специфични проблеми од доменот на реставративната стоматологија: хиперсензитивност на забите, реставрација на многу оштетени заби, белење на витални заби и оклузално усогласување на денталните реставрации. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Предвидениот учебник опфаќа тематски единици во кои пропорционално се застапени сите делови предвидени со наставната програма за теоретска настава. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Предадени на авторите |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот во целост одговара на материјата која се предава по предметите клиничка кариологија 1 и клиничка кариологија 2 и ги покрива сите предвидени поглавја од теоретската настава. Концептот на креирање на учебникот соодветствува на методологијата на едукација на студентите и запознавање со дисциплините во современата реставративна стоматологија. Методолошки, во едукативна смисла, учебникот е приспособен за самостојно совладување на материјата, кон што придонесуваат бројните илустрации, појаснувања и коментари. Ракописот се оценува како целосно прикладен за учебник за едукација на студентите од соодветните предмети. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Методските единици се напишани на осмислен начин, систематизирани во 5 поглавја. Секоја методска единица претставува посебна целина која се надоврзува на претходната, така што сите заедно се вклопуваат во постојната програма за |

| | |
|---|---|
| | теоретска настава по предметот клиничка кариологија. Авторите ја изнесуваат материјата концизно, стручно и разбирливо.<br><br>Ракописот содржи материјал што треба да послужи како учебник за студентите на студиската програма за доктори по дентална медицина, како и дополнителна литература за студентите на специјализација од обласга на Стоматолошкиот факултет во Скопје. По обемот и содржината, тој во целост одговара на програмата на Стоматолошкиот факултет. Стилот на пишувањето е разбирлив и лесен за усвојување од страна на студентите за кои е наменет учебникот.<br><br>Според тоа, задоволство е да се биде рецензент на ваков учебник, кој ќе им овозможи на студентите и на сите оние на кои им претставува поле на интерес, успешно изучување на содржината. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметите клиничка кариологија 1 и клиничка кариологија 2, примарно наменет за студентите на студиската програма доктори по дентална медицина на Стоматолошкиот факултет.

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Ивона Ковачевска с.р.**

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАРКЕТИНГ-МЕНАЏМЕНТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Наставно – научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на седницата одржана на 20.11.2015 година ја донесе Одлуката бр. 0202-2570/2, за формирање на рецензентска комисија, во состав: проф. д-р Борис Анакиев редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во пензија, проф. д-р Снежана Ристевска-Јовановска редовен професор на Економскиот факултет во Скопје и проф. д-р Михајло Адамов редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во пензија, а во врска со објавениот конкурс во весниците „Дневник" од 22-25.10.2015 и „Коха" од 22.10.2015, за еден наставник во сите наставно научни звања од научната област маркетинг-менаџмент, на кој се пријави кандидатката проф. д-р Благица Сековска.

Откако ги разгледа сите документи и приложените трудови, Комисијата го доставува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## 1. Биографски податоци

Вонр. проф. д-р Сековска Благица е родена на 23.2.1970 година во Прилеп, каде што го има завршено основното и средното образование. На Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје се запишала во 1988 година, каде што и дипломирала во јуни 1993 година. Во 1996 година се запишала на постдипломски студии на Економскиот факултет во Скопје каде што на 10.05.2001 година ја одбранила својата магистерска теза на тема: „Маркетинг миксот во пласманот на производи од земјоделството", под менторство на проф. д-р Бошко Јаќовски. Веднаш по тоа, таа пријавила и докторска дисертација на Економскиот институт во Скопје на тема „Управувањето со маркетингот на сточарски производи во РМ", која успешно ја одбранила на 2.3.2006 година со што се стекнала со звањето доктор на економски науки од областа на маркетинг-менаџмент. Членови на комисијата за одбрана на докторскиот труд биле проф. д-р Татјана Б. Петковска, проф. д-р Татјана Петковска Мирчевска, проф. д-р Христо Кусакатов, проф. д-р Борис Анакиев и проф. д-р Ѓоко Буневски

Се вработила една година по завршувањето на Земјоделскиот факултет во Скопје, во 1994 година во администрацијата на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Меѓутоа по распишан конкурс на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, во 2004 година таа е избрана во звањето асистент по предметот Економија со основи на менаџмент.

На 6.6.2006 година со одлука на ННС бр. 0201-2027/3, била избрана за доцент по предметот економија со основи на менаџмент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Од учебната 2006/2007 година, па сè до денес, таа ги држи предавањата, вежбите и испитот по овој предмет. Во меѓувреме, таа учествувала во сите активности на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, главно поврзани со промоција на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, а од 1.12.2009 назначена е за одговорно лице за односи со клиенти на институцијата.

На 11.4.2011 година со одлука на ННС бр.0201-1478/3 од 09.04.2011, избрана е за вонреден професор на Катедрата за економија и менаџмент по група предмети.

## 2. Наставно – образовна дејност

На Факултетот за ветеринарна медицина при УКИМ во Скопје проф. д-р Сековска Благица ги предава предметите: рурална економија и основи на менаџмент со менаџмент на ветеринарна практика. Освен овие предмети таа вовела и неколку изборни предмети во наставата, и тоа: маркетинг на ветеринарна практика, економика на сточарско производство во соработка со проф. д-р Михајло Адамов, како и предметот управување со каналите за набавка на анимални производи, за кои предмети изготвила наставна програма, како и пакет материјали за потребите на студентите. Освен споменатите предмети на прв циклус, таа го предава и предметот менаџмент на синџирите за набавка на анимални производи и управување со квалитетот, на трет циклус студии. Од јануар 2015, таа ги исполнува и условите за ментор на докторски студии и излистана е како ментор на трет циклус на Факултетот. Во текот на последните години таа била ментор на 4 дипломски труда, како и член на Комисија за оцена на 1 докторат.

Во текот на изминативе години, кандидатката учествувала на многу студиски престои. Таа завршила две летни школи за рурален развој, и тоа во Лоѓ, Полска (септември 2002) и во Меркуреа Чук, Романија (септември 2004). Таа, исто така, учествувала и на Летниот универзитет во Приштина како предавач, предлагајќи свој летен курс под наслов “ **Labelling of agricultural products by animal origin according to EU requirements”,** (јули 2010). Учествувала на обуки и курсеви од својата област, како и кратки студиски престои во Будимпешта, Унгарија (јуни 2007) Болоња, Италија (септември 2007), Москва, Русија (септември 2008). Таа била и **CEEPUS** наставник на Универзитетот за биолошки и еколошки студии во Вроцлав, Полска (април 2008). Во 2008 година проф. д-р Благица Сековска го издала и учебното помагало под наслов „Маркетинг менаџмент на анимални производи во РМ“, ISBN 978-9989-44-138-7, рецензирано во Билтенот na УКИМ бр.1003 од 1.3.2011. Исто така, од последниот избор, па сè до денес, таа учествувала на следниве работилници:

1. “Impact of climate change on Food production in the western Balkan region - regional workshop“, Белград, март 2011;
2. “Technical Assistance on Horizon 2020“ во Skopje on 21 -22 Октомври 2014, во организација на Европската комисија;
3. “International Workshop on Harmonisatio Detection and Analysi of GMOs, 22-23 октомври 2014 – Скопје.

**Оценка од самоевалуација**

Проф. д-р Сековска Благица во последната година добила позитивна оценка од студентите, и тоа:

Зимски семестар 2013/14

Рурална економија 9,65

Летен семестар 2013/14

Основи на менаџмент со менаџмент на ветеринарна практика 9,07

Зимски семестар 2014/15

Рурална економија 9,63

Летен семестар 2014/15

Основи на менаџмент со менаџмент на ветеринарна практика 9,9

## 3. Научно-истражувачка дејност

Кон својата пријава, кандидатката д-р Сековска Благица ги поднесе и следниве објавени трудови:

- до изборот во звањето асистент 10 трудови на кандидатката се рецензирани во извештајот на рецензентската комисија за избор во звањето асистент (Билтен на УКИМ бр.872 од 29.4.2005),
- при изборот во звањето доцент има објавено сама или како коавтор 8 труда кои се рецензирани во извештајот на рецензентската комисија за избор во звањето доцент (Билтен на УКИМ бр. 897 од 15.5.2006).
- од изборот во звањето вонреден професор има објавено сама или во коавторство 22 труда, (Билтен на УКИМ бр.1003 од 1.3.2011).

## Трудови за рецензирање:

1. Благица Сековска: „Развој на пазарот на органски производи во РМ со посебен акцент на домашната побарувачка“, Економски развој – списание на Економскиот институт во Скопје, година 11, бр.3/2009, Скопје 2010, (излегло од печат во 2011)

Во овој труд се обработува пазарот на органски производи во РМ, со посебен осврт на преференциите на домашните потрошувачи во однос на органските производи од гледна точка на маркетингот. Исто така, авторката

детално ги објаснува сите аспекти кои се однесуваат на потрошувачката на органски производи преку истражување на репрезентативен примерок на потрошувачи. Во трудот, авторката го обработува и профилот на просечниот македонски потрошувач на органски производи (по пол, возраст, степен на образование, висина на месечен приход и сл.), споредувајќи го со профилот на европскиот просечен потрошувач на органски производи. Исто така, авторката ги обработува и ставовите на потрошувачите од гледна точка на маркетингот на органски производи земајќи ги предвид цената, брендот, квалитетот, асортиманот и сл. Во овој обемен труд, еден од првите во таа област во Република Македонија, опфатени се детално сите аспекти на потрошувачката на органски производи во РМ.

2. Благица Сековска:"Organic food supply chain – the case in Macedonia", Economic of agriculture, special issue – 2, vol.LVII, SI – 2(1-372), December 2010, UDC 338.43:63.

Во овој труд се обработува пазарот на органски производи во РМ, при што се опфатени сите учесници кои учествуваат во синџирот за набавка на анимални производи во Република Македонија, од нива до трпеза. Заедницата на органски производители сè уште е многу мала во Република Македонија и сè уште се наоѓа во рана иницијална фаза, кога домашната потрошувачка е во терминална фаза на развој и треба да ги открие новите производи. Авторката ги обработува сите проблеми од аспект на пазарот на кои наидуваат учесниците во тој пазарен синџир. Производителите се соочуваат со проблеми во набавката, но и со проблеми во пласманот. Домашниот пазар на органски производи е спорадичен и неразвиен, а дистрибутивната мрежа слаба и недоволно развиена. Авторката успеала да ги согледа сите аспекти на пазарниот синџир на органски производи и детално да ги опише.

3. Blagica Sekovska, Pavlovski Damjan: "Applying E-marketing in promotion of veterinary practice" Macedonian veterinary review, vol 34 (2011) No1, Skopje, ISSN 1333-2422.

Во овој труд се обработуваат проблемите на една приватна ветеринарна практика од гледна точка на маркетингот на ветеринарни услуги. При тоа, акцентот е ставен на новите, современи, електронски форми за промоција. Се прави анализа на состојбите преку анализа на случај на една успешна ветеринарна амбуланта која успеала да го подигне месечниот профит преку користење на современи алатки за економска пропаганда. Во трудот, авторите се осврнуваат на местото и улогата на е-маркетингот преку користењето на социјалните мрежи, како што е Фејсбук, блогирањето, користење на веб-страници, изработка и дистрибуција преку електронска пошта на електронски билтени, банери и слично. Тие покажуваат колку ефикасни, а при тоа и економски исплатливи можат да бидат овие електронски форми на промоција, особено во случај на една ветеринарна амбуланта.

4. Natasha Daniloska, Blagica Sekovska: "Education structure and training needs assessment of agricultural and rural population in the Republic of Macedonia "Journal of Croatian Society of agricultural economists, vol 2 (2011) No1, Skopje, UDK:658.8.004.5636.09.

Во овој труд се обработува образовната структура на земјоделското и руралното население, исто така и нивната потреба од современи форми на обука, со цел ова население да го задржи чекорот со современите светски трендови.

Целта на овој труд е да даде опфат на состојбите во оваа сфера од гледна точка на Националната стратегија, како и легалната рамка која го планира и третира овој проблем. Земајќи го предвид високиот степен на невработеност и фактот дека идната реорганизација на секторот за храна во РМ може да резултира со уште поголеми негативни ефекти врз вработувањето, пристапот до квалитетно образование, особено за оваа мошне вулнерабилна, рурална популација е од есенцијална важност. Ова е особено значајно од аспект на социјалниот и економскиот развој на Република Македонија.

5. Blagica Sekovska, Gjoko Bunevski: “First step in developing an organic food supply chain in Macedonia”, EAAP publication No.133: “Consumer attitudes to food quality products- emphasis on South Eastern Europe, Wageningen Academic Publisher, ISSN 0071-2477,2013.

Во овој труд се обработува суп-секторот за производство на органски производи. Биле анкетирани над 500 испитаници, потрошувачи на органски производи, кои потоа биле статистички обработувани на СПСС-статистичка програма. Авторите се осврнуваат на многу аспекти од органското производство, како што се факторите за производство и сертификација, факторите на дистрибуција, , како и фактори кои влијаат на самиот процес на купување, односно кои допринесуваат потрошувачот да донесе одлука за купување. Во заклучокот јасно се прецизира постојната ситуација во сферата на органското производство и консумација во РМ по сите претходно споменати параметри.

6. Blagica Sekovska, Vlahovich Branislav, Gjoko Bunevski: “Consumption of organic food in Macedonia and Serbia: similarities and differences”, EAAP publication No.133: “Consumer attitudes to food quality products - emphasis on South Eastern Europe, Wageningen Academic Publisher, ISSN 0071-2477,2013.

Во овој труд се обработува суп-секторот за производство на органски производи на Балканот, со посебен осврт на состојбите во Република Македонија и во Република Србија. При тоа, авторите ги компарираат сите обработувани параметри носејќи заклучок за сличностите и разликите на овие два пазари за органски производи. Во двете земји биле анкетирани повеќе од 800 испитаници, потрошувачи на органски производи, кои потоа биле статистички обработувани на СПСС-статистичка програма. Авторите ги категоризираат купувачите по демографски и останати параметри, водејќи сметка за рамноправна застапеност на испитаниците и во двете земји по пол, возраст, образование и доход. Тие прават компаративна анализа на потрошувачките навики, дефинирајќи ги притоа сличностите и разликите и во двете земји во однос на потрошувачката на органските производи. Во заклучокот се прецизира постојната ситуација во сферата на органското производство и консумација во РМ и во РС и се потврдува хипотезата дека не постојат големи разлики помеѓу потрошувачите во двете земји.

7. Благица Сековска: „Барањата на ветеринарната пракса – некогаш и сега”, Билтен на ветеринарната комора на РМ, бр. 1/2010 (излегло од печат во април 2011).

Ова е стручно популарен труд, кој има за цел да ги објасни барањата кои се поставуваат пред ветеринарната професија од гледна точка на менаџментот. Авторката се осврнува на потребите за т.н. меки знаења кои се поставуваат пред ветеринарната професија, како и местото и улогата што овие знаења го имаат во развојот на ветеринарната професија. Освен ова се споменуваат и разликите во

поглед на ветеринарната професија некогаш и сега и од гледна точка на: тип на практика, простории, сопственост, услуги, кадар и клиенти.

8. Благица Сековска: „Зошто на вашата ветеринарна професија и е потребен менаџер", Билтен на ветеринарната комора на РМ, бр. 2/2010, декември 2010 (излегло од печат во април 2011).

Овој труд е дел од серија на стручно-популарни трудови, кои имаат за цел да ги доближат сознанијата за потребата од т.н. меки знаења до ветеринарите од теренот со цел да дејствуваат информативно и едукативно. Авторката се осврнува од потребите за имање на менаџер на ветеринарната практика кој ќе има задача да управува со ветеринарната практика и да се грижи за клиентите и односите со нив, економските и организационите аспекти на работењето, додека ветеринарот би се препуштил само на професионалниот дел од работата.

9. Благица Сековска: „Маркетинг-алатки за ветеринари", Билтен на ветеринарната комора на РМ, бр.3, март 2011

Овој труд е дел од серијата на стручно-популарни трудови кои имаат за цел да ги доближат сознанијата за потребата од т.н. меки знаења до ветеринарите од теренот, со цел да дејствуваат информативно и едукативно. Авторката се осврнува на потребите за користење на маркетинг-алатките со цел да се зголеми успешноста на ветеринарната амбуланта. За таа цел, таа ги разработува сите маркетинг-алатки кои би можеле да се користат во една ветеринарна практика, како што се: употреба на современи електронски средства за комуникација, како и социјални мрежи, како и градење на меѓусебните односи и комуникација со клиентите.

10. Ѓ. Буневски, Благица Сековска, Ј.Аждерски, С.Стојановски: "Оцена на производната цена на кравјото млеко во Република Македонија", XI советување за биотехнологија, vol.16. (18), 2011, Чачак, март 2011

Овој труд има за цел да направи анализа на цената на млекото на просечна семејна краварска фарма со 20 молзни крави, при просечно производство од 6 100 кг млеко по крава, со 3,8% масти и 3,3 протеини во млекото. Во текот на ноември 2010, просечната производствена цена на млекото, при сопствено производство на сточна храна, со делимичмна набавка на концентрати на фармата изнесувала 14,88 денари или 0,24 евра/кг млеко. Вкупните трошоци на сточна храна во вкупната производствена цена на млекото изнесуваат 59%, а концентратот учествува со 20%, во зависност од откупната цена на млекото и неговиот квалитет. Од тие причини, фармерите се ниско рентабилни или не се рентабилни воопшто и затоа мораат да бараат други, алтернативни извори на егзистенција.

11. Natasha Daniloska, **Blagica Sekovska**: "Rural financing and agricultural lending in developing countries" International Scientific Symposium of Agriculture "Agrosym Jahorina 2011", Jahorina, November 2011.

Овој труд има за цел да ги разработи можностите за рурално финансирање во земјите во развој. Имено, воспоставувањето на ефикасни рурални финансиски системи во земјите во развој е тема на која многу се работи во изминативе години. Во текот на последната декада земјите во развој поминуваат низ драстични промени во своите земјоделски сектори, проследено со пад на кредитите за агро производителите. Недостигот на формални кредитни линиии, како и тешките услови за добивање на кредит во руралните средини неповолно влијаат врз развојот на земјоделството. Прашањата за високиот ризик и високите

трошоци се главни атрибути на руралните финансиски пазари во земјите во развој. Во првиот дел на трудот се идентификуваат ризиците во земјоделското производство кои можат да влијаат на способноста за плаќање на ратите на клиентот. Додека, пак, вториот дел на трудот се концентрира на специфичните прашања при кредитирањето на земјоделците.

12. G. Bunevski, Z. Pejkovski, **Blagica Sekovska**, M. Radevska, S. Stojanovski: “Protection of transboundary cattle breed busha in the Republic of Macedonia”, International Scientific Symposium of Agriculture “Agrosym Jahorina 2011”, Jahorina, November 2011.

Овој труд има за цел да ја претстави состојбата во Република Македонија со заштитата на автохтоната раса буша. Имено, според Законот за сточарско производство од 2008 година, само една раса е заштитена со закон , а тоа е бушата. За таа цел биле анализирани околу 500 говеда од расата буша, од различни региони на Република Македонија, и тоа нивните морфолошки, физиолошки и производни карактеристики. Исто така, направена е анализа на состојбата на терен во поглед на бројноста на бушата, целите кои треба да се исполнат во поглед на чување и селекција на бушата, мерењето на продуктивноста за млеко и месо. Заклучокот е дека е неопходно да се изготви национална програма за зачувување на бушата како автохтона раса со цел заштита на биодиверзитетот во РМ.

13. Blagica Sekovska, Tosevska Apostolova Milica: “The role of communicational skills in successful management of veterinary practice”, Book of proceedings, 3th Days of veterinary medicine 2012, 02-04 September, Ohrid, Macedonia.

Овој труд има за цел да ја претстави улогата на комуникацијата како маркетинг-менаџмент алатка во односот лекар/пациент, односно ветеринар/клиент во случајов. Комуникацијата, како значајна алатка за развој на малата ветеринарна практика се истакнува во истражувањата кои се претставени од EAEV, како и OIE, но во Република Македонија оваа тема скоро и да не била обработувана. Комуникацијата како маркетинг-алатка има значајна улога во подобрувањето на пазарниот успех на ветеринарната амбуланта. Таа ги мотивира клиентите да закажуваат состаноци, да доаѓаат на време, да ги следат правилно лекарските препораки, да ги плаќаат своите сметки навреме и да претставуваат усна пропаганда за работата на ветеринарот во односите со другите клиенти. Резултатот на добрата комуникација е успешна и долготрајна комуникација помеѓу клиентот и ветеринарот. Јасно е дека ако се стави фокус на интерперсоналната интеракција во ветеринарната медицина, тоа ќе придонесе кон развој и пазарен успех на ветеринарната амбуланта.

14. Gjoko Bunevski, **Blagica Sekovska**:”Milk production and nitrogen efficiency in dairy cows”, International Scientific Conference “Sustainable agriculture and rural development in terms of the republic of Serbia strategic goals realization within the Danube region”, Thematic Proceeding, December 2013, Topola, Serbia.

Во овој труд се обработува ефикасното искористување на азот на фарма со млечни крави. Имено, ефикасното искористување на азотот е еден од клучните аспекти на еколошката и економската одржливост на еден земјоделски производствен систем. Азотот, исто така, претставува есенцијален дел на многу различни аспекти од функционирањето на една одржлива краварска фарма. Трудот е работен како резултат на континуираното следење на 45 краварски фарми во поглед на содржината на маснотии и протеини во млекото. Во

организацијата на работа на една поголема краварска фарма, просечната продукција на млеко по крава е околу 6300 кг млеко по крава по лактација, додека пак, во мала семејна фарма таа изнесува 5100 кг млеко по крава по лактација. Истрашувањето е направено со согласност на фармерите да се истрашува количината на азот со анализатор на уреа во млекото. Млечната уреа е корисен индикатор за искористувањето на азотот од страна на млечните крави во периодот на лактација. Истрашувањето покажа дека периодичните контроли на млекото освен за утврдување на хемиските, микробилошките и квалитативните својства на млекото, може да се користи и за утврдување на млечната уреа, а со самото тоа и за количината на азот во млекото, со цел да се балансира енергетскиот и протеинскиот сооднос, како и за редуцирање на емисијата на азот во околината.

Во истиот период, од последниот избор до денес, кандидатката учествувала со свои презентации на 14 научни и стручни собири. Освен тоа, таа учествувала во еден национален и два меѓународни проекта и тоа:

1. учесник во национален проект: "Радиоактивност и хемизација – непријатели на животната средина" по договор со Министерството за животна средина и просторно планирање бр.8-6400/1 од 29.09.2010
2. учесник во меѓународен проект: KBBE-1-213095 ECONWELFARE Project "Good animal welfare in a socio-economic context: Project to promote insight on the impact for the animal, the production chain and European society of upgrading animal welfare standards" 2008-2011, http://www.econwelfare.eu/participants/participants_UKIM.aspx
3. учесник во меѓународен проект: Tempus Project No159143-TEMPUS-HU-TEMPUS-JPCR

Во истиот период кандидатката д-р Сековска била и национален координатор на меѓународен проект и тоа:

1. национален координатор на дел од меѓународен научен проект финансиран од ФП7 програмата, под наслов: „Биологија и контрола на болестите кои се пренесуваат со вектори во Европа" (Edenext), WP 16, Case study on risk perception anд risk communication of Crimean Congo Haemoragical fever (CCHF) in Republic of Macedonia (одлука бр. 0201 – 4/7, 24.1.2014).

Два од нејзините рецензирани трудови се составен дел на научно-стручна монографија која е објавена во странство. Кандидатката и самата е член на меѓународен научен и рецензентски одбор на научното списание "Економика пољопривреде" од Белград, како и член на уредувачкиот одбор на меѓународното списание "Македонски ветеринарен преглед". Од 2008, па се до денес, во континуитет, таа е член и истражувач на меѓународната истражувачка мрежа за агроекономисти кои го истражуваат пазарот на млеко - IFCN – (International Farm Comparison Network) и учествува во изработката на нивната годишна публикација во сите изминати години од 2008, па сè до денес.

## 4. Стручно апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Кандидатката д-р Сековска Благица, освен во наставната и научната дејност, вклучена е и во други апликативни дејности, како и дејности од поширок

интерес. Имено, таа е раководител на Приемното одделение на Институтот за храна кој функционира како организациона единица во рамките на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Во тие рамки таа активно учествува во процесот на акредитација на Факултетот за стандардот ИСО-17025, носител е и автор на неколку ИСО-процедури. Исто така, таа била и ЕКТС-координатор (Одлука бр. 0201-4081 од 13.11.2013), како и учесник во многу активности и комисии на Факултетот, како комисија за самоевалуација, комисија за попис, комисија за промоција на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Освен активностите на Факултетот таа била член на УО на Агенција за поттикнување на земјоделството, како и на Агроберза.

## 5. Оцена на научната дејност на кандидатот

Од поднесените објавени трудови за рецензија, како и од претходно рецензираните трудови при избори во претходни звања, се гледа дека кандидатката д-р Сековска Благица објавила вкупно 54 труда. Таа, исто така, водела домашни и меѓународни проекти, објавила книга која се користи како учебно помагало, публикувала и популарни статии од областа. Врз основа на сè досега изнесено, Рецензентската комисија заклучи дека проф. д-р Сековска Благица ги исполнува условите и поседува квалитети да биде избрана во звањето РЕДОВЕН ПРОФЕСОР.

Затоа, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје да ја избере д-р Благица Сековска во звањето РЕДОВЕН ПРОФЕСОР.

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Борис Анакиев редовен професор (во пензија) с.р.

2. Проф. д-р Снежана Ристевска – Јовановска, редовен професор с.р.

3. Проф. д-р Михајло Адамов редовен професор(во пензија) с.р.

**ОБРАЗЕЦ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

Кандидат: Сековска Павле Благица

Институција: Факултет за ветеринарна медицина, Скопје

Научна област: Маркетинг менаџмент

**НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред.бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава од прв циклус на студии** | |
| 1 | Економија и менаџмент (2+1), зимски 2011/2012 | 1,8 |
| 2 | Економија и менаџмент (2+1), зимски 2012/2013 | 1,8 |
| 3 | Рурална економија (1+1), зимски 2011/2012 | 1,2 |
| 4 | Рурална економија (1+1), зимски 2012/2013 | 1,2 |
| 5 | Рурална економија (1+1), зимски 2013/2014 | 1,2 |
| 6 | Рурална економија (1+1), зимски 2014/2015 | 1,2 |
| 7 | Рурална економија (1+1), зимски 2015/2016 | 1,2 |
| 8 | Економика на сточарско производство (2+1), летен 2010/2011 | 1,8 |
| 9 | Економика на сточарско производство (2+1), летен 2011/2012 | 1,8 |
| 10 | Економика на сточарско производство (2+1), летен 2012/2013 | 1,8 |
| 11 | Економика на сточарско производство (2+1), летен 2013/2014 | 1,8 |
| 12 | Економика на сточарско производство (2+1), летен 2014/2015 | 1,8 |
| 13 | Марекетинг на ветеринарна пракса (1+1), летен 2011/2012 | 1,2 |
| 14 | Марекетинг на ветеринарна пракса (1+1), летен 2012/2013 | 1,2 |
| 15 | Марекетинг на ветеринарна пракса (1+1), зимски 2013/2014 | 1,2 |
| 16 | Марекетинг на ветеринарна пракса (1+1), зимски 2014/2015 | 1,2 |
| 17 | Марекетинг на ветеринарна пракса (1+1), зимски 2015/2016 | 1,2 |
| 18 | Управување со каналите за набавка на анимални производи (1+1), летен 2012/2013 | 1,2 |
| 19 | Управување со каналите за набавка на анимални производи (1+1), зимски 2013/2014 | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 20 | Управување со каналите за набавка на анимални производи (1+1), зимски 2014/2015 | 1,2 |
| 21 | Управување со каналите за набавка на анимални производи (1+1), зимски 2015/2016 | 1,2 |
| 22 | Основи на менаџмент со менаџмент на ветеринарна практика (2+1), летен 2013/2014 | 1,8 |
| 23 | Основи на менаџмент со менаџмент на ветеринарна практика (2+1), летен 2014/2015 | 1,8 |
| 24 | Консултации со студенти 2010/2011, летен (12 студенти) | 0,24 |
| 25 | Консултации со студенти 2011/2012, летен и зимски (120 студенти) | 2,4 |
| 26 | Консултации со студенти 2012/2013, летен и зимски (80 студенти) | 1,6 |
| 27 | Консултации со студенти 2013/2014, летен и зимски (74 студенти) | 1,48 |
| 28 | Консултации со студенти 2014/2015, летен и зимски (59 студенти) | 1,18 |
| 29 | Консултации со студенти 2015/2016, зимски (40 студенти) | 0,8 |
| 30 | Ментор на дипломска работа(3 студенти) | 0,6 |
| 31 | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (1 кандидат) | 0,5 |
| | **Подготовка на нов предмет** | |
| 32 | Основи на менаџмент со менаџмент на ветеринарна практика | 1,5 |
| 33 | Марекетинг на ветеринарна практика | 1,5 |
| 34 | Управување со каналите за набавка на анимални производи | 1,5 |
| | **Пакет материјали за одреден предмет предмет** | |
| 35 | Основи на менаџмент со менаџмент на ветеринарна практика | 1,0 |
| 36 | Марекетинг на ветеринарна практика | 1,0 |
| 37 | Управување со каналите за набавка на анимални производи | 1,0 |
| | **Настава во школи и работилници** | |
| 38 | Учесник во работилница: "Impact of climate change on Food production in the western Balkan region - regional workshop", Београд, март 2011 | 0,5 |
| 39 | Учесник во работилница: "Technical Assistance on Horizon 2020" in Skopje on 21 -22 October 2014, organised by the European Commission. | 0,5 |
| 40 | Учесник во работилница: "International Workshop on Harmonisatio Detection and Analysi of GMOs, 22-23 October 2014 - Skopje, FYR Macedonia | 0,5 |
| 41 | Студиски престој "10th Anniversary of EURL-FA in the JRC Institute for Reference Materials and Measurements (IRMM" Geel, 13-15 November, Белгија | 1 |
| | **ВКУПНО** | **51,8** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред.бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | **Национален координатор на меѓународен научен проект** | |
| 1 | Национален координатор на дел од меѓународен научен проект финансиран од FP7 програмата, под наслов: „Биоологија и контрола на болестите кои се пренесуват со вектори во Европа“ (Edenext), WP 16, Case study on risk perception анд risk communication of Crimean Congo Haemoragical fever (CCHF) in Republic of Macedonia (Одлука бр. 0201 – 4/7, 24.1.2014) | 6 |
| | **Учесник во меѓународен научен проект** | |
| 2. | Учесник во меѓународен проект: KBBE-1-213095 ECONWELFARE Project “Good animal welfare in a socio-economic context: Project to promote insight on the impact for the animal, the production chain and European society of upgrading animal welfare standards” 2008-2011 | 5 |
| 3. | Учесник во меѓународен проект: Tempus Project No159143-TEMPUS-HU-TEMPUS-JPCR | 5 |
| | **Учесник во национален научен проект** | |
| 4. | Учесник во национален проект: “Радиоактивност и хемизација – непријатели на животната средина“, по договор со Министерството за животна средина и просторно планирање бр.8-6400/1 од 29.9.2010 | 3 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание** | |
| 5. | Благица Сековска: “Развој на пазарот на органски производи во РМ со босебен акцент на домашната побарувачка”, Економски развој-списание на Економскиот институт во Скопје, година 11, br. 3/2009, Скопје, 2010 (излегол од печат во јануари 2011) ISSN-1409-7893 | 4,0 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 6. | Blagica Sekovska:”Organic food supply chain – the case in Macedonia”, Economic of agriculture, special issue – 2, vol.LVII, SI – 2(1-372), December 2010, UDC 338.43:63 | 6,0 |
| 7. | Blagica Sekovska, Pavlovski Damjan: “Applying E-marketing in promotion of veterinary practice“ Macedonian veterinary review, vol 34 (2011) No1, Skopje, ISSN 1333-2422 | 5,4 |
| 8. | Natasha Daniloska, Blagica Sekovska: “Education structure and training needs assessment of agricultural and rural population in the Republic of Macedonia “Journal of Croatian Society of agricultural economists, vol 2 (2011) No1, Skopje, UDK:658.8.004.5636.09 | 5,4 |
| 9. | Blagica Sekovska, Gjoko Bunevski: “First step in developing an organic food supply chain in Macedonia”, EAAP publication No.133: “Consumer attitudes to food quality products-emphasis on South Eastern Europe, Wageningen Academic Publisher, ISSN 0071-2477,2013 | 5,4 |
| 10. | Blagica Sekovska, Vlahovich Branislav, Gjoko Bunevski: “Consumption of organic food in Macedonia and Serbia: similarities and differences”, EAAP publication No.133: “Consumer attitudes to food quality products - emphasis on South Eastern Europe, Wageningen Academic Publisher, ISSN 0071-2477,2013 | 4,8 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати објавени во стручно/научно популарно списание** | |
| 11. | Благица Сековска: ”Барањата на ветеринарната практика – некогаш и сега”, Билтен на Ветеринарната комора на Македонија бр. 1/2010 (излегол од печат во април 2011) | 2,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 12. | Благица Сековска: ”Зошто на вашата ветеринарна организација и е потребен менаџер”, Билтен на Ветеринарната комора на Македонија, бр.2/2010, декември 2010 (излегол од печат во април 2011) | 2,0 |
| 13. | Благица Сековска: ”Маркетинг-алатки за ветеринари”, Билтен на Ветеринарната комора на Македонија, бр. 3, март 2011 | 2,0 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 14. | Gj.Bunevski, **Blagica Sekovska**, J.Azderski, S.Stojanovski: “Ocena proizvodne cene kravjeg mleka u Republici Makedoniji”, XI Savetovanje o biotehnologiji, vol.16. (18), 2011, Cacak, mart 2011 | 1,8 |
| 15. | G. Bunevski, Z. Pejkovski**, Blagica Sekovska**, M. Radevska, S. Stojanovski: “Protection of transboundary cattle breed busha in the Republic of Macedonia”, International Scientific Symposium of Agriculture “Agrosym Jahorina 2011”, Jahorina, November 2011 | 2,7 |
| 16. | Natasha Daniloska, **Blagica Sekovska**: “Rural financing and agricultural lending in developing countries“ International Scientific Symposium of Agriculture “Agrosym Jahorina 2011”, Jahorina, November 2011 | 2,7 |
| 17. | **Blagica Sekovska**, Tosevska Apostolova Milica: “The role of communicational skills in successful management of veterinary practice”, Book of proceedings, 3th Days of veterinary medicine 2012, 02-04 September, Ohrid, Macedonia | 2,7 |
| 18. | Gjoko Bunevski**, Blagica Sekovska**:”Milk production and nitrogen efficiency in dairy cows”, International Scientific Conference “Sustainable agriculture and rural development in terms of the republic of Serbia strategic goals realization within the Danube region”, Thematic Proceeding, December 2013, Topola, Serbia | 2,7 |
| | **Апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција** | |
| 19 | **Blagica Sekovska,** Anakiev Boris: “Migration impact toward development of agriculture”, International scientific conference: “Migration and labour market”, Book of abstract, Krushevo, 2012 | 0,5 |
| 20 | Gjoko Bunevski, Stojmir Stojanovski, Natasha Godzirova, **Blagica Sekovska**, Boge Trajkovski: “Selection of horses for hipoterapy in the Republic of Macedonia”, International scientific conference: “Role of research in sustainable development in agriculture and rural areas”, Book of abstract, Podgorica, 2012 | 1,0 |
| 21 | **Blagica Sekovska**: “Milk production conditions in Republic of Macedonia – IFCN Review”, Proceedings Days of veterinary medicine 2011, 09-11 September, Ohrid, Macedonia | 1,0 |
| 22 | **Blagica Sekovska**, Predrag Jovicevic:”Macedonian consumers and food safety issues” International Scientific Conference “Sustainable agriculture and rural development in terms of the republic of Serbia strategic goals realization within the Danube region”, Book of abstract, December 2012, Tara, Serbia | 1,0 |
| 23 | **Blagica Sekovska**, Todorovska Marina, Nikolovska Krasimira: “Dairy sector in Republic of Macedonia – yesterday, today, tomorow”, Book of proceedings, 4th Days of veterinary medicine 2013, 06-08 September, Ohrid, Macedonia? | 1,0 |
| 24 | Blagica Sekovska, Kabranova Romina, Anakiev Boris: „Estimation and analysis of value and structure of export and import of food in Macedonia”, Abstract book on International VETIstanbul group congress 2014, 28-30 April. Istanbul, Turky | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 25 | Kerstin Dressel, Blagica Sekovska, Jovana Stefanovska:(2014)” Risk management strategies in case of outhbrake of Crimean Congohemorragic fever and other vector born desease, a comparative case stady of Republik of Macedonia, Turkey and Germany“, Macedonian veterinary review, Proceedings of 5th International scientific meeting Days of veterinary medicine 2014, Volume 37, Suplement 1 | 1,0 |
| 26 | Blagica Sekovska, Snezana Ristevska Jovanovska:(2014)” Pricing of veterinary services – theory and practice“,Macedonian veterinary review, Proceedings of 5th International scientific meeting Days of veterinary medicine 2014, Volume 37, Supplement 1 | 1,0 |
| 27 | Blagica Sekovska, Bojan Shikoski: „Price of veterinary services like factor for veterinary service developement”, Abstract book on International VETIstanbul group congress 2015, 07-09 April. Saint Petersburg , Rusia | 1,0 |
| 28 | Natasa Danailovska, **Blagica Sekovska**: “Marketing mix for veterinary services in the republic of Macedonia”, Macedonian veterinary review, Proceedings of 6th International scientific meeting Days of veterinary medicine 2015, Volume 38, Suplement 1 | 1,0 |
| 29 | **Blagica Sekovska,** Natasa Danailovska, Bojan Shikoski: “The role of communication in the successful management of veterinary ambulance”, Macedonian veterinary review, Proceedings of 6th International scientific meeting Days of veterinary medicine 2015, Volume 38, Suplement 1 | 1,0 |
| | **Учество на научен/стручен собир со реферат – усна презентација** | |
| 30 | Усна презентација на Конференција на европска мрежа за рурален развој – Prepare Gaethering, 30.6-1.7,2011 Златибор, Србија | 1,0 |
| | **Дел од монографија објавен во странство** | |
| 31 | EAAP publication No.133: “Consumer attitudes to food quality products- emphasis on South Eastern Europe, Wageningen Academic Publisher, ISSN 0071-2477,2013 | 6 |
| | **ВКУПНО** | **86,1** |

**СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред.бр. | Назив на стручно – апликативната дејност | Поени |
|---|---|---|
| | **Експертска активност** | |
| 1. | Рецензент на трудови поднесени во списанија со меѓународен уредувачки одбор (10) | 10 |
| | **Експертска работилница** | |
| 2. | Учество на експертска работилница: “Ревизија на националната стратегија за биолошка разновидност со акционен план - Поставување на национални цели, принципи и приоритети на стратегија“, октомври 2013 | 1 |
| | **Учество во промотивни активности на Факултетот** | |
| 3. | Комисија за промоција на ФВМ-С (Одлука бр.0201-732/6 од 14.3.2013) | 0,5 |
| 4. | Учество во сектор за односи со квалитетот според барањата на стандардот ИСО 17025:2006 (Одлука бр.0201-743/4-10 од 14.3.2013) | |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | Одржување на настан: „Ден на вашето милениче–2013 (Одлука бр. 03-2277 од 4. VI 2013 год., ФВМ-Скопје | 0,5 |
| 6. | Комисија за промоција на ФВМ-С (Одлука бр.0201-4392/7-1 од 6.12.2013) | 0,5 |
| | **Предавања на институции , КИЦ – и од јавен интерес** | |
| 7. | "Земјоделско претприемништво, предизвик за младите фармери", предавање одржано на мрежата на млади фармери, во рамките на Агрофуд 2011 | 0,5 |
| 8. | "Rural economy in greening of European economy", предавање одржано во рамките на Green east-west dialogue, financed by GEF, December 2011 | 0,5 |
| 9. | Пленарно предавање на Конференција во организација на Ветеринарна комора со наслов "Актуелни теми од ветеринарната медицина во РМ" – Б.Сековска; "Формирање на цените за ветеринарните услуги", 10.5.2014, Струга | 1 |
| | **Раководител на лабораторија** | |
| 10. | Раководител на приемно и фактурно одделение (Одлука бр. 03-1981 од 14.05.2013) | 1 |
| | **ВКУПНО** | **15,5** |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Ред.бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание** | |
| 1. | Член на уредувачки одбор на списанието „Македонски ветеринарен преглед, 2009-2013 | 1 |
| 2. | Член на уредувачки одбор на списанието „Македонски ветеринарен преглед, 2013-2017 (Одлука бр. 0201-732/7-1 од 14. III 2013 год.). | 1 |
| 3. | Член на научен одбор на меѓународно списание "Економика пољопривреде", од Београд, Србија | 1 |
| | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир** | |
| 5. | Член на организационен одбор на конференцијата "Денови на ветеринарна медицина 2011" организирана од Факултет за ветеринарна медицина, Скопје(Одлука бр. 0201-1542/3 од 3. 5. 2011 год.). | 0,5 |
| 6. | Член на организационен одбор на конференцијата "Денови на ветеринарна медицина 2012" организирана од Факултет за ветеринарна медицина, Скопје (Одлука бр. 0201-1478/7 од 9. 4. 2012 год.). | 0,5 |
| 7. | Член на организационен одбор на конференцијата "Денови на ветеринарна медицина 2014" организирана од Факултет за ветеринарна медицина, Скопје (Одлука бр. 0201-4/6-1 од 24. 1. 2014 год.). | 0,5 |
| 8. | Член на научен одбор на International Scientific Conference "Sustainable agriculture and rural development in terms of the republic of Serbia strategic goals realization within the Danube region", 7-8 December 2012, Tara, Serbia | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| **9.** | Член на колегиум на интердисциплини студии по Агротуризам при УКИМ | 1,0 |
| | **Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност** | |
| 10. | Член на меѓународна истражувачка мрежа за пазар на млеко IFCN 2011 | 2,0 |
| 11. | Член на меѓународна истражувачка мрежа за пазар на млеко IFCN 2012 | 2,0 |
| 12. | Член на меѓународна истражувачка мрежа за пазар на млеко IFCN 2013 | 2,0 |
| 13 | Член на меѓународна истражувачка мрежа за пазар на млеко IFCN 2014 | 2,0 |
| 14 | Член на меѓународна истражувачка мрежа за пазар на млеко IFCN 2015 | 2,0 |
| | **Член на факултетска комисија** | |
| 14. | Претседател на Комисија за попис на основните средства, основното стадо, залихи, ситен инвентар, побарувања и обврски (Одлука бр. 0201-4366/3 од 5. 12 2011 год.). | 1 |
| 15. | Комисија за спроведување на студентска анкета за квалитет на наставниот процес на Факултетот за ветеринарна медицина од Скопје (Одлука бр. 0201-927/14-4 од 24. 2. 2011 год.). | 0,5 |
| 16. | Член на организационен одбор за организирање на 20 годишнина од основањето на Факултетот за ветеринарна медицина од Скопје (Одлука бр. 0201-927/8 од 24. 2. 2011 год.). | 0,5 |
| 17. | Член на Комисија за пресметување на кредитите за предметите и испитите отслушани по старите студиски програми заклучно со 2007/2008 година според студиската програма за интегрирани студии од прв и втор циклус студии од 2009/2010 година (Одлука бр. 0202-483/4 од 26.2.2015 г.) | 0,5 |
| 18. | Член на Комисија за самоевалуација на Факултетот за ветеринарна медицина од Скопје (Одлука бр. 0201-927/8 од 24. 2. 2011 год.). | 0,5 |
| 19. | Член на Комисијата за избор на декан (Одлука бр. 0202-1098/4 од 5.5.2015) | 0,5 |
| 20. | Член на Комисијата за избор на продекани (Одлука бр. 0202-1098/4 од 5.5.2015) | 0,5 |
| 21 | Интерен проверувач на ИСО/ИЕЦ 17025 стандардот (Одлука бр. 0201-887/8) | 0,5 |
| | **Координатор на студиска програма** | |
| 22 | Координатор за ЕКТС (Одлука бр. 0201-4081 од 13.11.2013) | 1 |
| 23. | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | |
| 24. | Член на Управен одбор на Агенција за поттикнување на земјоделството – Битола (Одлука бр. 22-6721/1 од 9.11.2010) | 1 |
| 25. | Член на Управен одбор на Јавно претпријатие - Агроберза – Скопје (Одлука бр. 23-6187/1 од 31.7.2012) | 1 |
| 26. | Член на Одбор за соработка и доверба со јавноста на Економски институт – Скопје (Одлука бр. 08-848/1 од 29.1.2015) | 1 |
| | **ВКУПНО** | **24,5** |

| Професионални референци на кандидатот за избор во звање | Поени |
|---|---|

| | |
|---|---|
| НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | **51,8** |
| НАУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | **86,1** |
| СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | **15,5** |
| ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС | **24,5** |
| **ВКУПНО:** | **177,4** |

Вкупен број на бодови

| | |
|---|---|
| 1. При избор во доцент | **95** |
| При избор во вонреден | **124,86** |
| При избор во редовен | **177,4** |
| Вкупно | **403,26** |

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Борис Анакиев редовен професор (во пензија) с.р.

2. Проф. д-р Снежана Ристевска – Јовановска, редовен професор с.р.

3. Проф. д-р Михајло Адамов редовен професор(во пензија) с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
**ПРИМЕНА НА УПАТУВАЧКИ МРЕЖНИ ПРОТОКОЛИ ЗА УПРАВУВАЊЕ ВО ЦИВИЛЕН ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ**
*ОД* М-Р ДРАГОЉУБ ПАТЧЕВ, *ПРИЈАВЕНА НА* ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на седницата одржана на 18. XI 2015 година, со Одлука број 02-2117/43-1, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р **Драгољуб Патчев** со наслов **Примена на упатувачки мрежни протоколи за управување во цивилен воздушен сообраќај**, во состав: проф. д-р Оља Чокорило, Универзитет во Белград (претседател), проф. д-р Аристотел Тентов (ментор), вонр. проф. д-р Зоран Ивановски (член), вонр. проф. д-р Катерина Ралева (член) и доц. д-р Марија Календар (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Докторската дисертација **„Примена на упатувачки мрежни протоколи за управување во цивилен воздушен сообраќај“**, изработена од м-р Драгољуб Патчев, содржи вкупно 97 страници компјутерски обработен текст, организиран во 9 глави и список на користена литература. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

### 2. ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Како ретко која технологија во историјата на човештвото, воздухопловството се развива со огромна брзина и има исклучително големо влијание врз развојот на човештвото. За само стотина години од првиот успешен лет на браќата Рајт во 1903 г. кој траел десетина секунди, воздухопловството доживеало огромен развој и експанзија така што денес е практично невозможно функционирањето на светот без него. Веќе со развојот на првите воздухоплови се развиваат и нови индустриски гранки: превоз на пошта, стока и патници, а паралелно се развива и воената воздухопловство. Со зголемувањето на обемот на воздушниот сообраќај, нужно се јавила и потребата од негово управување. Во почетокот тоа се однесувало на воспоставувањето на контрола на летање на аеродромите, како и системи за примање и отпрема на стока и патници, а подоцна и покомплексна помош при навигацијата и управувањето со сообраќајот по целата патека на лет. Управувањето на воздушниот сообраќај претставува сè покомплексен процес имајќи го предвид просечното зголемување од 5% годишно. Ваквиот раст наметнува сериозни предизвици во политиките на

управување и планирање на сообраќајот, како и примена на нови технологии со цел да се одговори на барањата на корисниците.

## Тековни проекти за развој на воздушниот сообраќај

Според среднорочните и долгорочните прогнози за обемот на воздушниот сообраќај кои ги изработува Евроконтрол, тој во наредниот период ќе биде и понатаму во пораст, но не со стапка на раст како досега. На обемот на воздушниот сообраќај ќе влијаат повеќе фактори, меѓу кои и промена на структурата на сообраќајот која е резултат на појавата на пазарот на нискобуџетни авиокомпании, влијанието на цената на нафтата на светскиот пазар (150$ за барел до 2016 и 200$ за барел до 2030), како и глобалниот развој на светската економија (бруто-домашниот производ би се зголемувал со стапка од 0,6% годишно до 2025 г.). Одредени законски регулативи исто така ќе влијаат на развојот на воздушниот сообраќај, како на пример Европската регулатива за намалување на емисијата на $CO_2$ и до 50% до 2020 г. Промена на мрежната структура на воздушни патишта и нивната оптовареност секако ќе има влијание во развојот и планирањето на капацитетите за опслужување на побарувањата во следните 20 години.

Согледувајќи ги движењата во економијата, како и развојот на воздушниот сообраќај, Европската комисија подготви пакет регулаторни мерки под името Единствено европско небо, со кои ќе ги обезбеди идните капацитети и безбедносни барања. Мерките се однесуваат на цивилниот и воениот сектор и ги покриваат регулаторните, економските, безбедносните, срединските, технолошките и индустриските аспекти на воздухопловството. Основната и најважна цел е подобрување на финансиските и економските перформанси, како и намалување на влијанието врз природата од страна на субјектите кои управуваат со воздушниот сообраќај. Тоа се остварува преку перформансните цели за трошковна ефикасност, капацитетите на воздушните патишта и секторите, како и за влијанијата врз природата. Како конкретен чекор се предлага и преструктурирање на воздушниот простор со цел воведување на поефикасни, пофлексибилни и поекономични воздушни патишта кои ќе доведат до намалување на трошоците преку поефикасно летање, помала потрошувачка на гориво и помала емисија на штетни гасови во атмосферата.

Концептот наречен NextGen во САД ја воведува идејата за Free Flight, идеја која имплицира непостоење на рестрикции во однос на летање по воздушни патишта, туку можност за летање по најдиректни патеки од почеток, па до крајната дестинација на оптимални висини користејќи поволни ветрови и избегнувајќи опасни зони.

Исто како и во програмата за Единствено европско небо, така и во NextGen една од основните технологии врз кои се заснова нивната имплементација е ADS-B Automatic Dependant Surveillance-Broadcast, технологија која овозможува дистрибуција на моменталната позиција на воздухопловот добиена од системот

за сателитска навигација или од системот за инерцијална навигација и емитирање на таа информација по радиопат со цел да им биде достапна на останатите воздухоплови во негова близина или до системите на земја. На тој начин се овозможува во самите воздухоплови да се синтетизира слика за сообраќајот кој ги опкружува.

Во суштина, со концептот на Free Flight се допушта изборот на патеките за полетување и слетување како и раздвојувањето од другите воздухоплови по инструментални правила на лет, да го прават пилотите наместо контролата на летање како што е во сегашниот концепт, со што се менува начинот на управување на воздушниот сообраќај. Во новиот концепт, на почетокот управувањето се заснова на проценка на моменталната и идна позиција на воздухопловот, понатаму со воведување на радарското управување се добива точна моментална позиција, а се прави проценка за идната позиција. Следствено, начинот на управување на воздушниот сообраќај во иднина ќе се заснова на позната траекторија на движење, што значи позната моментална и идна позиција и таа информација ќе се дистрибуира.

## Дистрибуирано автоматско управување

Основна цел на истражувањето чии резултати се презентирани во овој труд претставува испитување на можноста за автоматско управување на воздушниот сообраќај. Во фокусот на вниманието се методите со кои се овозможува децентрализација на контролата и управувањето на воздушниот сообраќај од постојните центри за управување на сообраќајот, до секој поединечен воздухоплов преку автоматско упатување, при што се врши и откривање и разрешување на потенцијалните конфликти.

Според актуелниот концепт за управување на воздушниот сообраќај, контролорите на летање се ексклузивно одговорни за управувањето на воздушниот сообраќај кој треба да биде безбеден и навремен, а се однесува на воздухопловите кои летаат според инструменталните правила на летање. Моменталниот развој на технологијата овозможува достапност до сите потребни информации за состојбата на сообраќајот во одреден волумен во просторот, како до контролорите на летање така и до пилотите и системите во воздухопловите. Разгледуваната идеја за автоматизација се заснова на веќе постојните алгоритми и технологии кои се применети во компјутерските мрежи и воздухопловството, но се предлагаат одредени модификации кои се неопходни за реализација на потполната автоматизација во управувањето со летот. Со предложениот концепт овозможено е преструктурирање на постојната мрежа од воздушни патишта, нејзино приспособување кон тековните и идни потреби и флексибилно креирање на оптимални патеки за летање. Иницијално, примената е разгледувана за воздушните патишта во горниот воздушен простор каде што воздухопловите се претежно во хоризонтален лет и со константна брзина, но принципиелно истиот концепт може да се примени во текот на сите фази на летот. Моделирањето на мрежата од воздушни патишта е направена со граф, каде што воздушните

патишта се претставени како врски помеѓу јазлите, а точките за координација се самите јазли. Фиксно се дефинирани влезните и излезните јазли во мрежата од каде што се почнува со примената на автоматското управување. За упатување до дестинацијата во рамките на мрежата се користи алгоритамот на Dijkstra, кој нашироко се користи за упатување на податочни пакети во компјутерските мрежи. Определување на најекономичниот пат се прави врз основа на одредување на најкусиот пат до дестинацијата, но и преку земање предвид и на евентуалното влијание на ветровите кои значително можат да влијаат на потрошувачката на горивото должината на патеката. Откако ќе се определи најекономичната патека, се проверува дали таа е слободна во временскиот период кога по неа ќе се лета. Тоа се прави на тој начин што секој воздухоплов во својот автоматски систем поседува и ажурира база со податоци за околниот сообраќај за адекватен временски прозор од каде што се земаат податоците за проверка на зафатеност на патеката. Информациите за сообраќајот, системот ги обезбедува од примените ADS-B пораки кои ги емитуваат воздухопловите кои се наоѓаат во соседството. Откако ќе се одреди потенцијалната најекономична патека, се проверува во локалната база дали во временскиот период кога се предвидува да се лета по соодветната патека, постои сообраќај кој е потенцијално конфликтен. Доколку нема таков сообраќај, патеката се резервира и таа информација се емитува со помош на ADS-B за останатите воздухоплови да можат да ја ажурираат својата локална база. Во случај да постои потенцијално конфликтен сообраќај во дадениот временски период, се применува сценариото за избегнување на конфликти со најмала цена во смисла на најмала потрошувачка на гориво.

Концептот за автоматизација во управувањето на воздушниот сообраќај е моделиран во Matlab. Мрежата од воздушни патишта е моделирана со модел на граф и симулиран е сообраќај кој со помош на предложената автоматизација се движи низ мрежата.

Во овој труд, структуралната анализа претставува најосновна метода на научно сознание. Патот до научното сознание се стеснува до толку што се стига до алгоритам за потполна автоматизација на управувањето на воздушниот сообраќај преку пресметување на најефикасната патека на лет, а при тоа да се избегне конфликтна ситуација со што се реализира мисијата на воздухопловството, безбеден и ефикасен сообраќај. Во голема мера, ова истражување е теоретско и се користи дедуктивен метод. Хипотезата произлегува дедуктивно врз основа на обидите во воздухопловството да се добие потполна автоматизација или во најмала мера да постои само минимална поддршка од страна на човечките ресурси, подоцна таа емпириски се тестира во симулирана околина со што ова истражување се вбројува во квантитативно.

## 3. АНАЛИЗА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Предмет на научно истражување во оваа дисертација е испитување на можноста за автоматско управување на воздушниот сообраќај, без или со минимална интервенција на човечки фактор. Фокусот на истражувањето го претставуваат методите за децентрализација на

контролата и управувањето на цивилниот воздушен соораќај, со автоматско управување за кое се одлучува во секој воздухоплов поединечно, при што истовремено се овозможува откривање и разрешување на потенцијални конфликтни ситуации. Основната идеја за автоматизацијата на управувањето се базира на методите за упатување на податочните пакети низ компјутерските мрежи, односно практично користените рутирачки протоколи. Сепак, основната идеја е приспособена на карактеристиките и спецификите на воздушниот сообраќај. Како резултат, изработен е соодветен алгоритам кој ги опфаќа сите потребни чекори. Алгоритамот ги земав предвид и тековно користените технологии и системи во воздушниот сообраќај, со цел неговата имплементација да побарува минимални интервенции во постојните системи. Моделирањето на алгоритамот е направено во симулирана околина, при што е потврдена неговата применливост.

Текстот на дистертацијата е организиран на следниов начин:

- Во Глава 1 се презентирани воведните согледувања, како историски осврт на развојот на воздухопловството, предвидувања за развојот на воздухопловниот сообраќај и се презентирани тековни проекти за развој на воздушниот сообраќај во Европа и САД. На крајот од главата е презентирана главната идеја и предмет на докторската дисертација - дистрибуираното автоматско управување на воздухоплови во воздушен сообраќај.
- Во Глава 2 е даден сумарен преглед на тековната состојба на управувањето во воздушниот сообраќај, со осврт на главните карактеристики, методи, поими, предности и недостатоци. Исто така, соодветен дел од главата е посветен на историски осврт на методите за навигација на воздухопловите, почнувајќи од радио-навигацијата, инерцијалната навигација и сателитската навигација. Покрај системите за навигација, особено значаен дел од управувањето со воздушниот сообраќај претставува и системот за управување со летот, инсталиран во сите воздухоплови, а кој има повеќе неопходни улоги за правилен и безбеден лет. Како финални согледувања од оваа глава се презентирани трите главни улоги на системот за управување со воздушниот сообраќај: управување со воздушниот простор, управување со протокот на сообраќај и контролата на летање која во живо го следи и го управува воздушниот сообраќај, особено во случај на одредени отстапувања од однапред утврдениот план на летот заради неповолни временски услови или задушувања на одредени делници.
- Во Глава 3 е прикажан преглед на тековната состојба и тековните достигнувања од технолошки аспект со анализа на поголем број трудови од разновидни области во кои може да се најде аналогија со воздухопловниот сообраќај. Направен е преглед на упатувачките протоколи во компјутерските мрежи, како и преглед и анализи на разновидни интелигентни транспортни и упатувачки протоколи во транспортни мрежи од типот на железнички и патен сообраќај, при што се согледани нивните предности и недостатоци и можноста да се применат на воздушниот сообраќај. Во оваа глава е даден преглед и на

тековни достигнувања и трудови и во областа на управувањето на воздушниот сообраќај (и одделни негови делови: аеродромско управување, управување во терминална зона и сл.), со што е дадена основа за позиционирање на истражувањето презентирано во докторската дисертација.

- Во Глава 4 е референцирана технологијата која е земена како основа врз која се разработува главната тема во дисертацијата, а тоа е упатувањето на податоците во компјутерските мрежи. Во оваа глава презентиран е и математичкиот модел кој е применет во главниот дел од дисертацијата, а се однесува на теоријата на граф и упатувачките протоколи. Даден е краток осврт на динамиката на лет бидеќи таа е потребна за дефинирањето на ограничувањето на можностите и примената на алгоритамот. Понатаму, опишан е системот за управување со летот FMS-Flight Management System, кој претставува клучен систем во воздухопловот каде што ќе биде вграден предложениот алгоритам за автоматизација и управување. На крајот е опишан ADS-B системот кој е неопходен за реализација на системот за автоматизација, како извор и средство за дистрибуција на неопходните податоци за позицијата и движењето на воздухопловите.
- Во Глава 5 опишани се елементите врз чија основа е граден предложениот алгоритам за автоматско управување. На почетокот се дадени претпоставките и условите потребни за реализација на автоматизацијата. Дефинирана е мрежата во која ќе се применува моделот на автоматизација и дефинирани се нејзините својства. Дефиниран е и критериумот според кој ќе се врши оптимизација во автоматизацијата, односно определување на патека на движење која ќе овозможи минимална потрошувачка на гориво, односно оптимален индекс на чинење CI-Cost Index. Особено внимание во оваа глава е посветено на дефинирање на математичкиот апарат на моделот во однос на пресметките на идната позиција на воздухопловот и разрешувањето на конфликтни ситуации, кои се јадрото на алгоритамот за автоматско управување со летот.

  Процесот на автоматизација го зема предвид и останатиот сообраќај во мрежата и при тоа се води сметка да не дојде до нарушување на минималните безбедносни растојанија помеѓу воздухопловите, при што се опишани неколку методи за откривање и разрешување на потенцијални конфликти.
- Во Глава 6 е даден главниот придонес на оваа докторска дисертација со која се предлага модел и алгоритам за дистрибуирано автоматско управување на цивилниот воздушен сообраќај. Тука е дефиниран предложениот модел за автоматско управување на воздушен сообраќај, каде што се опишани и детално дефинирани основните поставки. Дефинирани се елементите на моделот на граф кој ќе се користи. Земени се предвид и ограничувањата на алгоритамот за автоматизација, а дефинирани се и концептите на кои ќе се темели пресметката на цената на чинење при движење низ графот, која всушност е точно оптимизирана според барањата на поставениот проблем - спецификите на воздушниот сообраќај. Во оваа глава детално е опишан предложениот алгоритам за автоматизација. Алгоритамот е дефиниран преку дијаграм на состојби кој претставува

конечен автомат и преку кој врз основа на планот за летање, мрежата од воздушни патишта и тековната состојба на сообраќајот се планира патеката на летање. Во оваа глава се дефинирани механизмите и апаратите за избор на оптимална патека (особено пресметките за дефинирање на најмала цена на патека), проверка на зафатеност на патеката. Влез во алгоритамот претставува влезната и излезната точка на мрежата, а излез од алгоритамот се избраната оптимална патека според предусловите и тековната ситуација во мрежата, како и апаратот за резервирање на избраната патека; информации кои на соодветен начин, со веќе постојниот систем за испраќање пораки ADS-B, се дистрибуираат до сите воздухоплови во соодветната околина. Овие информации соседните воздухоплови ги користат за сопствените пресметки и избор на оптимална патека на лет.

- Во Глава 7 е опишан методот на верификација на валидноста на алгоритамот. Функционалностите кои треба да се обезбедат за реализација на алгоритамот се моделирани со помош на функции изработени во Matlab. На крајот од главата се прикажани резултатите од симулациите на одредени ситуации и резултантните датотеки и информации кои претставуваат излез од алгоритамот и се доказ за валидноста на предложениот концепт. Сите анализи презентирати во оваа глава јасно го заокружуваат придонесот на оваа дисертација.
- На крајот од текстот на докторскиот труд се дадени заклучни разгледувања за поставените и остварените цели во рамките на ова истражување. Исто така, предложени се и насоки за понатамошни истражувања во оваа област во однос на потребните модификации на постојната технологија и протоколи за конечна имплементација на предложениот концепт во докторската дисертација.

## 4. ТРУДОВИ ОД ОБЛАСТА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Резултатите од истражувањето на проблематиката на докторската дисертација, кандидатот м-р Драгољуб Патчев успешно ги публикувал во следниве трудови:

[1] **Patchev D**, TentovA, A NEW CONCEPT OF AUTOMATED AIR TRAFFIC CONTROL SYSTEM, *ATACCS 2012, London*

[1] PATCHEV D, Tentov A, A NEW CONCEPT OF AUTOMATED AIR TRAFFIC CONTROL

SYSTEM, _ATACCS 2012, London _

Во овој труд е претставена оригиналната идеја за автоматско управување на воздушниот сообраќај на начин на којшто воздухопловите сами ќе ја определуваат патеката на движење со помош на Dijikstra алгоритамот. За размена на информациите за движењето на воздухопловите предложено е користење на ADS-B. Воедно, претставен е и алогоритамот потребен за реализација на самата автоматизација.

[2] PATCHEV D, Tentov A, A NEW APPROACH TO AN AUTOMATED AIR TRAFFIC CONTROL, _ICTTE 2012, Belgrade

Во трудот е разработена идејата за автоматско управување на воздушниот сообраќај каде што критериумот за избор на патеката на движење се прави преку параметарот за цена на чинење - CI-Cost Index.

[3] PATCHEV D, A NEW APPROACH TO AN AUTOMATED AIR TRAFFIC CONTROL, JTTE

Journal of Traffic and Transportation Engineering, ISSN 2328-2142, David Publishing

Во овој труд е презентирана идејата за автоматско управување на воздушниот сообраќај како концепт кој ќе биде спроведуван од системот за управување на воздухопловот, а функционалностите кои ќе се извршуваат се моделирани во Matlab каде што е направен симулационен модел.

[4] PATCHEV D, Tentov A, AUTOMATED AIR TRAFFIC CONTROL BY USING ADS-B MESSAGES, ETAI 2011, September 2011, Ohrid, R. Macedonia

Во трудот е презентирана можноста за користење на ADS-B системот во системи за автоматско управување на воздушниот сообраќај.

## 5. Оригинални придонеси на докторската дисертација

Во текстот на докторската дисертација на м-р Драгољуб Патчев на почетокот е извршена анализа на тековната состојба во подрачејто кое е особено специфично. Претставени се постојните и користени технологии, како и истражувањата во соодветната област, со цел да се позиционира придонесот на докторската дисертација.

Главните придонеси на докторската дисертација можат да се согледаат во повеќе насоки. Првиот и најзначен придонес е во предложениот концепт за целосна децентрализација на управувањето со летот. Идејата за децентрализација на управувањето е позната и применувана во комјутерските мрежи, како и во управувањето со други типови на сообраќај, но во склоп на управувањето со воздушниот сообраќај е новина. Во докторската дисертација

јасно и прецизно се наведени предностите на предложениот концепт, кои се во таков обем што ја издигнуваат оваа идеја на ниво на потреба, па дури и неопходност во понатамошниот развој на управувањето.

Вториот придонес се состои во развојот на систем за целосно автоматско управување со воздушниот сообраќај кој се темели на концептот за дистрибуирано управување. Предложениот систем обезбедува оптималност во изборот на патеката на летот од аспект на цената на чинење на летот, обезбедувајќи притоа целосна безбедност. Безбедноста на летот е постигната со овозможување на користење на којбило од познатите и проверени алгоритми за избегнување на конфликти, што покажува дека предложеното решение е адаптибилно кон конкретната ситуација и ги опфаќа сите можни сценарија на појава на конфликтна ситуација.

Можноста за практична реализација на предложениот систем кандидатот ја покажува со анализа на постојните технологии и нивна адаптација во насока на имплементација на системот. Анализата е целосна и сеопфатна, а предложените адаптации се детализирани често и до имплементациско ниво, што е чекор повеќе од предвидениот опфат на докторската дисертација. Токму фактот што предложеното решение е изводливо со постојните технологии е уште еден важен придонес на докторската дисертација бидејќи го поместува фокусот на истражувањата од изведување на глобални идеи и концепти кон дизајн на практично применливи системи во блиска иднина. Предложениот алгоритам за автоматско децентрализирано одредување на патеката на лет на воздухопловите се темели на информации кои и во сегашни услови, воздухопловите ги поседуваат во соодветна база на податоци, дел од системот за управување со лет. Новината се состои во примена на предложениот алгоритам врз постојните податоци, како и податоците примени од воздухопловите во соодветната околина, но и во дистрибуирање на информациите за избраните патеки на лет до останатите „соседни“ воздухоплови и нивното резервирање во соодветен временски период и воздушен простор.

Со цел верификација на предложениот алгоритам, изработен е соодветен модел и извршени се симулации во пакетот Matlab кои претставуваат доказ за валидноста на концептот. Дефинираниот, детално разработен и потврден алгоритам за автоматско одредување на патека на лет во самиот воздухоплов, каде што „пакетот“ кој патува е тој што ја одредува патеката во следните чекори, е основниот и особено значаен придонес на оваа докторска дисертација. Тоа е концепт кој досега не е имплементиран и е сосема малку истражуван, но покажува големи ветувања во иднината на развојот на воздухопловниот сообраќај.

Докторската дисертација отвора и редица прашања за понатамошно истражување. Иако кандидатот наведува дека предложениот концепт е применлив во сите фази на летот, а е демонстриран во фазата на хоризонтален лет, понатамошните истражувања треба да покажат колку и какви адаптации, но и нови решенија се потребни за целосна авотматизација на управувањето со летот во сите фази. Имајќи ја предвид денешната безбедносна ситуација во светот во поглед на нападите на системот од надвор (како, на пример,

терористички напади), се поставува прашањето за заштита и робусност на системот од вакви влијанија. Прашањето за теоретскиот лимит на капацитетот на ваквите системи е секако тука и одговорот на ова прашање бара дополнителни теоретски истражувања. Може да се каже дека дисертацијата претставува своевиден вовед и отвора врата кон редица нови полиња за истражување.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека во дисертацијата „Примена на упатувачки мрежни протоколи за управување во цивилен воздушен сообраќај"е даден оригинален придонес кон процесот на децентрализирано автоматско управување во воздушниот сообраќај. Предложениот концепт и алгоритам даваат оригинален придонес кон развојот на автоматското дистрибуирано управување со воздушниот сообраќај. Изработените симулации претставуваат доказ за валидноста на концептот, а даден е и детален предлог за директна имплементација на концептот во постојните воздухопловни системи, кој е особено валиден и остварлив. Исто така, во докторската дисертација се дадени и насоки за понатамошни истражувања и подобрувања.

Кандидатот м-р Драгољуб Патчев покажува длабоко познавање на темата и проблематиката третирана во докторската дисертација и дава свој научен придонес во развојот и имплементацијата на децентрализиран автоматски систем за управување во воздушниот сообраќај.

Извршена е и проверка во системот за детектирање плагијати, при што овој систем дава податок дека нема плагијат во докторската дисертација.

Врз основа на сето изнесено, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да го прифати извештајот и на кандидатот м-р Драгољуб Патчев да му одобри јавна одбрана на докторската дисертација „Примена на упатувачки мрежни протоколи за управување во цивилен воздушен сообраќај".

**Комисија за одбрана на докторската дисертација**

1. Проф. д-р Оља Чокорило, Универзитет во Белград, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Аристотел Тентов, ментор, с.р.
3. Вон. проф. д-р Зоран Ивановски, член, с.р.
4. Вон. проф. д-р Катерина Ралева, член, с.р.
5. Доц. д-р Марија Календар, член, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Факултетот за електротехника и информациски технологии, објавен во весниците „Дневник" и „Коха" од 31.10.2015 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област телекомуникации, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-2117/6, донесена на 18.11.2015 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Венцеслав Кафеџиски, редовен професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии - претседател, д-р Лилјана Гавриловска, редовен професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии – член, и д-р Зоран Хаџи-Велков, редовен професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии - член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област телекомуникации, во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Славче Пејоски.

### 5. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Славче Пејоски е роден на 1.3.1984 во Струга. Средно образование завршил во 2002 година во ДСУЦ "Нико Нестор" во Струга. Со високо образование се стекнал на Факултетот за електротехника и информациски технологии, на насоката електроника и телекомуникации. Дипломирал на 7.6.2007 година, со просечен успех 9,84.

Во учебната 2007/2008 се запишал на постдипломски студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на насоката телекомуникации. Студиите ги завршил со просечен успех 10,00. На 30.6.2010 година го одбранил магистерскиот труд со наслов „Меѓунивовска оптимизација на безжичен пренос на видео сигнали", под менторство на проф. д-р Венцеслав Кафеџиски.

Докторска дисертација пријавил на 25.1.2015 година на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје под менторство на проф. д-р Венцеслав Кафеџиски. Дисертацијата со наслов „Некои примени на компримирано земање на примероци во безжични комуникации и магнетна резонанца" ја одбранил на 1.9.2015 година. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на технички науки.

На седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии одржана во септември 2007 година, Славче Пејоски е избран за соработник - демонстратор при Институтот за телекомуникации во времетраење од две години, а договорот е продолжен во септември 2009 година за уште две години. Во јануари 2012 година е избран за помлад асистент по предмети од наставно-научната област телекомуникации (Билтен бр. 1018 од 1 ноември 2011 година), а во август 2014 година е избран за асистент по предмети од наставно-научната област телекомуникации (Билтен бр. 1081 од 15.7.2014 година). Во рамките на наставната дејност на Факултетот, како асистент, држел аудиториски и лабораториски вежби по повеќе предмети од областа телекомуникации. Во доменот на научноистражувачката дејност има објавено 26 трудови во меѓународни и домашни списанија и зборници од конференции. Учествувал во еден

домашен и еден билатерален научноистражувачки проект од областа на телекомуникациите. Д-р Славче Пејоски покажал и активности во областа на стручно-апликативната дејност, учествувајќи во изработката на една студија.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Д-р Славче Пејоски во изминатиот период како асистент при Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје држел аудиториски и/или лабораториски вежби по повеќе предмети од прв циклус студии: безжични комуникации, дигитални телекомуникации 1, основи на телекомуникации, основи на дигитални телекомуникации, процесирање и пренос на мултимедиски сигнали, процесирање на сигнали во телекомуникациите, дигитален пренос на информации, симулациски методи и модулација, кодирање и процесирање на сигнали во безжичните комуникации. Дополнително држел аудиториски вежби на Воената академија во Скопје, по предметот телекомуникации. Д-р Славче Пејоски бил член на комисии за оцена и одбрана на 25 дипломски работи. Кандидатот учествувал во изработката на материјали за аудиториски и лабораториски вежби по 7 предмети од додипломски студии.

Наставните обврски кандидатот секогаш ги извршувал професионално, квалитетно, совесно и на високо стручно ниво. Тој успешно им го пренесувал знаењето на студентите и со нив постапувал на коректен и професионален начин. Како потврда на ова е и позитивната оценка што кандидатот ја добил на анонимната студентска анкета за квалитет на реализираната настава, организирана во рамките на процесот на самоевалуација на Факултетот.

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

До претходниот избор во јули 2014 година, кандидатот д-р Славче Пејоски има објавено 1 труд со оригинални научни резултати во референтно научно списание со импакт- фактор и меѓународен уредувачки одбор, 1 труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание, 13 труда со оригинални научни резултати објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор и 6 труда со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од научен собир. Овие трудови се рецензирани во Билтенот број 1018 од 1.11.2011 година и 1081 од 15.7.2014 година. Од претходниот избор во јули 2014 година до денес, д-р Славче Пејоски има објавено 2 труда со оригинални научни резултати во референтно научно списание со импакт-фактор и меѓународен уредувачки одбор, 2 труда со оригинални научни резултати објавени во научно списание, како и 1 труд со оригинални научни резултати објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор. Најголем дел од неговите истражувања се од областа на безжичните комуникации, поконкретно, оптимизацијата на безжичниот пренос на видеосигнали и примената на компримираното земање на примероци за естимација на канал и естимација на аголот на доаѓање на сигналот во безжичните комуникации, како и кај имицинг со магнетна резонанца.

**Публикувани трудови во периодот по последниот избор**

[22] **S. Pejoski**, V. Kafedziski, "Sparse Covariance Fitting Method for Direction of Arrival Estimation of Uncorrelated Wideband Signals," *Telfor Journal*, Vol. 6, No. 2, 2014, pp.115-120.

Овој труд предлага нов метод за естимација на правецот на доаѓање на широкопојасни некорелирани сигнали. Методот користи модел заснован на реткост на бројот на сигнали кои доаѓаат на антенското поле. Како дел од моделот се предлага оптимизација во контекст на групно ретка Lasso-формулација која користи проценка на ретка коваријансна матрица и наткомплетен речник од можни правци на доаѓање на сигналите. Потоа се предлага нова променета формулација за која се одредуваат регуларизациските параметри при оптимизацијата и таа се сведува на групна Lasso-формулација. Со цел да се намали пресметковната комплексност, предложен е и модифициран алгоритам, кој за претпроцесирање на сигналот користи конвенционални методи за проценка на правец на доаѓање.

[23] **S. Pejoski**, V. Kafedziski, "Asymptotic Capacity Lower Bound for an OFDM System With Lasso Compressed Sensing Channel Estimation for Bernoulli-Gaussian Channel," IEEE Communications Letters, Vol. 19, No. 3, March 2015, pp.379-382. IF = 1.268.

Овој труд содржи анализа на асимптотскиот капацитет на OFDM-системот кој користи пилотски подносители за проценка на каналот, при што преносот се врши низ Бернули-Гаусов канал, а естимацијата е заснована на компримирано земање на примероци со Lasso-реконструкција. Во анализата е искористена сличноста помеѓу поведенијата на Lasso-алгоритамот кога како мерни матрици се користат потсемплирани Хаарови матрици и потсемплирана DFT-матрица во асимптотскиот случај. Прво, со помош на резултати од реплика методот е оценета средната квадратна грешка на естимација на Lasso-естиматор дополнет со MMSE-естиматор, а потоа, користејќи ја пресметаната грешка, се одредува асимптотска долна граница на капацитетот на OFDM-системот. За разгледуваниот систем е извршена оптимизација на просечниот број на пилотски подносители кои се користат за естимација на каналот и оптимизација на односот на моќностите на пилотските и податочните симболи.

[24] **S. Pejoski**, V. Kafedziski, "Estimation of Sparse Time Dispersive Channels in Pilot Aided OFDM Using Atomic Norm," *IEEE Wireless Communications Letters,* 2015. SJR: 1.869 (impact factor according to Scopus)

Во овој труд е анализирана проценката на редок временски дисперзивен канал со произволно доцнење на ненултите компоненти (патеки). За таа намена е предложено користење на минимизација на нормата на атомите. Предложениот пристап комбинира минимизација на нормата на атомите, суперрезолуциски метод и метод на најмали квадрати и е наменет за проценка на канали со помош на пилотски симболи кај OFDM-системи. Понатаму е предложена и верзија на пристапот која користи итеративна минимизација на нормата на атомите со вклучени тежини. Преку симулации, предложените пристапи се споредени со стандардните пристапи за проценка на канал засновани на компримирано земање на примероци со и без користење на дополнителен чекор заснован на методот на најмали квадрати.

[25] **S. Pejoski,** V. Kafedziski, D. Gleich, "Compressed Sensing MRI Using Discrete Nonseparable Shearlet Transform and FISTA," IEEE Signal Processing Letters, Vol. 22, No. 10, Oct. 2015, pp. 1566-1570**.** IF = 1.751.

Во овој труд е предложен нов пристап на компримирано земање на примероци во имицинг со магнетна резонанца, кој како трансформација за реткост користи дигитална несепарабилна ширлет трансформација (DNST), а за реконструкција користи алгоритам заснован на брзо, итеративно ограничување со праг (FISTA). Искористена е фреквенциската претстава на каноничните дуални филтри на DNST за добивање на модифициран FISTA-алгоритам, кој е мемориски ефикасен и има едноставен и ефикасен начин за пресметка на потчекорот за ажурирање, приспособен на DNST-трансформацијата, која не претставува тесна рамка. Според симулациските резултати, предложениот пристап има подобро поведение од сите пристапи искористени за споредба (RecPF, FCSA, TVGSHCS, FICOTA), кога се користат споредливи времиња на извршување.

[26] **S. Pejoski**, V. Kafedziski, "Estimation of Sparse Time Dispersive SIMO Channels with Common Support in Pilot Aided OFDM Systems using Atomic Norm," *in Proceedings of Fabulous 2015,* September 2015, Ohrid.

Во овој труд е анализиран проблемот на естимација на редок временски дисперзивен канал во ОФДМ-системи, кои користат пилотски симболи, во канали со една предавателна и повеќе приемни антени. Во таквите системи каналите се ретки, и имаат приближно еднакви вредности на доцнењата на каналските коефициенти на каналите помеѓу предавателната антена и различните приемни антени, а кои произлегуваат од истиот скетерер. Во трудот е предложен нов алгоритам за естимација на канал кој ја комбинира минимизацијата на нормата на атомите за моделот со повеќе мерни вектори, MUSIC-методот и методот со најмали квадрати. Минимизацијата на нормата на атомите за моделот со повеќе мерни вектори овозможува искористување на претпоставката за приближно еднакви вредности на доцнењата, MUSIC-методот овозможува едноставна здружена проценка на доцнењата кои произлегуваат од ист скетерер, а методот со најмали квадрати овозможува проценка на каналските коефициенти.

### 4. Стручно-апликативна дејност

Во рамките на стручно-апликативната дејност, кандидатот учествувал во изработката на една студија, бил контролор на прашања за екстерно оценување во средно стручно образование и повеќе години учествувал во промотивни активности на Факултетот за електротехника и информациски технологии и Институтот за телекомуникации.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатот Славче Пејоски совесно и одговорно ги извршува сите зададени обврски и покажува одлични резултати во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност. Како

студент постигнал одличен успех, а во текот на работата како асистент покажал големо залагање учествувајќи во изведувањето на аудиториските и лабораториските вежби. Славче Пејоски има објавено 3 труда со оригинални научни резултати во референтно научно списание со импакт-фактор и меѓународен уредувачки одбор, 3 труда со оригинални научни резултати објавени во научно списание, 14 труда со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор и 6 труда со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од научен собир. Бил учесник во еден меѓународен и еден национален проект, како и во изработка на една студија.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека д-р Славче Пејоски поседува педагошки, научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето доцент во научната област телекомуникации.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св Кирил и Методиј во Скопје”, д-р Славче Пејоски да биде избран во звањето доцент во научната област телекомуникации.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Венцеслав Кафеџиски, претседател,с.р.
2. Проф. д-р Лилјана Гавриловска, член, с.р.
3. Проф. д-р Зоран Хаџи Велков, член, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **________Славче Стојан Пејоски________________________________**

(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Факултет за електротехника и информациски технологии-Скопје______**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: телекомуникации_______________________________________________**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на вежби (аудиториски – АВ, лабораториски – ЛВ)** | **69.3** |
| | - Безжични комуникации (АВ+ЛВ=1+3), зимски семестар 2007 | 1.8 |
| | - Безжични комуникации (АВ+ЛВ=1+4), зимски семестар 2008 | 2.25 |
| | - Безжични комуникации (АВ+ЛВ=1+4), зимски семестар 2009 | 2.25 |
| | - Безжични комуникации (АВ+ЛВ=1+3), зимски семестар 2010 | 1.8 |
| | - Безжични комуникации (АВ+ЛВ=1+4), зимски семестар 2011 | 2.25 |
| | - Безжични комуникации (АВ+ЛВ=1+4), зимски семестар 2012 | 2.25 |
| | - Безжични комуникации (АВ+ЛВ=1+4), зимски семестар 2013 | 2.25 |
| | - Безжични комуникации (АВ+ЛВ=1+4), зимски семестар 2014 | 2.25 |
| | - Безжични комуникации (АВ+ЛВ=1+2), летен семестар 2015 | 1.35 |
| | - Дигитални телекомуникации 1 (АВ+ЛВ=1+5), зимски семестар 2008 | 2.7 |
| | - Дигитални телекомуникации 1 (АВ+ЛВ=1+4), зимски семестар 2009 | 2.25 |
| | - Дигитални телекомуникации 1 (АВ+ЛВ=1+4), зимски семестар 2010 | 2.25 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Дигитални телекомуникации 1 (АВ+ЛВ=1+4), зимски семестар 2011 | 2.25 |
| | - Дигитални телекомуникации 1 (АВ+ЛВ=1+4), зимски семестар 2012 | 2.25 |
| | - Дигитални телекомуникации 1 (АВ+ЛВ=1+4), зимски семестар 2013 | 2.25 |
| | - Дигитални телекомуникации 1 (АВ+ЛВ=1+3), зимски семестар 2014 | 1.8 |
| | - Основи на телекомуникации (АВ+ЛВ=1+4), летен семестар 2009 | 2.25 |
| | - Основи на телекомуникации (АВ+ЛВ=1+4), летен семестар 2010 | 2.25 |
| | - Основи на телекомуникации (АВ+ЛВ=1+4), летен семестар 2011 | 2.25 |
| | - Основи на телекомуникации (АВ+ЛВ=1+5), летен семестар 2012 | 2.7 |
| | - Основи на телекомуникации (АВ+ЛВ=1+5), летен семестар 2013 | 2.7 |
| | - Основи на телекомуникации (АВ+ЛВ=1+3), летен семестар 2014 | 1.8 |
| | - Основи на телекомуникации (АВ+ЛВ=1+4), летен семестар 2015 | 2.25 |
| | - Основи на дигитални телекомуникации (АВ+ЛВ=1+2), летен семестар 2008 | 1.35 |
| | - Основи на дигитални телекомуникации (АВ+ЛВ=1+1), летен семестар 2009 | 0.9 |
| | - Основи на дигитални телекомуникации (АВ+ЛВ=1+2), летен семестар 2010 | 1.35 |
| | - Основи на дигитални телекомуникации (АВ+ЛВ=1+2), летен семестар 2011 | 1.35 |
| | - Основи на дигитални телекомуникации (АВ+ЛВ=1+1), летен семестар 2012 | 0.9 |
| | - Основи на дигитални телекомуникации (АВ+ЛВ=1+1), летен семестар 2013 | 0.9 |
| | - Процесирање и пренос на мултимедиски сигнали (АВ+ЛВ=1+1), летен семестар 2008 | 0.9 |
| | - Процесирање и пренос на мултимедиски сигнали (АВ+ЛВ=1+1), летен семестар 2010 | 0.9 |
| | - Процесирање и пренос на мултимедиски сигнали (АВ+ЛВ=1+1), летен семестар 2012 | 0.9 |
| | - Процесирање и пренос на мултимедиски сигнали (АВ+ЛВ=1+1), летен семестар 2014 | 0.9 |
| | - Процесирање на сигнали во телекомуникациите (АВ+ЛВ=1+1), летен семестар 2008 | 0.9 |
| | - Процесирање на сигнали во телекомуникациите (АВ+ЛВ=1+1), летен семестар 2015 | 0.9 |
| | - Симулациски методи во телекомуникациите (ЛВ=3), зимски семестар 2008 | 1.35 |
| | - Дигитален пренос на информации (АВ+ЛВ=1+2), летен семестар 2014 | 1.35 |
| | - Практикум по Матлаб (ЛВ=3), летен семестар 2013 | 1.35 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Практикум по компјутерски вештини и алатки (ЛВ=3), летен семестар 2014 | 1.35 |
| | - Модулација, кодирање и процесирање на сигнали во безжичните комуникации (ЛВ=1), зимски семестар 2007 | 0.45 |
| | - Телекомуникации – Воена академија (АВ=2), зимски 2013 | 0.9 |
| **2.** | **Консултации со студенти** – 2156 | **4.3** |
| **3.** | **Член на комисија за оценка или одбрана на дипломска работа** (25) | **2.5** |
| **4.** | **Пакет материјали за одреден предмет** | **7** |
| | Безжични комуникации (вежби) | 1 |
| | Дигитални телекомуникации 1 (вежби) | 1 |
| | Основи на телекомуникации (вежби) | 1 |
| | Процесирање и пренос на мултимедиски сигнали (вежби) | 1 |
| | Основи на дигитални телекомуникации (вежби) | 1 |
| | Процесирање на сигнали во телекомуникациите (вежби) | 1 |
| | Телекомуникации – Воена академија (вежби) | 1 |
| | **Вкупно** | **83.1** |
| | | |
| | | |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Учесник во национален научен проект** | **3** |
| | “Заедничко кодирање на извор и канал за повеќекориснички и кооперативни телекомуникациски системи со примена кај безжичен пренос на видео”, 1.1.2011-31.6.2012, финансиран од ФЕИТ, раководител проф. д-р Венцеслав Кафеџиски | 3 |
| **2.** | **Учесник во меѓународен научен проект** | **5** |
| | “Компримирано земање на примероци кај магнетна резонанца”, билатерален проект со Република Словенија, 1.1.2013-31.12.2013, финансиран од МОН, раководител: проф. д-р Венцеслав Кафеџиски | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| **3.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** | **10.8** |
| 3.1 | S. Pejoski, V. Кafedziski, “Estimation of Sparse Time Dispersive Channels in Pilot Aided OFDM Using Atomic Norm,” *IEEE Wireless Communications Letters,* 2015. | 3.6 |
| 3.2 | S. Pejoski, V. Кafedziski, “Sparse Covariance Fitting Method for Direction of Arrival Estimation of Uncorrelated Wideband Signals,” Telfor Journal, Vol. 6, No. 2, 2014, pp.115-120. | 3.6 |
| 3.3 | S. Pejoski, V. Kafedziski, "Cross-Layer Framework for Multiuser Real Time H.264/AVC Video Encoding and Transmission over Block Fading MIMO Channels Using Outage Probability", Hindawi Advances in Multimedia, Volume 2014, Article ID 362196. | 3.6 |
| **4.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | **18.8** |
| 4.1 | S. Pejoski, V. Кafedziski, D. Gleich, “Compressed Sensing MRI Using Discrete Nonseparable Shearlet Transform and FISTA,” IEEE Signal Processing Letters, Vol. 22, No. 10, Oct. 2015, pp. 1566-1570. IF = 1.751. | 6.2 |
| 4.2 | S. Pejoski, V. Кafedziski, “Asymptotic Capacity Lower Bound for an OFDM System With Lasso Compressed Sensing Channel Estimation for Bernoulli-Gaussian Channel,” IEEE Communications Letters, Vol. 19, No. 3, March 2015, pp.379-382. IF = 1.268. | 6.54 |
| 4.3 | S. Pejoski, V. Kafedziski, “Downlink Video Streaming for Users Non-Equidistant from Base Station”, Radioengineering, Vol. 21, No.2, 2012, pp.772-780. IF = 0.739. | 6.07 |
| **5.** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки** | **37.5** |
| 5.1 | S. Pejoski, V. Кafedziski, “Estimation of Sparse Time Dispersive SIMO Channels with Common Support in Pilot Aided OFDM Systems using Atomic Norm,” in Proceedings of Fabulous 2015, September 2015, Ohrid. | 2.7 |
| 5.2 | S. Pejoski, V. Kafedziski, "Method for Direction of Arrival Estimation of Uncorrelated Wideband Signals Based on Sparse Covariance Fitting", in Proceedings of 21st International Communications Conference (TELFOR), pp. 408 – 411, November 2013, Belgrade. | 2.7 |
| 5.3 | S. Pejoski, V. Kafedziski, "Joint Source Channel Coding Framework for Real Time H.264/AVC Video Transmission over Wireless MIMO Channels Using Outage Probability, in Proceedings of 11th International Conference on Telecommunications TELSIKS 2013, pp. 221 – 224, October 2013, Nis. | 2.7 |
| 5.4 | V. Kafedziski, S. Pejoski, "Testbeds and Experiments in Signal Processing for Wireless Communications for Educational Purposes", in Proceedings of 11th International Conference ETAI 2013, September 2013, Ohrid. | 2.7 |
| 5.5 | S. Pejoski, V. Kafedziski, "Indirect Method for Direction of Arrival Estimation of Bandlimited Communications Signal Based on Compressed Sensing, Proceedigns of IEEE EUROCON 2013, pp.584-590, July 2013, Zagreb. | 2.7 |
| 5.6 | S. Pejoski, V. Kafedziski, “Cross-layer framework for real time H.264/AVC video transmission over wireless channels using outage probability”, in Proceedings of IX International Symposium on Telecommunications (BIHTEL), pp 25-27, October 2012, Sarajevo. | 2.7 |

| | | |
|---|---|---|
| 5.7 | M. Bogdanoski, A. Risteski, S. Pejoski, "Steganalysis — A way forward against cyber terrorism," in Proceedings of 20th Telecommunications Forum (TELFOR), pp. 681- 684, November 2012, Belgrade. | 2.4 |
| 5.8 | S. Pejoski, V. Kafedziski, “Multiple speaker/microphone platform as an educational tool for wireless communications, in Proceedings of 20th Telecommunications forum (TELFOR), pp. 330-333, November 2012, Belgrade. | 2.7 |
| 5.9 | S. Pejoski, V. Kafedziski, “Wavelet image decomposition based variable density compressive sampling in MRI,” 19th Telecommunications Forum TELFOR 2011, Belgrade, Serbia, November 2011. | 2.7 |
| 5.10 | S. Pejoski, V. Kafedziski, “Fairness in Downlink Multiuser Video Streaming for Non-equidistant Users from Base Station”, X International Conference, ETAI 2011, Ohrid, Macedonia, September 16-20, 2011. | 2.7 |
| 5.11 | S. Pejoski, V. Kafedziski, “Causal Video Transmission Over Fading Channels with Full Channel State Information”, 5th European Conference on Circuits and Systems for Communications (ECCSC’10), Belgrade, Serbia, November 23-25, 2010. | 2.7 |
| 5.12 | S. Pejoski, V. Kafedziski, “Improved Multiuser Wireless Video Streaming by Considering Influence on Subsequent Frame”, 18th Telecommunications Forum TELFOR 2010, Belgrade, Serbia, November 23-25, 2010, pp. 942-945. | 2.7 |
| 5.13 | V. Kafedziski, S. Pejoski, “Optimization of Video Transmission on MIMO Channels using Outage Probability”, 52nd International Symposium ELMAR 2010, Zadar, Croatia, September 14-17, 2010. | 2.7 |
| 5.14 | S. Pejoski, V. Kafedziski, “Video transmission on slowly fading channels using diversity”, 17th Telecommunications Forum TELFOR 2009, Belgrade, Serbia, November 24-26, 2009, pp. 307-310. | 2.7 |
| **6.** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | **10.2** |
| 6.1 | S. Pejoski, V. Kafedziski, “Reliazable Video Transmission Over Fading Channels with Full Channel State Information”, XLV International Scientific Conference on Information Communication and Energy Systems and Technologies ICEST 2010, Ohrid, Macedonia, June 23-26, 2010. | 1.8 |
| 6.2 | S. Pejoski, V. Kafedziski, “Video Transmission Over Slowly Fading Channels Using Diversity and Symbol or Power Adaptation”, XLV International Scientific Conference on Information Communication and Energy Systems and Technologies ICEST 2010, Ohrid, Macedonia, June 23-26, 2010. | 1.8 |
| 6.3 | С. Пејоски, В. Кафеџиски, “Безжичен пренос на видео сигнали отпорен на грешки”, IX Национална конференција со меѓународно учество, ЕТАИ 2009, Охрид, Македонија, 16-29 септември 2009. | 1.8 |
| 6.4 | С. Пејоски, Б. Поповски, “Анализа на динамички дообраќаен Grooming во WDM-мрежа со користење на генерички граф модел”, IX национална конференција со меѓународно учество, ЕТАИ 2009, Охрид, Македонија, 16-29 септември 2009. | 1.8 |
| 6.5 | О. Огненоски, Ф. Шаревски, С. Пејоски, Т. Јаневски, “Модул за контрола на пристап базиран на генетски алгоритми”, IX национална конференција со меѓународно учество, ЕТАИ 2009, Охрид, Македонија, 16-29 септември 2009. | 1.2 |

| | | |
|---|---|---|
| 6.6 | T. Janevski, S. Pejoski, “Applicability of General Prcessor Sharing Model for Link and Network Dimensioning under Heavy Traffic Load” 53th ETRAN Conference, Vrnjačka Banja, Serbia, June 9-15, 2009. | 1.8 |
| | **Вкупно** | **85.3** |
| | | |
| | | |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Студија (учесник/соработник)** | **1** |
| | “Анализа на постојните спецификации за приемничка опрема за DVB-T и анализа на достапните приемници за DVB-T на пазарот во Република Македонија”, ноември 2012, Совет за радиодифузија на Република Македонија | 1 |
| **2.** | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија** | **1** |
| | Рецензент на прашања за екстерно оценување во средно стручно образование за 2013 | 1 |
| **3.** | **Учество во промотивни активности на факултетот/институтот** | **3.5** |
| | Отворен ден на ФЕИТ/ТК, 2011. | 0.5 |
| | Отворен ден на ФЕИТ/ТК, 2012. | 0.5 |
| | Отворен ден на ФЕИТ/ТК, 2013. | 0.5 |
| | Отворен ден на ФЕИТ/ТК, 2014. | 0.5 |
| | Отворен ден на ФЕИТ/ТК, 2014. | 0.5 |
| | Уредувачки одбор за подготовка на монографија по повод 50 год. ФЕИТ, 2009 | 1 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| **1.** | **Член на организационен или одбор на меѓународен научен/ стручен собир** | **3** |
| | ЕТАИ 2011 | 1 |
| | ЕТАИ 2013 | 1 |
| | ЕТАИ 2015 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| **2.** | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект (соработник)** | **2** |
| | "Ground Penetrating Radar attached to the hexacopter for automatic mine detection," NATO Science for Peace and Security Programme. | 1 |
| | "Енергетска ефикасност во безжично-напојувани телекомуникациски мрежи", билатерален проект со Народна Република Кина | 1 |
| **3.** | **Член на факултетска комисија** | **1** |
| | Центар за нови студенти | 0.5 |
| | Пописна комисија 2013 | 0.5 |
| | **Вкупно** | **11.5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ Д-Р СЛАВЧЕ ПЕЈОСКИ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 83,1 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 85,3 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 11,5 |
| **Вкупно** | 179,9 |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

4. Проф. д-р Венцеслав Кафеџиски, претседател, с.р.
5. Проф. д-р Лилјана Гавриловска, член, с.р.
6. Проф. д-р Зоран Хаџи Велков, член, с.р.

# Преглед
# на прифатен наслов на композиција за изработка на магистерски труд на Факултетот за музичка уметност – Скопје

| | Презиме и име | Наслов на композиција за изработка на магистерски труд | Ментор | Датум и број на одлука на ННУС |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Теа Богатинова | На македонски јазик:<br>- Симфонија за метален дувачки квинтет,<br>- Кантата за дождот – за женски хор и симфониски оркестар.<br><br>На англиски јазик:<br>- Sinfonia for Grass quintet,<br>- Cantata for the rain – for female choir and symphonic orchestra. | Проф. м-р Јана Андреевска - Димитровска | 02-879/1<br>4.12.2015 |

Рецензија

ЗА ОЦЕНКА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

,, ВЛИЈАНИЕ НА ЕКСПЛОЗИВНАТА СИЛА ВРЗ ЕФИКАСНОСТА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ВО СПРИНТЕРСКИТЕ ТРЧАЊА КАЈ УЧЕНИЦИ ОД 14 - ГОДИШНА ВОЗРАСТ ˝

ОД М-Р АСТРИТ ИСЕНИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно – научниот совет на Факултетот за физичко образование спорт и здравје во Скопје под деловоден бр. 0201 – 1706/4 донесена на ден 3. 12. 2015 година формирана е Комисија за оцена на докторската дисертација под наслов:, ВЛИЈАНИЕ НА ЕКСПЛОЗИВНАТА СИЛА ВРЗ ЕФИКАСНОСТА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ВО СПРИНТЕРСКИТЕ ТРЧАЊА КАЈ УЧЕНИЦИ ОД 14 - ГОДИШНА ВОЗРАСТ поднесена од м-р Астрит Исени. Комисијата во состав: проф. д-р Зоран Радиќ ментор, проф. д-р Жарко Костовски член и проф. д-р Милан Наумовски , претседател, проф. д-р Вујица Живковиќ и проф. д-р Иса Аслани, член, по разгледувањето на докторската дисертација го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација претставува самостоен научен труд презентиран на 141 страници текст, поделен на 8 поглавја:

1.Вовед (3 страници), 2. Досегашни истражувања (27 страници), 3. Проблем, предмет, цели и хипиотези на истражување (4 страници), 4. Метод на работа (23 страница), 5. Резултати и дискусија (63 страници), 6. Теоретско и практично значење на истражувањето (2 страници), 7. Заклучок (9 страници) и 8. Библиографија (6 страници).

Во воведниот дел на докторската дисертација, кандидатот го презентира интересот на направеното истражување, дерка ваквиот начин на истражувачка постапка треба да биде користена во спортот, како организирано мерење на моторните способности, морфолошките карактеристики и севкупниот антрополошки статус на голем број спортисти и ученици во основното и средно образование од наставната програма по физичко образование и кај спортската популација во системот на тренингот со цел за постигнување квалитетни резултати. Понатаму кандидатот наведува дека морфолошките карактеристики и моторичките способности и нивната надградба, како и експлозивната сила, претставуваат клуч за успехот во спортот, посебно во атлетскиот спорт како мултидисциплинарна спортска гранка, специјално во спринтерските трчања. Конкретно за истражуваната популација кандидатот му дава значење на следењето на децата во нивниот морфолошки развој во претпубертетскиот и пубертетскиот период, со одредени појави кај оваа возраст. Моториката која се организира на часовите по физичко воспитување, како и на спортските активности – тренинзи во спортски клубови и натпревари, треба со својот позитивен ефект да ги надмине психолошките функционални способности на децата во овие развојни периоди. Значењето на

експлозивната сила, како дел од општата моторика, има голем удел во многу атлетски дисциплини, во нашиот случај во спринтерските трчања, во кои таа има доминантно значење во стартувањето и одржувањето на брзината.

Во втората глава, авторот ги претставува современите научни истражувања кои се поврзани со предметот и целта на ова истражување, во кои повеќе автори спровеле истражувања како што е ова истражување или обработиле слична проблематика. Од досегашните истражувања се гледа дека авторот сеопфатно се посветил и ја проучил проблематиката на проучуваниот предмет на овој научен труд, во кој претставил вкупно 62 автора кои му послужиле да го прошири и збогати своето знаење за истражуваната проблематика.

Во третата глава посебно се дефинирани проблемот, предметот, целта и хипотезите, од кои јасно може да се согледа суштината на истражувањето. Проблемот на истражувањето произлегува од потребата за откривање на талентирани деца за спортски дисциплини следејќи ги морфолошките карактеристики и моторичките способности, а посебно експлозивната сила како латентна структура која се добива преку проучување на манифестниот моторен простор. Предмет на истражувањето, покрај морфолошките карактеристики, се базичните моторички способности и специфично моторичките способности изразени преку одреден број на варијабли кои ќе бидат цел да се утврди влијанието и разликите помеѓу анализираните групи испитаници на 14 - годишна возраст - машка популација. Во истражувањето се поставени 7 хипотези кои треба да го потврдат или отфрлат влијанието, како и разликите во морфологијата на испитаниците, во базичната моторика и во специфичната моторика, за да се дојде до сознанија за експлозивната сила.

Во четвртата глава, кандидатот ги презентира испитаниците вкупно 180 поделени во две групи, експериментална и контролна група. Параметри од морфолошките карактеристики со 17 варијабли и параметри кои го дефинираат моторниот простор, поделен на базична моторика со 13 варијабли и специфична моторика 9 варијабли. Потоа услови, техника и опис на мерењата, а на крај е презентиран и системот на тренинг применет во време од три месеци со експерименталната група за време на настравата по физичко воспитување. За да се остварат предметот и целта на истражувањето применети се научни методи, прво дескриптивната статистика, потоа мултиваријатните методи за утврдување разлики МАНОВА И АНОВА, мултиваријатна анализа на коваријанса МАНКОВА и униваријатна анализа на коваријанса АНКОВА, и за утврдување на влијанија на прогностичките варијабли врз критериумот - регресиска анализа.

Во паттата глава презентирани се резултатите и дискусијата, каде што авторот применил прво дескриптивна статистичка обработка на резултатите на испитаниците на морфолошките карактеристики, базичните и специфичните моторички способности кај сите испитаници и посебно кај двете групи испитаници, претставени на 6 табели. Тестирањето со примена Колмогоров-Смирновиот тест во иницијалното и финалното мерење за сите три сегменти дадени се на 6 табели. Анализата на варијанса исто така е претставена за трите сегмента на 6 табели во иницијалното и финалното мерење.На 6

табели презентирана е мултиваријатната анализа МАНОВА за сите три сегменти и групи испитаници. Мултиваријатната и униваријатната анализа на коваријанса (МАНКОВА и АНКОВА) за иницијалното и финалното мерење на експерименталната и контролната група разработени се во 6 табели. На крајот од примената на мултиваријатните методи за анализа на податоците во финалното мерење применета е регресиска анализа за сите три сегменти параметри и експерименталната и контролната група испиотаници, со која е утврдено влијанието на предикторските варијабли врз трите критериумски варијабли. Регресиските влијанија се презентирани на 33 табели.

Во шестата глава е дадено теоретското и практичното значење на истражувањето, кое како оригинално научно дело содржи методолошки пристап, во кој се применети научни методи за утврдување на експлозивната сила врз спринтерските трчања. Резултатите од истражувањето се од голема корист за идентификувањето на нивото и промената во структурата на морфологијата и моториката кај истражуваната популација ученици на 14 годишна возраст во однос на критериумот – експлозивната сила во спринт на 30, 80 и 100 метри. Резултатите треба да имаат практична примена во наставата по физичко воспитување со атлетската секција, како и во атлетските клубови во работата со спринтерите. Но, ова истражување не мора да има практична и теоретска примена само за атлетскиот спорт, туку и во други спортови каде што експлозивната сила има одредено значење.

Во седмата глава е презентиран заклучокот како научно сознание утврдено со примена на одредени научни методи. Во истражувачката постапка се применети научни методи за утврдување разлики во група и помеѓу групи, како и утврдување на влијанија на одредени параметри врз три спринтерски должини, кои се користат во наставата по физичко воспитување и во атлетиката. Според применетите методолошки постапки се дојде до сознанија во однос на разликите помеѓу групите и во групата – експериментална и контролна во иницијалното и во финалното мерење со што практично сите седум поставени хипотези се прифатени.

Во осмата глава, кандидатот презентира голем број на библиографски единици кои третираат ваква проблематика или слична на применетото истражување. Големиот број библиографски единици - вкупно 70 му овозможиле на кандидатот да владее со определени научни сознанија кои му послужиле квалитетно да ја спроведе истражувачката постапка во докторската дисертација.

Имајќи го предвид изнесеното, Комисијата позитивно ја оценува докторската дисертација на тема: **ВЛИЈАНИЕ НА ЕКСПЛОЗИВНАТА СИЛА ВРЗ ЕФИКАСНОСТА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ВО СПРИНТЕРСКИТЕ ТРЧАЊА КАЈ УЧЕНИЦИ ОД 14 - ГОДИШНА ВОЗРАСТ** од м-р Астрит Исени и го моли Наставно – научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје да определи термин за одбрана на докторската дисертација.

Комисија за одбрана на докторската дисертација

Проф. д-р Зоран Радиќ – ментор с.р.
Проф. д-р Милан Наумовски – претседател с.р.

Проф. д-р Жарко Костовски – член с.р.

Проф. д-р Вујица Живковиќ – член с.р.

Проф. д-р Иса Аслани – член с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЕТИЧКИОТ ПРОФИЛ НА СОЦИЈАЛНИОТ РАБОТНИК И СОВРЕМЕНИТЕ ТРЕНДОВИ ВО СОЦИЈАЛНАТА РАБОТА“, ОД М-Р БИЛЈАНА НАЦКОВСКА - ВЕЉКОВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ПРИ ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 28.10.2015 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Билјана Нацковска - Вељковиќ со наслов „Етичкиот профил на социјалниот работник и современите трендови во социјалната работа“, во состав: проф. д-р Мариа Доневска (претседателка), проф. д-р Сузана Симоновска (менторка), проф. д-р Сузана Борнарова (членка), проф. д-р Сунчица Димитријоска (членка) и проф. д-р Светлана Трбојевиќ (членка).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет му го поднесува следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Билјана Нацковска - Вељковиќ, со наслов „Етичкиот профил на социјалниот работник и современите трендови во социјалната работа“, содржи 198 страници компјутерски обработен текст во Arial, со 1,5 проред и големина на букви-12, 181 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 2 тематски целини (теоретски и истражувачки дел), со вовед, заклучни согледувања и препораки. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот се изложени предметот и целите на истражувањето, истражувачките прашања и теоретската рамка на истражувањето. Исходувајќи од промените што се случуваат во социјалната работа на меѓународно ниво, а кои се рефлектираат и во нашата држава, кандидатката укажува на влијанието на современите трендови во социјалната работа врз етичкиот профил на социјалниот работник. Всушност, трудот треба да ги отслика етичките проблеми со кои се соочуваат социјалните работници во текот на својата работа и, воедно, да ги претстави современите трендови и промени кои се случуваат во социјалната работа. Целта е да се покаже важноста на етичкото однесување на социјалните работници и потребата од почитување на етичките принципи и кодекси на однесување, па оттука да се укаже и потребата од создавање на нов етички кодекс во Република Македонија, посебно наменет за социјалните работници, збогатен со нови принципи и области на работа, а кои ќе бидат во корелација со современите трендови и етчките принципи содржани во меѓународните етички документи и декларации.

**Теоретскиот дел** од докторската дисертација е структуриран во четири поглавја, и во него се елаборира односот помеѓу етиката и социјалната работа, како и промените во социјалната работа под влијание на современите трендови.

**Првата глава** е посветена на меѓународните димензии на социјалната работа, со посебен акцент на влијанието на глобализацијата врз социјалната работа и новините во Генералната агенда за социјална работа и социјален развој.

Во **втората глава** се изложени новите пристапи и перспективи во социјалната работа, а под влијание на современите трендови.

**Во третата глава** вниманието е насочено кон етичката перспектива во социјалната работа, и во неа се опфатени професионалните улоги, етичките вредности, дилемите и проблемите во реализацијата на социјалната работа, како и интернационалните етички документи и етичките кодекси на социјалните работници.

Во **четвртата глава** се анализира влијанието на меѓународните трендови врз социјалната работа и социјалната заштита во Република Македонија.

**Истражувачкиот дел** од докторската дисертација се базира на податоци добиени од спроведената анкета и експертски интревјуа со социјални работници и експерти во овој домен, вработени во различни институции. Целта е да се добијат конкретни сознанија за состојбата во Република Македонија од аспект на влијанието на современите трендови во социјалната работа врз етичкото профилирање на социјалните работници. Истражувачкиот дел ја опфаќа методолошката рамка на истражувањето и анализата на резултатите добиени од истражувањето. Истражување е спроведено во осум градови во Република Македонија (Скопје, Битола, Прилеп, Тетово, Велес, Куманово, Струмица, Охрид), со времетраење од 6 месеци. Вкупно се анкетирани 100 социјални работници, а интервјуто е спроведено со експерти, вработени во Министерството за труд и социјална политика, Заводот за социјални дејности и Институтот за социјална работа и социјална политика во Скопје.

Во заклучните согледувања во синтетизирана форма се изнесени резултатите од истражувањето, по што следат и дадените препораки.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Предмет на истражувањето на оваа докторска дисертација е корелацијата помеѓу современите трендови во социјалната работа и промената на етичкиот профил на социјалниот работник под влијание на тие трендови.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Изборот на темата на оваа докторска дисертација спаѓа во областа на етиката на социјалната работа, подрачје кое начелно е доста малку обработувано на нашите простори. Станува збор за избор на една мошне актуелана тема, досега неистражувана, во која акцентот е ставен врз потребата од постојана етичка надградба на социјалниот работник во дослух со современите трендови во социјалната работа и заштита.

**<u>Краток опис на применетите методи</u>**

Во докторската дисертација е применета комбинирана квалитативно-квантитативна методологија. Во теоретскиот дел, со цел да се елаборира заснованоста на истражувачкиот проблем, е применета аналитичко-синтетичка и компаративна анализа на соодветната литература. Истражувачкиот дел се темели на експлоративниот метод на истражување, кој има за цел да ја открие каузалната поврзаност помеѓу појавата која е предмет на проучување и причините или доволните услови кои ја предизвикуваат или

влијаат на таа појава. Во тие рамки се применети: комбиниран анкетен прашалник (со отворени и затворени прашања), експертски (полуструктурирани) интервјуа и анализа на содржина. Во обработката на податоци се користени пред сè статистички методи. Со генерализација на основните тези, кои се проткаени во целокупната теориска елаборација на истражувачкиот проблем, различните поглавја во трудот се поврзани во една кохерентна целина.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Резултатите од анализата и компарацијата на теоретските научни материјали и спроведеното истражување во целост ја потврдуваат општата хипотеза дека современите трендови во социјалната работа влијаат врз промените на етичкиот профил на социјалниот работник. Исто така се потврдени и посебните хипотези дека современите трендови во социјалната работа влијаат врз реформите во системот на социјалната заштита на Република Македонија, како и врз проширувањето на социјалната работа со нови области и пристапи на дејствување. Промените во социјалната работа наметнуваат нови етички принципи во работењето, со што се менува и збогатува етичкиот профил на социјалниот работник.

Резултатите добиени од споведеното истражување укажуваат и на потребата од доедукација на социјалните работници во нашата држава, како за современите трендови во социјалната работа и социјалната заштита, така и за промените во меѓународните етичките документи и кодекси. Според кандидатката, со еден континуиран процес на стручна надградба ќе се овозможи поголема примена на новите модели и пристапи во работата со клиентите (како на пример, стратешкиот модел со партиципативниот пристап), прифаќање на новите професионални улоги (менанџер на случај), како и поголема примена и почитување на етичките принципи и стандарди во работата. Проширувањето на областите на дејствување, од своја страна ја налагаат потребата од промена во организациската поставеност на институциите, подобрување на техничките услови и кадровската екипираност, како и зголемување на слободата во работењето, но во рамките на поставените етички стандарди.

Исходувајќи од основната улога на социјалната работа како помагателна професија, која е во функција да им служи и помага на граѓаните кои имаат одредена социјална потреба, кандидатката ја потенцира важноста од соодветно етичкото профилирање на социјалниот работник. Имајќи ги предвид меѓународните етички документи, нашите постојни етички документи и промените во социјалната работа и во етиката воопшто, кандидатката ја истакнува потребата од создавање на нов етички кодекс, наменет за социјалните работници, кој ќе биде во корелација со современите промени, а во функција на поуспешно и поефикасно применување на новите професионални и етички стандарди, од што пак зависи успешното извршување на работните задачи и различните професионални улоги коишто социјалниот работник ги има во секојдневната работата со клиентите.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Билјана Нацковска - Вељковиќ, со наслов „Етичкиот профил на социјалниот работник и современите трендови во социјалната работа", претставува истражување од областа на применетата етика во социјалната работа. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел да ги претстави современите трендови во социјалната работа, нивното влијание врз етичкиот профил на социјалниот работник, со посебен акцент на промените кои се случуваат во овој домен во Република Македонија. Трудот се однесува на една мошне значајна и актуелна

тема која бара интердисциплинарен пристап, кој пак овозможува да се актуализира заемната поврзаност на етиката и социјалната работа, димензија занемарена на нашите простори, а за што говори и фактот дека од осамостојувањето на Република Македонија сè уште не е изработен етички кодекс, посебно наменет за социјалните работници. Отука произлегува и пионерскиот обид на кандидатката, во една систематизирана форма да ги прикаже современите трендови во социјалната работа, промените во етичкото профилирање на социјалните работници и начинот на кој тие се рефлектираат во нашата држава. Понудените сознанија, заедно со дадените препораки се во функција на поуспешно и поефикасно извршување на професионалната дејност од аспект на новите професионални улоги на социјалниот работник.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Билјана Нацковска - Вељковиќ, со наслов „Етичкиот профил на социјалниот работник и современите трендови во социјалната работа", според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главниот научен придонес на кандидатката е во обидот да се интегрираат и теориски да се елаборираат промените кои се случуваат Република Македонија во доменот на социјалната работа, а под влијание на современите меѓународни трендови. Исто така, придонесот на овој труд е и во истакнувањето на потребата од почитување на меѓународните етички принципи и стандарди кои треба да бидат преточени во еден нов етички кодекс на социјалните работници во Република Македонија.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: во доменот на социјалната работа, социјалната заштита, социјалната политика и етиката.

Можните понатамошни истражувања се: продлабочување на новите етички перспективи во доменот на социјалната работа како начин за справување со моралните проблеми и дилеми во секојдневата практична работа на социјалните работници.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Билјана Нацковска - Вељковиќ**, со наслов „Етичкиот профил на социјалниот работник и современите трендови во социјалната работа".

КОМИСИЈА

**Проф. д-р Мариа Доневска, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Сузана Симоновска, ментор, с.р.**

**Проф. д-р Сузана Борнарова, членка, с.р.**

**Проф. д-р Сунчица Димитријоска, член, с.р.**

**Проф. д-р Светлана Трбојевиќ, член, с.р.**

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 2. Магистерски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Марина Ѓоргиевска | „Вардарскиот дел од Македонија под српска власт (1912-1915)“ | „The Vardar part of Macedonia under Serbian occupation (1912-1915)“ | проф. д-р Никола Жежов | 30. XI 2015 година<br>Бр. 10-2318/15 |
| 2. | Слободан Марковиќ | „Шопенхауеровата критика на Кант“ | „Schopenhauer's critique of Kant“ | проф. д-р Ристо Солунчев | 30. XI 2015 година<br>Бр. 10-2249/15 |
| 3. | Тијана Петковска | „Односот помеѓу знаењето и разбирањето во филозофиите на Мишел Фуко и Ханс-Георг Гадамер“ | „The relation between knowledge and understanding in the philosophy of Michel Foucault and Hans-Georg Gadamer “ | проф. д-р Ана Димишковска | 30. XI 2015 година<br>Бр. 10-1448/15 |
| 4. | Ана Петреска | „Вработувањето на лицата со интелектуална попреченост во Република Македонија“ | „Employment of persons with intellectual disability in the Republic of Macedonia“ | доц. д-р Александра Каровска Ристовска | 30.XI 2015 година<br>Бр. 10-2293/15 |
| 5. | Кире Медарски | „Контрола на безбедносно-разузнавачките служби на Република Македонија“ | „ Control of the security - intelligence services of the Republic of Macedonia“ | проф. д-р Оливер Бакрески | 30.XI 2015 година<br>Бр. 10-2211/15 |
| 6. | Ивана Клопчевска | „Човечките ресурси и менаџирање со стресот во организациите“ | „Human resources and managing stress in the companies“ | Проф. д-р Јован Пејковски | 30.XI 2015 година<br>Бр. 10-1534/15 |
| 7 | Анастасија Чочовска | „Тимска работа во јавната администрација: состојби и предизвици“ | „Teamwork in the public administration: status and challenges“ | проф. д-р Сунчица Димитријоска | 30.XI 2015 година<br>Бр. 10-1541/15 |
| 8. | Христина Ивановска | „Позицијата на бегалците во земјите од Западен | „The position of refugees in the countries of the | доц. д-р Тања | 30. XI 2015 година |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Балкан и случајот со бегалците од Сирија“ | Western Balkans and the case of refugees from Syria“ | Милошевск а | Бр. 10-2191/15 |
| 9. | Јовица Антовски | „Влијанието на стратегиските концепти на НАТО врз операциите за поддршка на мирот“ | „The influence of strategic concept of NATO over peace keeping operations“ | проф. д-р Марина Митревска | 30. XI 2015 година<br>Бр. 10-2287/15 |
| 10. | Јасмина Рафајловска | „Социјални фактори - причина за прекин на бременост“ | „Social factor-reason for abortion“ | проф. д-р Иван Трајков | 30.XI 2015 година<br>Бр.10-2286/15 |

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ – АНГЛИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје, објавен во весникот „Нова Македонија“ од 15 октомври 2015 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) наука за јазикот - англистика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 60, донесена на 4.11.2015, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Марија Јанева - Михајловска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, д-р Јованка Лазаревска – Станчевска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје и д-р Елени Бужаровска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Скопје. Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) наука за јазикот - англистика, по предметите современ англиски јазик и применета лингвистика, во предвидениот рок се пријави д-р Мери Лазаревска, виш лектор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

## 1.БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Мери Лазаревска е родена на 15.7.1962 година во Куманово. Средно образование завршила во Скопје во ДСУ „Корчагин“ на 10.6.1980 со одличен успех. Со високо образование се стекнала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје во 1988 година. Дипломирала на 26.9.1988 година, со просечен успех 8,05.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 1996/97 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Студиите ги завршила во 1998 година, со просечен успех 9. На 9.3.2005 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Лексичка повеќезначност кај правните термини во англискиот и во македонскиот јазик.*

Докторска дисертација пријавил во декември 2009 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Дисертацијата на тема: *Лексичко семантичките односи синонимија, хипонимија и хиперонимија кај правните термини во англискиот*

